# КАДЕ СЕ ПАРИТЕ од ИПА 2007-2013?

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

MCET

# КАДЕ СЕ ПАРИТЕ од ИПА 2007-2013?

**КАДЕ СЕ ПАРИТЕ ОД ИПА 2007 – 2013?**

**Издава:**

Фондација Отворено општество – Македонија

**За издавачот:**

Владимир Милчин, Извршен директор

**Уредници:**

Фани Каранфилова – Пановска

Кире Миловски

**Автор:**

Македонски центар за европско образование

**Ликовно-графичко обликување:**

Бригада дизајн

**Печат:**

Пропоинт

**Тираж:**

500 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

332.1:339.727.22(4-672ЕУ:497.7)”2007/2013”(048.84)

КАДЕ се парите од ИПА : 2007-2013 /
[уредници Фани Каранфилова-Пановска, Кире Миловски]. - Скопје
Фондација отворено општество - Македонија, 2013. - 172 стр. ; 24 см

ISBN 978-608-218-193-6

а) Европска унија - Фондови - Македонија - 2007-2013 COBISS.MK-ID 95180042

# ВОВЕД ЗА ИПА

Европскиот буџет се дефинира во седумгодишни циклуси таканаречени финансиски перспективи. Причината за тоа е едноставна – да се добие реална слика за она што се постигнало, бидејќи резултатите се мерливи дури по седум години. За таа цел, прво се дефинираат приоритетите, а потоа се утврдуваат индикаторите според кои ќе се мерат постигнатите резултати. Имајќи го предвид сево ова, Европската комисија (ЕК) ги изготвува инструментите со кои ќе ги исполни договорените цели. На тој начин се обезбедуваат познатите контроли (checks and balances) на системот, односно се проверува дали ЕК домаќински и ефикасно го реализирала буџетот и се идентификуваат проблемите, онаму каде што ги имало, со цел истите да се елиминираат во следната финансиска рамка (2014-2020). Секое потрошено евро мора да биде директно поврзано со целите утврдени од Советот и од Европскиот парламент (ЕП).

ИПА-проектите опфатени во оваа брошура произлегуваат од финансиската рамка на ЕУ за периодот 2007-2013, а средствата се наменети за трите цели дефинирани со таканаречената „Обновена лисабонска стратегија".

Првата цел гласи – „Подобрување на привлечноста на државите-членки, регионите и на градовите преку подобрување на пристапноста, обезбедување адекватен квалитет на услугите и преку заштита на животната средина". Тоа значи дека ЕУ инвестира во проширувањето и подобрувањето на транспортната мрежа, во зајакнувањето на синергијата меѓу заштитата на животната средина и порастот и дека ќе го решава проблемот на Европа со интензивното користење на традиционалните извори на енергија.

Втората цел – „Поттикнување на иновациите, претприемаштвото и економијата на знаење преку истражување и иновации, вклучувајќи ги и новите информатичко-комуникациски технологии (ИКТ)" – ЕК ја реализира со зголемени и подобрени инвестиции вложени во истражувањето и во развојот на технологиите, при што се поттикнуваат иновациите и се промовира претприемаштвото, со акцент на постигнување информатичко општество за сите и преку подобрување на пристапот до финансиите.

Последната, трета цел – „Создавање повеќе и подобри работни места" – ЕК ја остварува преку привлекување и задржување на луѓето во работен однос и со модернизација на системите за социјална заштита, со подобрување на адаптибилноста на работниците и на претпријатијата, како и на флексибилноста на пазарот на трудот, со зголемено инвестирање во човечкиот капитал, преку подобро образование и поголеми вештини, со зголемување на административниот капацитет на државите-членки и со обезбедување помош за одржување на здрава работна сила.

# 1

# ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ НА ЕУ

За да ги исполни овие цели, ЕК дизајнира два вида инструменти – оние за државите-членки на ЕУ и инструментите за таканаречената надворешна помош. Позначајни инструменти од првата група инструменти се: Европскиот фонд за регионален развој (European Regional Development Fund), Кохезиониот фонд (Cohesion Fund), Европскиот социјален фонд (European Social Fund), Европскиот земјоделски фонд за рурален развој (European Agricultural Fund for Rural Development), Европскиот земјоделски гарантен фонд (European Agricultural Guarantee Fund), Европскиот фонд за рибарство (European Fisheries Fund) и, конечно, таканаречените Програми на Унијата.

Надворешната помош е организирана во три групи инструменти. Првата група инструменти се петте географските инструменти: Инструментот за претпристапна помош - Instrument for Pre-accession Assistance IPA; Европскиот инструмент за политиката на соседството - European Neighbourhood Policy Instrument (ENPI); Инструментот за развојна соработка - Development Cooperation Instrument (DCI); Европскиот развоен фонд - European Development Fund (EDF), и Инструментот за соработка со индустријализираните држави.

**НАДВОРЕШНАТА ПОМОШ Е ОРГАНИЗИРАНА ВО ТРИ ГРУПИ НА ИНСТРУМЕНТИ**

Втората група инструменти се таканаречените хоризонтални или тематски инструменти, кои ги има 3: Инструментот за стабилност, хуманитарна помош (ECHO) и макро-финансиската помош.

Третата група инструменти се таканаречените тематски програми. Ги има 6+1 (Инструментот за човековите права и демократија).

# 2

# ПАРТНЕРСТВО И СОРАБОТКА

Партнерството и соработката на државите од Западен Балкан и ЕК најдобро се отсликува во дизајнирањето на ИПА. Уште при донесувањето на Регулативата за ИПА, како и на Правилата за нејзината имплементација, ЕК ги консултираше сите засегнати страни, во случајот државите (владите и администрациите) на Западен Балкан и на Турција.

ИПА нуди многу повеќе можности во споредба со претходните инструменти. Според ИПА-регулативата, овој инструмент може да се користи и за финансиски инвестиции, за субвенционирање на кредитните стапки, за добивање специјални заеми, за гаранции за заеми и финансиска помош, за буџетска поддршка и за други форми на буџетска помош, како влог во капиталот на меѓународните финансиски институции или на регионалните развојни банки..., како и за покривање на трошоците на Заедницата за учество во меѓународните мисии, иницијативи или организации кои се активни во интерес на државата-корисник.

**ИПА НУДИ МНОГУ ПОВЕЌЕ МОЖНОСТИ ВО СПОРЕДБА СО ПРЕТХОДНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ.**

3

# ПЕТ КОМПОНЕНТИ

При дизајнирањето на ИПА, ЕК задолжително прави евалуација на дотогашната примена на претходниот инструмент (во случајот, КАРДС) и ги утврдува таканаречените „Научени лекции“, со цел да се направат потребните корекции за да не се повторуваат истите грешки. Има повеќе научени лекции од примената на КАРДС, но најбитни се: а) ограничените административни капацитети на државите-кориснички; б) немањето чувство на сопственост врз проектите од страна на државите-кориснички; в) недостигот од финансиски средства, и г) отсуството на стратегиска рамка и проблем со лоша координација на донатори. Оттука, ИПА има пет компоненти:

- *Транзициска помош и градење на институциите* - со која ќе се градат потребните институции и ќе се работи на целосно исполнување на политичкиот критериум за членство во ЕУ (инаку, „транзициска“ овде значи „премин од држава-кандидатка во држава-членка на ЕУ);
- *Прекугранична соработка* – за поддршка на регионалната соработка и подготовки за користење на Европскиот регионален развоен фонд (ЕРРФ) по стапувањето во членство. Оваа компонента ќе помогне и за исполнување на барањата за воспоставување успешна регионална соработка, која произлегува како обврска од Процесот за стабилизација и асоцијација;
- *Регионален развој* – за развој на политиките (инфраструктура и животна средина), но и за спроведување на потребните подготовки за имплементација и управување со Европскиот регионален и развоен фонд (ЕРРФ) и со Кохезиониот фонд (КФ) по стапувањето во членство во ЕУ. Оваа компонента ќе помогне и за целосно исполнување на економските критериуми од Копенхаген;
- *Развој на човечките ресурси* – за развој на политиките (човечки капитал), но и за спроведување на потребните подготовки за имплементација и управување со Европскиот социјален фонд (ЕСФ) по стапувањето во членство во ЕУ. Оваа компонента ќе помогне во исполнувањето на обврските што произлегуваат од членството од Копенхаген, односно на правниот и, донекаде, на административниот критериум од Мадрид, и

- *Рурален развој* – за развој на политиките (земјоделска), но и за спроведување на потребните подготовки за имплементација и управување со Европскиот земјоделски фонд за рурален развој (ЕЗФРР) по стапувањето во членство во ЕУ. Оваа компонента ќе помогне во исполнувањето на правниот критериум од Копенхаген, особено ако се има предвид фактот дека речиси две третини од европското законодавство е поврзано со земјоделството и со заштитата на животната средина.

Но, сите држави-кориснички немаат потреба да градат капацитети за сите компоненти. Извесно е дека државите-кандидатки еден ден ќе бидат држави-членки на ЕУ, додека за потенцијалните држави-кандидатки сè уште не се знае. Затоа, за потенцијалните држави-кандидатки ИПА-инструментот предвидува пристап само до првите две компоненти, додека државите-кандидатки имаат пристап до сите пет компоненти.

Главната цел на ИПА е да им помогне на државите-кориснички во нивното усогласување со стандардите и со политиките на Европската унија, вклучувајќи го и законодавството на ЕУ, во процесот на нивното пристапување во ЕУ. Со други зборови, со помош на ИПА, овие држави ќе треба да ги исполнат претпристапните критериуми (политичките, економските и правните критериуми за членство во ЕУ од Копенхаген), преку зајакнување на капацитетот на администрацијата и нивно подготвување за правилно програмирање, управување и реализирање на структурните и на кохезионите фондови по пристапувањето во членство во ЕУ.

**ГЛАВНАТА ЦЕЛ НА ИПА Е ДА ИМ ПОМОГНЕ НА ДРЖАВИТЕ-КОРИСНИЧКИ ВО НИВНОТО УСОГЛАСУВАЊЕ СО СТАНДАРДИТЕ И ПОЛИТИКИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.**

# 4 ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНО УПРАВУВАЊЕ

Колку поблиску до ЕУ, толку поголема самостојност во трошењето на европската помош и толку поголеми капацитети за соодветно управување со неа. Европската помош се имплементира преку: а) централизирано управување (кога ЕК управува со помошта); б) децентрализирано управување (кога државата-корисник управува со својата помош); в) заедничко управување, и г) делегирано управување. Целта на ИПА е да постигне целосно децентрализирано управување, т.е. децентрализирано управување со склучувањето договори, давањето грантови и со плаќањето, и тоа само со *ex-post,* наместо со *ex-ante* контрола. Пристапот до компонентите III, IV и V е отворен само во случај на децентрализирано управување со ИПА. Со други зборови, покрај тоа што државите треба да имаат статус на држави-кандидатки, тие исто така треба да имаат воспоставено соодветна институционална инфраструктура, да имаат добиено акредитација од ЕК и, конечно, да имаат добиено таканаречен „пренос на управувањето“ (Conferral of Management).

Децентрализираното управување со средствата од ИПА е воспоставено со цел да се овозможи директно управување од страна на државите-кориснички. ИПА средствата ќе се управуваат на децентрализиран начин, веднаш штом тоа ќе биде можно, односно штом ќе бидат исполнети неопходните правни, административни и институционални предуслови низ процесот на акредитација. При децентрализирано управување со средствата од ИПА, ЕК делегира дел од своите овластувања на државата-корисничка, но притоа ја задржува крајната целокупна одговорност за генералното спроведување на исплатите од буџетот на ЕУ. Децентрализираното управување вклучува: спроведување на тендерските постапки, склучување договори и исплата на средствата.

Пред носењето на одлуката за пренесување на надлежностите за децентрализирано управување за конкретна компонента, програма или мерка, ЕК бара исполнување на критериумите определени со членот 56(2) од Регулативата (ЕК/Евроатом) бр. 1605/2002, кои се однесуваат на системите за управување и контрола, како и условот следните национални акредитации да бидат донесени и влезени во сила: Акредитација на т.н. *Национален координатор за авторизација* и на *Националниот фонд* и Акредитација на *Оперативната структура*. Пред конечното пренесување на

надлежностите за децентрализирано управување, ЕК повторно ги разгледува националните акредитации, постапките и структурите на секое од телата и органите кои се дел од структурата за управување со ИПА.

Одлуката за пренесување на надлежностите за децентрализираното управување со ИПА за имплементација на определена компонента/програма содржи листа на сите *ex ante* проверки кои ќе се вршат од страна на ЕК, а се поврзани со спроведувањето на тендерските постапки, објавувањата на јавните повици за доставување понуди, како и со доделувањето на грантовите и договорите. *Ex-ante* контролата ќе се применува - во зависност од компонентата, односно програмата - до моментот кога ЕК ќе даде дозвола управувањето да се врши без примена на *ex-ante* контрола, во согласност со членот 18 од Регулативата на Комисијата (ЕК) бр. 718/2007 (ИПА-регулативата).

Во случај на децентрализација без *ex ante* контрола од страна на ЕК, управувањето со ИПА-помошта е предмет на *ex-post* контроли, односно ИПА-помошта се користи на целосно децентрализиран начин.

Република Македонија има крајна цел да управува со ИПА на целосно децентрализиран начин без *ex-ante* контрола. Пренесувањето на надлежностите за децентрализираното управување со ИПА помошта без *ex-ante* контрола ќе се врши за секоја од компонентите поединечно. Пред исклучувањето на *ex-ante* контролите од процесите за имплементација на ИПА, утврдени во Одлуката на ЕК за пренесување на надлежностите за децентрализирано управување со ИПА-помошта, државите ќе треба да ги исполнат пропишаните услови за ефективно функционирање на системот за управување и контрола. ЕК ја следи имплементацијата на проектите и во согласност со договорениот план постепено ги исклучува различните видови *ex-ante* контрола. Во овој процес, ЕК треба во целост да ги земе предвид постигнатите резултати.

5

# ЃАВОЛОТ ЛЕЖИ ВО ПРОГРАМИРАЊЕТО

Многу често слушаме дека Македонија нема доволно добри проекти за финансирање. Тоа покажува колку малку се разбира суштината на претпристапниот инструмент и начинот на којшто тој е врзан со реформите во државата. Имено, не се аплицираат проекти кои би биле финансирани со европските средства, туку парите се програмираат во неколкугодишни циклуси и секогаш се тесно поврзани со реформите. Кога државите-кориснички не ги апсорбираат овие средства прават штета, бидејќи не користат неповратни средства. За жал, тоа е исто така индикатор дека реформите во државата се во застој!

Процесот на програмирање на средствата поминува низ неколку фази: 1) Утврдување на износот на средствата што ќе им бидат на располагање на сите држави-кориснички, по компоненти и по години, односно изготвување на таканаречената *Повеќегодишна индикативна финансиска рамка* (Multiannual Indicative Financial Framework – MIFF); 2) Идентификација на приоритетните области, односно изготвување на таканаречените *Документи за повеќегодишно индикативно планирање* (Multiannual Indicative Planning Documents - MIPDs), кои опфаќаат тригодишни периоди и секоја година поминуваат низ ревизија; 3) Подготовка на оперативните програми за сите компоненти поединечно; 4) Консултација во Брисел во сите генерални директорати; 5) Барање согласност од државите-членки на ниво на ИПА-комитетот; 6) Усвојување од страна на ЕК; 7) Потпишување финансиски договор, и 8) Тендерирање на проектите.

Уште едно битно правило што мора да се има предвид пред да започне процесот на програмирање е правилото n+2 за I и II компонента, односно правилото n+3 за компонентите III, IV и V, при што „n“ е годината на програмирање на средствата (или на преземање на буџетската обврска за таа година). Тоа значи дека парите треба да се стават во оптек две (или три) години по утврдувањето на финансиската обврска, зашто во спротивно се губат средствата.

На сликата подолу е графички прикажан процесот на програмирање на европските претпристапни средства од пакетот за проширување. Јасно се гледа дека процесот подразбира три различни нивоа на донесување одлуки, а на секое ниво му претходи процес на консултации на засегнатите

страни (владите, граѓанското општество и државите-членки). Така, на пример, Делегацијата на ЕК најмалку двапати (а по потреба и трипати) одржува консултации со граѓанскиот сектор во Македонија: еднаш за Документот за повеќегодишно индикативно планирање (MIPD), а вторпат за оперативната програма за I компонента на ИПА.

**СЛИКА 1** – Состав на пакетот на проширувањето




Најважниот документ, откако ќе се распределат вкупните средства по држави и по компоненти (MIFF), е MIPD, бидејќи во него се одредуваат секторите коишто ќе бидат финансирани во дадената временска рамка. Овој документ опфаќа тригодишен период и ги определува политичките приоритети за финансирање. Тој претставува „Библија“ за програмирањето и трошењето на средствата од ИПА. Даден проект не може да се финансира доколку не е споменат во MIPD. На пример, ако во MIPD не се споменати малите и средните претпријатија, тогаш ниту ЕК ниту Владата

нема да имаат легитимитет да конципираат проекти коишто би биле во насока на зајакнување и унапредување на претпријатијата.

Кај II КОМПОНЕНТА има повеќе оперативни програми, односно оперативни програми за сите држави со кои Македонија има заедничка граница (Грција, Албанија и Бугарија), и тие се однесуваат на периодот 2007-2013 година. Оперативните програми со Косово и со Србија поради политички причини се изготвуваат дури сега.

Кај III КОМПОНЕНТА, Оперативната програма за регионален развој на Република Македонија за периодот 2007-2009 беше изготвена во октомври 2007 година.

Оперативната програма за развој на човечките ресурси на Република Македонија – IV КОМПОНЕНТА на ИПА – исто така е донесена во 2007 година и го опфаќа периодот 2007-2013 година.

Оперативната програма за рурален развој (ИПАРД), односно V КОМПОНЕНТА на ИПА, е донесена во почетокот на 2008 и се однесува на периодот 2007-2013.

# 6

# ШТО ВЕЛАТ БРОЈКИТЕ?

Првата распределба на средствата што ја прави ЕК е поделбата на таканаречената Национална ИПА (National IPA), која пак се дели по поединечните држави, и таканаречената Повеќекорисничка ИПА (Multibeneficiary IPA) или попозната како Регионална ИПА. Националната ИПА потоа се дели според бројот на жители на државата, па оттука најмногу средства ќе се издвојат за Турција, а најмалку за Црна Гора. Подолу е табелата со распределените средства од ИПА по држави-корснички.

**ТАБЕЛА 1** - (MIFF) Финансиската рамка на ИПА, по држави и по години

| ИПА, (милиони евра) | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Хрватска | 141 | 146 | 151 | 154 | 157 | 160 | 163 |
| Македонија | 59 | 70 | 82 | 92 | 98 | 105 | 117 |
| Турција | 497 | 539 | 566 | 654 | 782 | 900 | 936 |
| Босна и Херцеговина | 62 | 75 | 89 | 105 | 107 | 109 | 112 |
| Србија | 190 | 191 | 195 | 198 | 202 | 206 | 215 |
| Црна Гора | 31 | 33 | 33 | 34 | 34 | 35 | 35 |
| Албанија | 61 | 71 | 81 | 93 | 94 | 96 | 98 |
| Косово | 68 | 185 | 106 | 67 | 69 | 70 | 74 |
| Регионални програми | 109 | 136 | 166 | 144 | 180 | 175 | 190 |
| Администрација | 45 | 52 | 48 | 53 | 75 | 81 | 85 |
| **ВКУПНО** | **1263** | **1498** | **1517** | **1594** | **1798** | **1937** | **2025** |

Од бројките гледаме дека ЕК испланирала постепено покачување на средствата од година во година кај сите држави-кориснички. Кај регионалните програми има речиси двојно зголемување на средствата што се на располагање гледајќи од 2007 до 2013 година, што се должи на фактот дека ЕК очекува државите-кориснички значително да ја подобрат меѓусебната соработка, што пак ќе се одрази и на апсорбирањето на средствата. Ситуацијата со Косово е исто така доста интересна. Овие невообичаено високи износи се наменети за финансирање на планот на Ахтисари.

Сепак, за да имаме појасна слика мора да ги погледнеме и да ги проанализираме алокациите по компоненти, како во следнава табела:

**ТАБЕЛА 2** - (MIFF) Финансиската рамка на ИПА по компоненти

| ИПА-компонента (милиони евра) | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Транзициска помош, градење институции | 737 | 866 | 798 | 749 | 771 | 785 | 804 |
| Прекугранична соработка | 39 | 52 | 55 | 55 | 65 | 65 | 67 |
| Регионален развој | 220 | 234 | 253 | 324 | 390 | 469 | 492 |
| Развој на човечките ресурси | 65 | 72 | 77 | 88 | 103 | 116 | 125 |
| Рурален развој | 48 | 85 | 122 | 170 | 215 | 244 | 262 |

И овде се очигледни неколку констатации. Најмногу средства се испрограмирани во првата компонента, бидејќи сите држави-кориснички користат средства од I и од II компонента на ИПА. Кај III компонента, а донекаде и кај IV компонента од ИПА имаме постепено зголемување на средствата, а во периодот од 2007 до 2013 година имаме двојно зголемување на средствата.

7

# КАДЕ СЕ ПАРИТЕ ЗА МАКЕДОНИЈА?

Оваа брошура дава пресек на средствата од Инструментот за претпристапна помош на ЕУ. Но, пред да навлеземе во поединечна анализа на компонентите, мора да ги разгледаме алокациите од ИПА по година и по компонента, за да знаеме точно колку од предвидените средства се на располагање, колку се искористени, колку чекаат да бидат повлечени, а колку се веќе изгубени.

**ТАБЕЛА 3** - (MIFF) Финансиската рамка по компоненти и години за Република Македонија

| ИПА-компонента (милиони евра) | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Транзициска помош, градење институции | 42 | 41 | 39 | 36 | 29 | 28 | 28 |
| Прекугранична соработка | 4 | 4 | 4 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Регионален развој | 7 | 12 | 21 | 29 | 39 | 42 | 52 |
| Развој на човечките ресурси | 3 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| Рурален развој | 2 | 7 | 10 | 13 | 16 | 19 | 21 |
| **ВКУПНО** | **58** | **70** | **81** | **91** | **98** | **104** | **117** |

Од табелата погоре може да се види дека Република Македонија има на располагање околу 620 милиони евра неповратни средства од ИПА за периодот 2007-2013 година. Средствата се најголеми кај првата компонента во првите две години (2007 и 2008), а потоа значително се зголемуваат средствата кај III, IV и V компонента, на сметка на I компонента. Кај Прекуграничната соработка, пак, ситуацијата е праволиниска – првата и втората година помалку пари додека да се изготват оперативните програми, а потоа зголемување од 25% сѐ до крајот на финансиската рамка.

Натаму, во оваа брошура се содржани сите проекти кои се веќе испрограмирани за Република Македонија во првата компонента (градење институциите и транзициска помош), и тоа од националната програма и од повеќекорисничката или регионалната програма. Со оглед на тоа дека ИПА е веќе целосно испрограмирана, овде се прави обид да се даде преглед на проектите поделени според Копенхагенските критериуми - политичкиот критериум (Собрание, Влада, реформа на јавната администрација, човековите права и малцинствата, судскиот систем, борбата против корупцијата, регионалните прашања и меѓународните обврски), економскиот критериум и правниот критериуми (поделен во 33 поглавја). Од испрограмираните проекти точно може да се види каде се вложени најмногу средства, а каде најмалку.

# ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Демократија и темелни права | 2.400.000 | 2008 |
| **2.** | Поддршка на граѓанскиот сектор во процесот на донесување одлуки и обезбедување социјални услуги | 1.200.000 | 2008 |
| **3.** | Промоција на активен сектор на граѓанското општество | 1.500.000 | 2009 |
| **4.** | Одржливо граѓанско општество | 1.507.500 | 2010 |
| **5.** | Институционална поддршка за имплементација на политики кои се релевантни за немнозинските заедници | 1.620.000 | 2010 |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **6.** | Поддршка на граѓанското општество во Македонија | 1.000.000 | 2011-2013 |
| **Вкупно за Македонија** | | | **9.227.500** |
| **1.** | Граѓанско општество – хоризонтални активности | 13.800.000 | 2008 |
| **2.** | Инструмент за поддршка на граѓанско општество – Партнерски акции меѓу: 1) Социо-економски партнери, 2) Малцински/ранливи групи и организации и 3) Културни организации | 10.000.000 | 2009 |
| **3.** | Инструмент за поддршка на граѓанското општество | 12.000.000 | 2010 |
| **4.** | Поддршка на граѓанското општество на Западен Балкан | 31.700.000 | 2011-2013 |
| **5.** | Од луѓето за луѓето | 2.600.00 | 2011-2013 |
| **Вкупно од повеќекорисничка ИПА** | | **70.100.000** | |
| **СÈ ВКУПНО** | | **79.327.500** | |

## 1. ДЕМОКРАТИЈА И ТЕМЕЛНИ ПРАВА (2,4 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2008

**ЦЕЛ** – Да обезбеди техничка и материјална помош за приоритетните институции, кои имаат клучна улога при обезбедувањето соодветно ниво на транспарентност и одговорност и кои ги заштитуваат темелните права на граѓаните.

Проектот ќе се одвива во четири главни компоненти, и тоа:

- Парламентот;
- Дирекцијата за заштита на личните податоци;
- Омбудсманот, и
- Одделението за спроведување на Ромската декада.

## 2. ПОДДРШКА НА УЧЕСТВОТО НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ И ПРИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ (1,2 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2008

**ЦЕЛ** – Поддршка на имплементацијата на стратегијата за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и подобрување на вклученоста на граѓанското општество во процесот на креирање на политиките, особено оние кои се поврзани со евроинтегративниот процес. Исто така, проектот ќе овозможи учество на граѓанското општество во обезбедувањето социјална помош.

Во рамките на проектот ќе се исполнат следниве активности:

- обезбедување техничка помош за Одделението за соработка со НВО во Генералниот секретаријат, заради имплементација на Стратегијата за соработка меѓу Владата и граѓанскиот сектор;
- градење на капацитетите за ефективно и ефикасно управување со грант-шемите, и
- дизајнирање грант-шема.

## 3. ПРОМОЦИЈА НА АКТИВЕН СЕКТОР НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО (1,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Зајакнување на капацитетот на секторот на граѓанското општество во борбата против корупцијата и организираниот криминал и заштитата на човековите права, како и управување и вмрежување на НВО, вклучувајќи и заедничка имплементација на активности и социјални услуги кои потекнуваат од заедницата, мобилизација на ресурси, волонтерска работа, институционална соработка меѓу НВО и меѓу НВО и локалната самоуправа.

Проектот ќе се спроведе преку грант-шеми во областите на:

- Активно учество на НВО во борбата против корупцијата и организираниот криминал;
- НВО демонстрираат поголеми капацитети во своето управување, што може да се види од бројот на заедничките активности, средствата генерирани од други извори, бројот на активните волонтери во НВО, како и координативните механизми кои се оперативни меѓу самите НВО и меѓу НВО и локалните самоуправи;
- Подобрена јавна свест за заштитата на човековите права, што може да се види од бројот на луѓето до кои се допре преку активностите за подигање на свеста.

## 4. ОДРЖЛИВО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО (1,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Зајакнување на административните капацитети за соработка со организациите на граѓанското општество на локално ниво, како и зајакнување на самиот сектор преку градење внатрешен капацитет за самоодржливост и зајакната улога на ОГО во процесот на донесување на одлуките на локално ниво.

Проектот ќе се спроведе преку грант-шема во областите на:

- Зајакнување на учеството на ОГО во процесот на донесување на одлуките на локално ниво, во спроведувањето на националната политика за регионален и земјоделски развој и зајакнување на финансиската независност преку развој на филантропски иницијативи со бизнис-секторот;

- Заштита на човековите права (вклучувајќи и антидискриминација и поддршка за спроведување на Националната стратегија за млади (младински културни проекти, мобилност на младите и интеркултурна соработка).

## 5. ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПОЛИТИКИТЕ КОИ СЕ РЕЛЕВАНТНИ ЗА НЕМНОЗИНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ (1,62 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Обезбедување техничка поддршка за клучните институции вклучени во имплементацијата на политиките кои се релевантни за немнозинските заедници, како што е имплементацијата на охридскиот Рамковен договор, во смисла на немнозинските заедници, како и спроведувањето на Ромската декада, нововоспоставената Агенција за заштита на малцинствата што се помалку 20% од населението и зајакнување на капацитетот на телото одговорно за спроведување на Законот против дискриминацијата.

## 6. ЈАКНЕЊЕ НА ФИНАНСИСКАТА ОДРЖЛИВОСТ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР (1,2 МИЛИОНИ ЕВРА) ИПА 2011

**ЦЕЛ** – Поддршка на финансиската одржливост на граѓанскиот сектор преку подобрено спроведување на законодавството за финансиската рамка. Ќе се спроведат грант-шеми во следниве области:

- Поддршка за имплементација на финансиската рамка;
- Подигање на јавната свест за важноста на филантропијата, волонтерството, општествената одговорност, соработка со бизнис-секторот и спроведување на Ромската декада и инклузија, и
- Поддршка на активностите кои се поврзани со обезбедувањето едукација и обука за статусот од јавен интерес и спроведување економски активности од страна на организациите на граѓанското општество.

# 7. ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА (1 МИЛИОН ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011-2013

## I. РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО – ХОРИЗОНТАЛНИ АКТИВНОСТИ (13,8 МИЛИОНИ ЕВРА) - ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2008 НАМЕНЕТА ЗА АЛБАНИЈА, БИХ, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И КОСОВО И ТУРЦИЈА

**ЦЕЛ** – Зајакнување на граѓанското општество во една партиципативна демократија која стимулира култура и средина која е пријателски настроена кон граѓанското општество. Проектот ќе овозможи:

- постојана промоција и зајакнување на отчетноста и кредибилитетот на граѓанското општество, како и подобрување на институционалните и оперативните капацитети на организациите на граѓанското општество (ОГО) во однос на сите засегнати страни во регионот и во ЕУ - од општата јавност до оние кои донесуваат одлуки;
- зајакнување на дијалогот и градење цврсти врски меѓу ОГО во регионот и во ЕУ;
- поттикнување на одржливи партнерства и мрежи на ОГО, вклучувајќи ги и јавните власти;
- промоција на трансфер на знаење и искуства;
- развој на улогата за застапување и лобирање на ОГО во поддршката на демократските прашања и нудење совети за граѓаните и за властите;
- поттикнување на улогата на ОГО во донесувањето и имплементацијата на европското законодавство во областите каде што тие играат важна улога;
- подигање на јавната свест за учеството и улогата на ОГО во демократскиот процес.

Проектот има 3 компоненти: 1) Техничка помош (8 милиони евра); 2) Програмата Од луѓето за луѓето (2 милиони евра), и 3) Партнерски акции (3,8 милиони евра).

## II. ИНСТРУМЕНТ ЗА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО – ПАРТНЕРСКИ АКЦИИ МЕЃУ: 1. СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ПАРТНЕРИ; 2. МАЛЦИНСКИТЕ/РАНЛИВИТЕ ГРУПИ И ОРГАНИЗАЦИИ, И 3) КУЛТУРНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ (10 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Зајакнување на граѓанското општество во партиципативна демократија, стимулирајќи средина и култура наклонета кон граѓанското општество. Целта на проектот е да развие силно регионално партнерство и дијалог меѓу ОГО од регионот и оние од ЕУ и јавните власти, но и да ја зајакне транспарентноста и одговорноста на ОГО. Проектот особено ќе помогне да се постигне сектор кој ќе работи професионално, нови мрежи на ОГО, заеднички стратегии и иницијативи, подобар квалитет на услугите и дисеминација на заедничките вредности во регионот, поголема поддршка за демократските вредности, вклучувајќи го и подигањето на свеста на граѓаните и на јавните институции за релевантните прашања, по пат на интеркултурен дијалог.

**КАЈ СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ПАРТНЕРИ,** со проектот ќе се постигне: 1) зголемено учество на ОГО во донесувањето на одлуките, имплементацијата и мониторингот на политиките; 2) зголемена соработка меѓу самите ОГО и меѓу ОГО и јавните власти, и 3) зголемено разбирање меѓу работодавците и вработените за влијанието и важноста на релевантното ЕУ-законодавство.

**КАЈ МАЛЦИНСКИТЕ/РАНЛИВИТЕ ГРУПИ И ОРГАНИЗАЦИИ,** проектот има за цел да постигне: 1) поспособни ОГО кои лобираат и обезбедуваат информации и стратегиски совети за засегнатите страни; 2) ОГО кои подобро соработуваат со властите, со посебен фокус на имплементацијата на компатибилни мерки за подобро интегрирање на малцинските и на ранливите групи, особено децата и на младите; 3) општество свесно за условите на целните групи и за релевантните правни и политички прашања; 4) зголемено учество на ОГО во прашањата за и околу граѓанското општество; 5) воспоставена регионална мрежа како одржлива алатка за концентрација на ресурси (експертиза, научени лекции, најдобри практики), и 6) постигнат консензус за утврдување репери и индикатори за насочување на напредокот во развојот на политиките.

**КАЈ КУЛТУРНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ** ќе се подобри пристапот до сите видови култура, со посебен фокус на младите, ќе се зајакне европскиот идентитет врз основа на заедничките вредности, ќе се развијат интра/интеррегионални културни иницијативи и партнерства, ќе се зголемат капацитетите за вмрежување на ОГО од Западен Балкан и оние од Турција и од ЕУ и ќе се зголеми вклученоста на културните оператори во развојот на културната политика.

## III. ИНСТРУМЕНТ ЗА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО (12 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Зајакнување на граѓанското општество во партиципативните демократии и стимулирање на средина и култура која е пријателски настроена кон граѓанското општество. Проектот се состои од три дела, и тоа:

### 1. ТЕХНИЧКА ПОМОШ ФАЗА II (6,7 МИЛИОНИ ЕВРА)

Со техничката помош натаму ќе се зајакнува професионалниот капацитет на ОГО, а ОГО се организираат за да ја одиграат улогата на вршители на влијание во формулирањето на јавните политики на локално, национално, регионално и на ниво на ЕУ. Ќе се подигнува јавната свест за должноста и правата на ОГО, ќе се зајакнува соработката и вмрежувањето на ОГО од државите-кориснички со оние од државите-членки на ЕУ, ќе се зголеми разбирањето на ЕУ од страна на ОГО и ќе се развиваат заеднички регионални принципи, вредности и добри практики.

### 2. ПРОГРАМАТА ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ГРАЃАНИТЕ (2 МИЛИОНА ЕВРА)

Со оваа програма ќе се постигне подобра соработка меѓу ОГО од регионот со оние од ЕУ, поголемо разбирање за ЕУ-прашањата и темите, како и за процесот на пристапување во ЕУ, што долгорочно ќе доведе до канали за добивање информации и одржливи проекти, ќе го зголеми учеството на граѓаните во активностите на ОГО, а ќе се отвори и простор за значително влијание врз процесите на креирање на националните јавни политики и за лобирање во рамките на регионот и во ЕУ. Проектот ќе воспостави и информациски систем низ целиот регион.

### 3. ПАРТНЕРСКИ АКЦИИ НА ОГО (1,65 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА ЗАСИЛУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ И 1,65 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ОД НАСИЛСТВО)

Со партнерските акции ќе се зголеми свеста за стандардите на ЕУ за родовата еднаквост во регионот, ќе се зајакнат капацитетите на ОГО за вршење мониторинг на регионалниот напредок, за соработка и за споделување на знаењето и искуството со нивните партнерски организации од регионот и од ЕУ, ќе се подобрат и интеракциите меѓу ОГО и донесувачите на одлуките, со користење на најдобрите практики од ЕУ, и ќе се воспостави информациски систем во регионот.

Партнерските проекти за заштита на децата од насилство ќе ги зајакнат системите за мониторинг, а ќе се зајакнат и капацитетите на ОГО кои работат со ранливите семејства, особено со мајките и децата. Проектите, исто така, ќе ја подигнат свеста за условите во кои живеат децата и ќе поттикнуваат на заеднички акции преку мрежите и организациите на регионално ниво и на ниво на ЕУ, а ќе се засилат и интеракциите меѓу ОГО и донесувачите на одлуките.

## IV. ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН (31,7 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011-2013

Целта на проектот е да ги зајакне капацитетите на граѓанското општество во државите од Западен Балкан и во Турција, како и нивната прекугранична соработка, сè со цел подобро стратегиско мониторирање, застапување и комуницирање со засегнатите страни за прашањата кои се релевантни за темелните права и кои се поврзани со ЕУ-законодавството. Проектот ќе се спроведе преку 4 компоненти:

### 1. КОМПОНЕНТА – ПАРТНЕРСКИ ПРОГРАМИ

Ќе се даде поддршка на долгорочните граѓански партнерства и ќе се изготват алатки за спроведување активности за застапување, подигање на свеста и градење на членството. Буџетот за првите две години е 10,2 милиони евра;

### 2. КОМПОНЕНТА – ТЕХНИЧКА ПОМОШ

Ќе се развива капацитетот на граѓанските организации за анализа на потребите и за евалуации, ќе се развиваат тематски мрежни програми и ќе се идентификуваат можностите за прекугранична соработка. Постои можност оваа компонента да се прошири и на Исланд;

### 3. КОМПОНЕНТА – МЕДИУМИТЕ И СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕТО

Оваа компонента ќе се занимава со прашањето на слободата на изразувањето и медиумите и ќе ги гради капацитетите на новинарите. Ќе се спроведе преку:

А) Договор со UNESCO за проектот „Усогласување со меѓународните стандарди во секторот медиуми во југоисточноевропските држави, со буџет од 5 милиони евра;

Б) Доделување награди за истражувачко новинарство. Ќе се објават два различни повика со индикативен буџет од по 165.000 евра, и

В) Повик за предлог-проекти (или доделување директен грант), и тоа со следниов индикативен буџет - 835.000 евра (2012) и 335.000 евра (2013).

### 4. КОМПОНЕНТА – ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОПСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ

Ќе се обезбеди поддршка на граѓанските организации, за тие да можат да се зафатат со регионалните приоритети идентификувани во извештаите за напредокот на Европската комисија, како и во Стратегиите за проширување. Оваа компонента ќе се спроведе преку:

А) Директен грант во вредност од 300.000 евра на Comunita di Sant Egidio за проектот „Живеење заедно на Балканот 2012“, и

Б) Повик за проекти – објавен во почетокот на 2013 година за индикативен буџет од 0,5 милиони евра (од средствата предвидени за 2013 година).

## V. ОД ЛУЃЕТО ЗА ЛУЃЕТО (2,6 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011-2013

Со овој дел од средствата ќе им се помогне на организациите на граѓанското општество да се запознаат со ЕУ-институциите, политиките и процесите за донесување одлуки, но и ќе им понуди можности на граѓанските организации да се вмрежуваат со своите национални, регионални и европски партнерски организации. Ќе се спроведува преку ТАЕКС програмата, главно преку студиски посети, конференции и работилници. Вкупниот буџет е 2,6 милиони евра, од кои 1 милион евра од 2012 и 1,6 милиони евра од 2013 година.

## VI. ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА (1 МИЛИОН ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011-2013

Целта на програмата е да го зајакне влијанието на граѓанските организации во јавните политики и во деловите кои се поврзани со ЕУ-законодавството, за да постигне поголем придонес на актерите од граѓанското општество во исполнувањето на критериумите за членство во ЕУ. Ќе има два повика за проекти, со индикативен буџет од 0,5 милиони евра годишно (2012 и 2013). Од граѓанските организации ќе се бара да воспоставуваат мрежи и да спроведат регрантирање.

# ПАРЛАМЕНТ

Делот од политичките критериуми што се однесува на Парламентот се состои од три дела, и тоа: 1) Избори; 2) Парламент, и 3) Политички дијалог. Македонија има на располагање само 1 милион евра, и тоа од Повеќекорисничката ИПА. што може да се види од следнава табела:

| Повеќекорисничка ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Соработка на парламентите на државите од Западен Балкан и од Турција – Поддршка на Парламентарниот форум во Цетиње | 1.000.000 | 2012 |
| **Вкупно за Македонија** | | 1.000.000 | |

## I. СОРАБОТКА НА ПАРЛАМЕНТИТЕ НА ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ОД ТУРЦИЈА – ПОДДРШКА НА ПАРЛАМЕНТАРНИОТ ФОРУМ ВО ЦЕТИЊЕ (1 МИЛИОН ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2012

Целта на проектот е да се зајакне регионалната соработка со постојните механизми, така што Парламентарниот форум во Цетиње би станал место за координација на парламентарните активности поврзани со европското законодавство преку институционализација на одржлив Секретаријат. Парламентите на државите од Западен Балкан и од Турција треба да станат поефективни за да се подобри регионалната парламентарна соработка во однос на прашањата како што се отчетност, транспарентност и европска интеграција.

# ВЛАДА

Делот од политичките критериуми што се однесува на Владата се состои од два дела, и тоа: 1) Влада, и 2) Децентрализација. Македонија има на располагање 2.990.000 милиони евра и тоа за два проекта од Националната ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Градење ефективна и демократска локална самоуправа | 990.000 | 2009 |
| **2.** | Децентрализација на локално ниво | 2.000.000 | 2012-2013 |
| **Вкупно** | | **2.990.000** | |

## 1. ГРАДЕЊЕ ЕФЕКТИВНА И ДЕМОКРАТСКА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА (990.000 ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Општа цел е да се придонесе кон подобрувањето на квалитетот и пристапноста на јавните услуги што се нудат на општинско ниво, преку обезбедување поддршка на Министерството за локална самоуправа. Конкретната цел е да се подобри капацитетот на селектиран број општини за преземање на надлежностите што произлегуваат од имплементацијата на Законот за локалната самоуправа. Проектот има две компоненти:

КОМПОНЕНТА 1: Развој на капацитетот на Министерството за локална самоуправа за подобро да го координира спроведувањето на процесот на децентрализација, учество на ЗЕЛС во клучните тела за децентрализација, како и развој на капацитетите на општините за ефективна имплементација на пренесените надлежности, и

КОМПОНЕНТА 2: Воспоставување на дополнителен број општински услужни центри.

## 2. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО, СЕКТОР „ДРУГО ЕУ-ЗАКОНОДАВСТВО И ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА“ (2 МИЛИОНА ЕВРА), ИПА 2012-2013

Целта на овој проект е да го консолидира системот на локалната самоуправа, за да обезбеди инклузивно владеење, но и да создаде општини кои се живи и каде што има активни граѓани кои сакаат да се вклучат во целокупниот раст на државата. Во фокусот на проектот ќе биде создавањето средина која креира работни места и која е подготвена да се справи со предизвиците на животната средина. Сегашната платформа за локален развој и институционалната рамка ќе се зајакнат и ќе се усогласат со оние во државите-членки на ЕУ. Проектот се надоврзува на резултатите очекувани во областите „Реформа на јавната администрација“ и „Развој на приватниот сектор“, градејќи транспарентни, професионални и независни локални демократии кои обезбедуваат ефикасни локални јавни услуги за граѓаните и гарантираат предвидлива локална бизнис-средина за бизнисите и за инвестициите. (Целото секторско фише можете да го видите во Поглавје 25 – Наука и истражување).

# РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Делот од политичките критериуми што се однесува на реформата на јавната администрација се состои од три дела, и тоа: 1) Општо; 2) Агенција за државни службеници, и 3) Административен капацитет за управување со човечки ресурси. Македонија има на располагање околу 15 милиони евра од Националната ИПА, распоредени во шест проекти. Во Повеќекорисничката ИПА има околу 46 милиони евра или 5 проекти, кои се на располагање за сите држави од Западен Балкан и од Турција. Тоа може да се види од следнава табела:

| **Национална ИПА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Реформа на јавната администрација | 2.000.000 | 2007 |
| **2.** | Техничка помош на Агенцијата за државни службеници и зајакнување на имплементацијата на националниот систем за координација на обуките | 990.000 | 2009 |
| **3.** | Техничка помош за институциите одговорни за спроведувањето на граѓанските услуги и на реформата на јавната администрација | 2.125.000 | 2010 |
| **4.** | Имплементација на Акцискиот план од Стратегијата за реформа на јавната администрација од 2010 година и на Националната стратегија за е-Влада | 2.250.000 | 2011 |
| **5.** | Подобрување на капацитетите на инспекторатите и воспоставување е-Инспекторати и е-задачи, 1.275.000 евра | 1.275.000 | 2011 |
| **6.** | Реформа на јавната администрација | 6.410.000 | 2012-2013 |
| **Вкупно** | | **15.050.000** | |

| Повеќекорисничка ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Регионална школа за јавна администрација (Regional School of Public Administration -ReSPA) | 4.400.000 | 2009 |
| **2.** | Подобрување на владеењето и управувањето во Западен Балкан и во Турција | 10.000.000 | 2010 |
| **3.** | Поддршка на локалната администрација | 338.000 | 2011 |
| **4.** | Регионална школа за јавна администрација | 6.000.000 | 2012 |
| **5.** | Подобрување на владеењето и управувањето (СИГМА) | 10.000.000 | 2013 |
| **Вкупно од повеќекорисничка ИПА** | | **45.788.000** | |
| **СЀ ВКУПНО** | | **60.838.000** | |

## 1. РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА (2 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2007

**ЦЕЛ** – да придонесе кон градењето професионална јавна администрација која правилно ќе го применува националното право, ќе обезбедува квалитетни услуги за граѓаните на транспарентен начин, водејќи сметка за ЕУ-регулативата и најдобрите практики, односно јавна администрација која ќе ја ужива довербата на граѓаните.

КОМПОНЕНТА 1: Натамошно зајакнување на развојот и имплементацијата на стратегијата за реформа на јавната администрација преку:

- нова (ажурирана) стратегија за реформа на јавната администрација;
- обучен кадар (со студиски посети) за методологијата за развој на стратегијата за реформа на јавната администрација и за клучните елементи на таквата стратегија;
- јавни дебати за стратегијата (пред нејзиното донесување), и
- изграден капацитет за мониторинг на имплементацијата на новата стратегија.

КОМПОНЕНТА 2: Градење на капацитетите на Генералниот секретаријат (и ресорните министерства) за стратегиско планирање и за развој на политиките, за мониторинг и за координација преку:

- развиени организациони структури кои се потребни за следење и спроведување на функцијата за координација и скенирање, за да се гарантираат добро испланирани, буџетирани и координирани политики, релевантни за барањата на ЕУ;

- кадарот во министерствата и во другите административни тела да поседува вештини кои се потребни за стратегиско планирање и за процесите за развој на политиките, и
- обучени (преку студиски посети) државни службеници во Генералниот секретаријат, кои ќе можат да прават проверки на политиките и на предлозите доставени до Владата.

КОМПОНЕНТА 3: Сектор за спроведување на охридскиот Рамковен договор – правична застапеност

- имплементација на Стратегијата за правична застапеност, вклучувајќи акционен план ажуриран на годишна основа;
- зголемен капацитет на кадарот во Секторот за стратегиско планирање и последователна имплементација на активностите, вклучувајќи и студиски посети и регионално вмрежување, и
- воспоставен механизам за координација со другите владини единици и со другите недржавни актери за имплементација на Стратегијата за правична застапеност.

КОМПОНЕНТА 4: Сектор за анализа на политиките и за координација (Одделение за соработка со НВО) – граѓанско општество

- ревизија на имплементацијата на стратегијата во 2009;
- зголемен капацитет на кадарот во Одделението, вклучувајќи и студиска посета, за имплементација на активностите според Акциониот план, како и активностите поврзани со новиот Закон за здруженијата на граѓаните и фондациите;
- воспоставени координативни механизми со другите владини единици релевантни за имплементацијата на стратегијата за граѓанското општество и натамошно зајакнување на аспектите на регионалното вмрежување, и
- воспоставени механизми за комуникација со недржавните актери релевантни за имплементација на стратегијата за граѓанското општество во однос на ревизијата на стратегијата 2009.

КОМПОНЕНТА 5: Агенција за државни службеници – Развој на човечките ресурси

- градење на капацитетите на АДС за развој на човечките ресурси (РЧР), вклучувајќи го и зајакнувањето на внатрешните капацитети за управување со обуката и за стратегиско планирање и спроведување на последователни активности;
- воспоставени механизми за координација со другите владини единици релевантни за спроведување на активностите од областа на управувањето со човечките ресурси, и
- градење на капацитетите за зајакнување на имплементацијата на Националниот систем за координација на обуката.

## 2. ТЕХНИЧКА ПОМОШ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СИСТЕМ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА ОБУКИТЕ (990.000 ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Развој на компетентна, ефикасна, отчетна и етичка јавна служба која нуди транспарентни и квалитетни услуги за граѓаните и за бизнисите. Конкретна цел на проектот е зајакнување на капацитетите на Агенцијата за државни службеници за промоција на развојот на човечките ресурси во јавната администрација, заради подобрување на работата на државните службеници. Проектот има две компоненти:

КОМПОНЕНТА 1: Имплементација на националниот систем за координација на обуката, како и на Стратегијата за обука на државните службеници, и

КОМПОНЕНТА 2: Имплементација на стратегии, политики, закони и подзаконски акти поврзани со управувањето со јавната служба.

## 3. ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА ИНСТИТУЦИИТЕ ОДГОВОРНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ГРАЃАНСКИТЕ УСЛУГИ И НА РЕФОРМАТА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА (2.12 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Јакнење на институционалните капацитети на професионалната граѓанска служба и за реформирање на јавната администрација. Со проектот ќе се обезбеди регрутирање и напредување на државните службеници во кариерата, натамошен развој на системот за напредување врз основа на заслугите, целосно спроведување на Законот за државните службеници и натамошно зајакнување на капацитетот во различни области. Проектот ќе се надоврзе на ИПА 2007 и ќе се фокусира на воведувањето високи стандарди за менаџментот и за учинокот на државната администрација. Се очекува позитивно влијание од подобрената транспарентност и соработка со граѓанското општество.

## 4. ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ОД СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ОД 2010 ГОДИНА, КАКО И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА Е-ВЛАДА (2.25 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2011

**ЦЕЛ** – Поддршка на спроведувањето на Акцискиот план заради подобрување на ефикасноста и ефективноста на јавната администрација, создавање нови инструменти за подобро управување

со процесот и обезбедување на потребните ресурси за имплементација, мониторинг и евалуација на реформата. Исто така, ќе се преземат мерки за воспоставување рамка за управување со ИТ-проектите и политиките, како и за спроведување на е-услуги. Со успешно спроведување на повеќе ИКТ-стандарди ќе се овозможи ефикасно користење на ИКТ во целата администрација, како и поедноставување на процесите. Проектот има и компонента за едукација и обука, при што ќе се развијат вештините на човечките ресурси за спроведување на е-Влада.

## 5. ПОДОБРУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ИНСПЕКТОРАТИТЕ И ВОСПОСТАВУВАЊЕ Е-ИНСПЕКТОРАТИ И Е-ЗАДАЧИ (1.27 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2011

**ЦЕЛ** – Зајакнување на техничките капацитети на администрацијата на Државниот административен инспекторат и на Советот за инспекција за координација на инспекторатите, како и на формираните е-инспекторати, и на електронскиот систем за е-задачи, со што ќе се обезбеди неселективен пристап на инспекторатите при вршењето на контролата и ќе се придонесе кон поголема ефективност, унификација и контрола на работата на државните инспекторати. Проектот ќе ја подобри деловната средина со воспоставување електронско решение што ќе гарантира неселективна контрола.

## 6. СЕКТОР - РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА (6,41 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2012-2013

Целта на овој секторски план е модернизација на администрацијата преку зајакнување на транспарентноста, отчетноста и вклученоста на граѓанското општество, со цел да се придонесе во креирањето услови за поголема промена што ќе доведе до посилен систем на баланс меѓу извршната, законодавната и судската власт. Проектот има три компоненти:

КОМПОНЕНТА 1: Поддршка на Министерството за информатичко општество и јавна администрација во имплементацијата на политиките за е-влада (Техничка помош во вредност од 1,35 милиони евра и набавки во вредност од 0,325 милиони евра);

КОМПОНЕНТА 2: Поддршка на Министерството за информатичко општество и јавна администрација во подобрувањето на законската рамка, во создавањето внатрешен пазар за јавната администрација, воведувањето систем за управување со резултатите и за мерење на резултатите итн. (Техничка помош во вредност од 450.000 евра, како и набавки во вредност од 0,75 милиони евра).

КОМПОНЕНТА 3: Зајакнување на капацитетите на Министерството за информатичко општество и јавна администрација за координација на хоризонталните политики. Проектот, исто така, ќе го поддржи развојот на информатичкото општество, вклучувајќи го и секторот за ЕУ.

КОМПОНЕНТА 4: Техничка помош на Генералниот секретаријат на Владата за натамошна соработка со граѓанските организации. Ќе се работи на институционализација на тело кое ќе биде одговорно за развој и мониторинг на јавните политики релевантни за граѓанските организации (техничка помош во вредност од 450.000 евра и грант-шема во вредност од 1,5 милиони евра). Видете го делот „Демократија и владеење на правото“.

КОМПОНЕНТА 5: Техничка помош за зајакнување на капацитетите на Државниот завод за ревизија. Со проектот ќе се подобри надворешната комуникација на институцијата, ефикасноста во планирањето на ревизиите, континуираниот развој на професионалните и на техничките вештини на ревизорите и на управата, подобра соработка на ДЗР и на Собранието, надградба на ИТ-системите итн. (Проектот предвидува твининг во вредност од 1,33 милиони евра и набавки вредни 150.000 евра).

## I. ПОДДРШКА НА РЕГИОНАЛНАТА ШКОЛА ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА (REGIONAL SCHOOL OF PUBLIC ADMINISTRATION - RESPA), (4,4 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Да се подобри регионалната соработка на полето на јавната администрација, преку зајакнување на административниот капацитет потребен за процесот на европските интеграции и преку развојот на човечките ресурси, во согласност со принципите на Европскиот административен простор. Проектот ќе ѝ помогне на ReSPA во реализацијата на професионалната обука и други активности поврзани со зајакнувањето на капацитетите на јавните службеници заради надградување на професионализмот на државните служби и промоција на европските интеграции во Југоисточна Европа.

## II. ПОДДРШКА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕТО И УПРАВУВАЊЕТО ВО ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ВО ТУРЦИЈА (10 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2010

**ЦЕЛ – Да придонесе кон развојот на системите за** јавно владеење и на административните капацитети што се потребни за членството во ЕУ и за имплементирање на европските закони во

средина која се темели врз вредностите специфицирани со Копенхагенските критериуми, како што се сигурност, одговорност, транспарентност, ефикасност, правна сигурност и интегритет. Проектот ќе придонесе кон надградување на оперативните капацитети и професионализмот на јавните администрации на државите од Западен Балкан и во Турција. Проектот ќе го спроведува СИГМА и ќе се постигнат следниве резултати:

- Зацврстени централни системи за управување на корисниците, во формална смисла, но и во имплементацијата;
- Постабилни и попрофесионални јавни услуги, кои се исто така подостапни за потенцијалните квалификувани вработени, и
- Подобрено споделување на информациите меѓу државите-кориснички и Комисијата, вклучувајќи ги и делегациите.

## III. ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА (338.000 ЕВРА), ИПА 2011

Целта на овој проект е да ја подигне свеста и да овозможи размена на искуства заради подобрување на знаењето и вештините на претставниците од локалната администрација, како и од регионите во врска со европската интеграција и процесот на пристапување во ЕУ. Овој проект ќе го спроведува Комисијата преку ТАЕКС програмата.

## IV. РЕГИОНАЛНА ШКОЛА ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА (6 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2012

Целта на проектот е да го зајакне административниот капацитет во согласност со правилата на Европскиот административен простор. Проектот има три компоненти:

КОМПОНЕНТА 1: **Финансирање на активностите на школата за јавна администрација** (ReSPA), преку директен грант во вредност од 3,5 милиони евра, кој треба да биде доделен најдоцна до ноември 2012 година. Грантот се доделува за спроведувањето на Годишната програма на школата.

КОМПОНЕНТА 2: Стратегиско планирање и буџетирање

Оваа компонента ќе се спроведе преку директен грант за Центарот за финансиска извонредност (Centre of Excellence in Finance – CEF) од Љубљана, во вредност од 1 милион евра во третиот квартал од 2012 година.

**КОМПОНЕНТА 3:** Зајакнување на демократското владеење и на довербата во јавните служби – Квалитет на јавните служби

Во последниот квартал од 2012 година, ќе се распише тендер за услуги во вредност од 1,5 милиони евра. Целта на проектот е да обезбеди обука и совети за надградување на административната култура и за мерење на квалитетот на испорачаните услуги.

## V. ПОДДРШКА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕТО И УПРАВУВАЊЕТО (СИГМА), (10 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2013

**ЦЕЛ** – Да придонесе кон развојот на поодржливи реформи на јавното владеење и да ги зајакне системите за јавно владеење во регионот во сите аспекти (интегритет, предвидливост, отчетност, законитост и транспарентност) и да обезбеди квалитетни стратегиски исходи во поддршка на социо-економскиот развој. Ќе им се помогне на државите-корисннички да развијат сопствени, добро насочени и реални реформи на јавното владеење коишто би биле ориентирани кон постигнување резултати, со правилен распоред на активностите и на приоритетите, со соодветни буџети поврзани со целите утврдени за хоризонтално управување со ресурсите (пример, јавно финансиско управување, управување со човечки ресурси) и креирање јавни политики. Проектот ќе се спроведува заеднички со ОЕЦД.

# ЧОВЕКОВИ ПРАВА И МАЛЦИНСТВА

Делот од политичките критериуми што се однесува на човековите права и на малцинствата се состои од четири дела, и тоа: 1) Почитување на меѓународното право за човековите права; 2) Граѓански и политички права; 3) Економски и социјални права, и 4) Малцински и културни права и заштита на малцинствата. Македонија има на располагање околу 20 милиони евра, и тоа околу 13,5 милиони евра од Националната програма и околу 6,5 милиони евра од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| **Национална ИПА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Градење на институционалните капацитети заради правилен третман на лицата лишени од слобода и осудените лица | 1.800.000 | 2009 |
| **2.** | Поддршка на независното, одговорно, професионално и ефикасно судство и промоција на алтернативните казни и на условното казнување | 2.805.000 | 2010 |
| **3.** | Јакнење на институционалните структури за промоција на принципот на еднаквост | 1.622.500 | 2011 |
| **4.** | Локално интегрирање на бегалци и на внатрешно раселени лица | 2.242.500 | 2011 |
| **5.** | Борба против дискриминација, социјален дијалог и детска сиромаштија | 5.025.000 | 2012-2013 |
| **Вкупно** | | **13.495.000** | |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **1.** | Регионална иницијатива за интеграција на Ромите | 3.000.000 | 2010 |
| **2.** | Промоција на човековите права и заштита на малцинствата | 3.600.000 | 2011 |
| **Вкупно од повеќекорисничката ИПА** | | **6.600.000** | |
| **СÈ ВКУПНО** | | **20.095.000** | |

## 1. ГРАДЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗАРАДИ ПРАВИЛЕН ТРЕТМАН НА ЛИЦАТА ЛИШЕНИ ОД СЛОБОДА, КАКО И НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА (1,8 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Развој на националните капацитети заради обезбедување целосна примена на човековите права од страна на агенциите што го спроведуваат законот и институциите кои се занимаваат со истрага, вклучувајќи го и зајакнувањето на ефективноста на истрагите поврзани со наводите за тортура или за лош третман. Проектот е промоција на третманот на лицата лишени од слобода и на осудените лица во затворите, во согласност со европските стандарди, како и со европските затворски правила.

Проектот има две компоненти, и тоа:

КОМПОНЕНТА 1: Обезбедување професионализам на полициската служба при гарантирањето целосна примена на темелните права, преку ефикасна и сигурна регулаторна и оперативна рамка.

КОМПОНЕНТА 2: Зајакнување на организациските и на управните капацитети на затворскиот систем во државата, заради обезбедување целосна заштита на човековите права при третманот на лицата лишени од слобода и на осудените лица.

## 2. НАТАМОШНА ПОДДРШКА НА НЕЗАВИСНОТО, ОДГОВОРНО, ПРОФЕСИОНАЛНО И ЕФИКАСНО СУДСТВО И ПРОМОЦИЈА НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ КАЗНИ И НА УСЛОВНОТО КАЗНУВАЊЕ (2.8 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Зајакнување на капацитетот на Судскиот совет и на Советот на јавните обвинители, заради ефикасно извршување на нивните надлежности поврзани со селекцијата и оценувањето на судиите и на обвинителите, планирање човечки ресурси, управување со судовите и транспарентност во работата на судството, како и поддршка на Управата за извршување санкции во користењето на алтернативните казни и условното казнување, во согласност со европските и со меѓународните стандарди за човековите права.

Во делот на управување со човечките ресурси, проектот ќе вклучува поддршка на процесите на евалуација и оценување заради зајакнување на непристрасноста и интегритетот на судиите/обвинителите. Исто така, ќе се мери ефикасноста на судовите, управувањето со судскиот буџет, натамошното решавање на заостанатите предмети, креирањето подетална статистика, управувањето со судските/обвинителските служби итн. Проектот ќе навлезе и во областа на затворскиот систем, обезбедувајќи помош за изрекување и спроведување алтернативни казни, во согласност со меѓународните и ЕУ-стандардите.

## 3. ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ СТРУКТУРИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ПРИНЦИПОТ НА ЕДНАКВОСТ (1.622 МИЛИОНИ ЕВРА) – ИПА 2011

**ЦЕЛ** – Градење на капацитетите на релевантните институции за создавање, имплементација и донесување одлуки при усогласувањето на националните закони со принципот на еднаквост на ЕУ. Со проектот ќе се зајакне јавната свест за важноста на недискриминацијата, човековите права и темелните слободи, како основни принципи на правото на ЕУ.

Проектот се состои од следниве компоненти:

КОМПОНЕНТА 1: **Промоција на еднакви можности** – поддршка за имплементацијата на Законот за еднакви можности на жените и на мажите, како и на Националниот акциски план за родова еднаквост и подобрена координација и соработка на релевантните институции на национално и на локално ниво.

КОМПОНЕНТА 2: **Превенција и елиминација на дискриминацијата** – поддршка за спроведување на Законот за спречување и заштита од дискриминација и јакнење на националните капацитети за спроведување на другото релевантно национално и ЕУ-законодавство (нееднаков третман од која било основа);

КОМПОНЕНТА 3: Поддршка на имплементацијата на националните и на локалните јавни политики за инклузија на Ромите.

## 4. ЛОКАЛНО ИНТЕГРИРАЊЕ НА БЕГАЛЦИТЕ И НА ВНАТРЕШНО РАСЕЛЕНИТЕ ЛИЦА (2.242 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2011

**ЦЕЛ** – Зајакнување и поддршка на локалната интеграција и инклузија на засегнатите лица преку подобрување на државната администрација и капацитетите за имплементација на дадените политики. Се очекува дека со проектот ќе се промени начинот на којшто се гледа на раселеното население и дека ќе се решат нивните секојдневни грижи. Од приматели на основна помош за преживување, тие треба да станат активни учесници во решавањето на своето станбено прашање, вработување, а со тоа и во обезбедувањето долгорочен систем за самопомош, што би помогнал во нивното интегрирање. На тој начин ќе се намали синдромот на зависност создаден во минатото.

## 5. БОРБА ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈАТА, СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ И ДЕТСКА СИРОМАШТИЈА, СЕКТОР „СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ“ (5,025 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2012-2013

Целта на овој проект е да се зајакнат капацитетите за развој и за имплементација на мерките за спречување и заштита од дискриминација, борбата против детската сиромаштија и социјалниот дијалог. Проектот предвидува три компоненти: 1) Спречување и заштита од дискриминација; 2) Функционален и ефективен социјален дијалог, и 3) Борба против детската сиромаштија, преку реформа на системот за заштита на децата. (Целото секторско фише можете да го најдете во делот „Економски критериуми“.)

## I. РЕГИОНАЛНА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ (3 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Да се придонесе за интеграцијата на малцинските групи од Западен Балкан, во согласност со ветувањата на државите-кориснички, што произлегува од процесот на пристапување во ЕУ. Проектот ќе го подобри квалитетот на животот и пристапот до правата на заедниците на Ромите, Ашкалите и Египќаните (РАЕ) на Западен Балкан. Проектот: 1) ќе развие регионална програма за развивање на капацитетите на селектираните групи (регионален пакет за развој на човечките ресурси, со цел обука, менторирање и координирање на активностите со локалните структури, промоција на вмрежувањето, како и размена на информации, искуства и најдобри практики, составување заеднички протоколи/ прирачници од научените лекции итн.); 2) ќе воспостави регионална услуга за бесплатна правна помош, селектирање панел на правни советници, заеднички обуки за правните советници и на владините контакт-точки, воспоставување регионален механизам за информации (Helpline), регионални заеднички сесии за подобрување на административната соработка на регионално ниво итн.; 3) ќе организира регионални акции за подобрување на условите за домување и живот за РАЕ заедниците (регионална програма за мали грантови од областа на образованието, животната средина, санитацијата итн., кампањи за промоција на бесплатните здравствени услуги и социјална заштита); 4) Подигање на свеста за ромското прашање (кампањи, анкети), и 5) Регионална координација и активно учество на релевантните јавни власти за инклузија на Ромите (промоција на европските иницијативи и настани, на пример Европската платформа за инклузија на Ромите).

## II. ПРОМОЦИЈА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА (3,6 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011

Целта на проектот е да се воспостави регионална активна мрежа на Западен Балкан составена од релевантни тела вклучени во промоцијата на човековите права и во заштитата на малцинствата, особено од националните малцински совети и омбудсмани. Фокусот е имплементација на постојното законодавство усогласено со европските стандарди и практики, почнувајќи од нормите утврдени во борбата против дискриминацијата.

Проектот кој заеднички ќе го спроведат Советот на Европа и Комисијата, ќе започне во последниот квартал од 2011 година, а ќе трае 3 години.

# СУДСКИ СИСТЕМ

Делот од политичките критериуми што се однесува на судскиот систем се состои од три дела, и тоа: 1) Јавно обвинителство; 2) Судски совет, и 3) Буџет на судството. Македонија има на располагање само околу 3 милиони евра и тоа од Националната програма на ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Натамошно зајакнување на судството | 1.600.000 | 2008 |
| **2.** | Имплементација на реформата на кривичниот правен систем | 1.270.000 | 2009 |
| **Вкупно** | | **2.870.000** | |

## 1. НАТАМОШНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СУДСТВОТО (1,6 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2008

**ЦЕЛ** – Поддршка на имплементацијата на истражна база на податоци во областа на организираниот криминал и корупцијата, заради зајакнување на институционалниот капацитет на Академијата за обука на судиите и јавните обвинители и заради зајакнување на капацитетите за спроведување на реформата за малолетничка правда.

Проектот е составен од три компоненти, и тоа:

- Воспоставување/имплементација на истражна база на податоци во областа на организираниот криминал и корупцијата;
- Натамошно зајакнување на институционалните капацитети на Академијата за обука на судиите и јавните обвинители, и
- Спроведување на реформите во малолетничката правда.

## 2. ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА РЕФОРМАТА НА КРИВИЧНИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ (1,27 МИЛИОНИ ЕВРА + 260.111 ЕВРА ОД НАЦИОНАЛНИОТ БУЏЕТ), ИПА 2009.

**ОПШТА ЦЕЛ** – Зајакнување на правната сигурност и заштитата на човековите права и слободи на граѓаните преку натамошна поддршка на независното и ефикасно судство, истовремено зајакнувајќи ги националните капацитети за борба против организираниот криминал и корупцијата.

**КОНКРЕТНА ЦЕЛ** – Промоција на капацитетите на јавните обвинители, агентите од сродните области, како и другите актери вклучени во имплементацијата на реформираната кривична правна рамка за ефективна борба против организираниот криминал, корупцијата, финансискиот криминал и трговијата со луѓе, но и за зајакнување на заштитата на човековите права во кривичните постапки, во согласност со европските стандарди.

КОМПОНЕНТА 1: Зајакнување на способноста на јавните обвинители, судската полиција и другите актери кои имаат активна улога во кривичните предмети за имплементација на новото законодавство во практика. Со оваа компонента ќе се постигне:

- Подобрено знаење и вештини на јавните обвинители за спроведување на новата кривична постапка, особено во однос на управувањето и координацијата на преткривичната постапка;
- Практична подготовка на судската полиција за преземање на нивните нови надлежности во преткривичната постапка под контрола и надзор на јавните обвинители;
- Практична подготовка на другите агенти за новите задачи што им се доделуваат со новата кривично-правна рамка;
- Обука на сите актери со активна улога во ново воспоставените кривични постапки, вклучувајќи ги и адвокатите, и
- Воспоставени оперативни и функционални центри за истрага за поддршка на јавните обвинители во истрагата и прогонот на криминалот.

# ПОЛИТИКА НА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

Делот од политичките критериуми кој се однесува на политиката за борба против корупцијата се состои од три дела, и тоа: 1) Правна рамка; 2) Државна комисија за спречување на корупцијата, и 3) Координација. Македонија има на располагање околу 9,5 милиони евра од Националната ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Ефикасно спречување и борба против корупцијата | 1.301.500 | 2010 |
| **2.** | Спречување и репресија на корупцијата<br>(Сектор за Правда и внатрешни работи и темелни права) | 8.185.000 | 2012-2013 |
| **Вкупно** | | **9.486.500** | |

## 1. ПОДДРШКА ЗА ЕФИКАСНО СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА (1.3 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Подобро спроведување на националната правна рамка за борба против корупцијата и зајакнување на националните механизми за спречување и борба против корупцијата на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), судството, агенциите што го спроведуваат законот, како и другите релевантни институции. Со проектот ќе се воспостави одржлива и конзистентна евиденција на пријавите за имотната состојба, поддршка на структурите што се борат против корупцијата, како и на меѓуминистерската соработка во областа, транспарентност во финансирањето на политичките партии преку развој на методологии за мониторинг во рамките на Министерството за финансии и ДКСК. Проектот ќе ги зајакне и капацитетите на судовите, Јавното обвинителство, како и Агенцијата за враќање на имотот во предметите поврзани со корупцијата.

Проектот ќе развие капацитети за поблиска соработка според ЕУ-стандардите и практиките и ќе воспостави систем од критериуми и индикатори за мерење и оценување на ефективноста во спречувањето на корупцијата, но и на мерките за сузбивање и за транспарентно работење на политичките партии и изборните кампањи и, конечно, намалување на ситуациите кога има конфликт на интереси.

## 2. СПРЕЧУВАЊЕ И РЕПРЕСИЈА НА КОРУПЦИЈАТА - СЕКТОР ЗА ПРАВДА И ВНАТРЕШНИ РАБОТИ И ТЕМЕЛНИ ПРАВА (8,185 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2012-2013

Во рамките на проектот ќе се изготви нова програма за спречување и репресија на корупцијата, врз основа на секторски интегритет, оценка на ранливоста и резултатите од мониторингот. Ќе се подобри размената на податоците меѓу засегнатите институции и ќе се зајакнуваат капацитетите за анализа на секторскиот ризик, за вршење истраги, за прогон на корупцијата, за заедничко дејствување, за собирање на разузнавачките податоци итн. Со проектот ќе се подигне свеста на вработените во приватниот и во јавниот сектор, потпирајќи се на заштитата која произлегува од Законот за пријавителите (whistle-blowing). Во рамките на проектот ќе се направи и набавка на опрема и ќе се обучат властите да работат со неа (Видете го целиот сектор во делот за Судство (Поглавје 23).

# РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

Делот од политичките критериуми кој се однесува на регионалните прашања и на меѓународните обврски се состои од четири дела, и тоа: 1) Меѓународен кривичен суд за поранешна Југославија; 2) Меѓународен кривичен суд; 3) Регионална соработка, и 4) Билатерални односи со другите држави од проширувањето и со соседните држави-членки. За исполнување на целите на регионалните прашања има на располагање околу 26 милиони евра, и тоа од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Повеќекорисничка ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Поддршка на оперативниот буџет на Секретаријатот на Регионалниот совет за соработка | 1.500.000 | 2008 |
| **2.** | Градење институции за прекугранична соработка, Фаза II | 1.500.000 | 2010 |
| **3.** | Зајакнување на европската интеграција | 3.000.000 | 2010 |
| **4.** | Прекугранично градење институции - соработка меѓу државите од Западен Балкан | 2.500.000 | 2011 |
| **5.** | Зајакнување на европската интеграција | 6.500.000 | 2011 |
| **6.** | Зајакнување на европската интеграција | 3.000.000 | 2012 |
| **7.** | Поддршка на оперативните трошоци на Секретаријатот на Регионалниот совет за соработка | 2.400.000 | 2013 |
| **8.** | Зајакнување на европската интеграција | 6.000.000 | 2013 |
| **Вкупно од Повеќекорисничката ИПА** | | **26.400.000** | |

## I. РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ОПЕРАТИВНИОТ БУЏЕТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ НА РЕГИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА СОРАБОТКА ( 1,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2008, НАМЕНЕТА ЗА АЛБАНИЈА, БИХ, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И КОСОВО

**ЦЕЛ** – Регионалниот совет за соработка (РСС) е регионална структура за соработка со седиште во Сараево, која во првите три години е кофинансирана од државите во регионот, Европската комисија и од другите заинтересирани донатори. Во текот на 2008 година престануваат активностите на Пактот за стабилност, а неговите активности постепено ги презема РСС. Средствата доделени на РСС служат за покривање на дел од оперативните трошоци, и тоа за периодот од јануари 2008 до јуни 2009 година.

## II. ГРАДЕЊЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА, ФАЗА II (1,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Да ги зајакне добрососедските односи и просперитетот на Западен Балкан преку подобрена соработка на граничните региони. Ќе се влијае и на програмско и на проектно ниво и ќе се постигнат следниве резултати: 1) Засилени капацитети на програмските структури (2 повика, евалуација на проекти, 6 работилници за програмските структури, 5 обуки за имплементација и мониторинг на проектите, изготвен прирачник за мониторинг на имплементацијата на проектите, 20 мониторинг мисии и подготовка на извештаи, ажурирани веб-страници, 6 работилници за корисниците на грантови, поддршка за спроведување на **SWOT анализа за најмалку 5 програми, ревизија на сите 8 програми);** 2) Воспоставување механизми за управување и контрола (4 обуки за управување, контрола и финансиска ревизија, ажурирање на MIS за најмалку 4 програми); 3) Зголемена видливост на прекуграничната соработка (ажурирани веб-страници, 8 броја од весникот - отпечатени и дистрибуирани, ажурирана база на податоци, дистрибуирани промотивни материјали, организирани 2 регионални форуми), и 4) Подобрени капацитети за подготовка и имплементација на проектите (најмалку 10 тематски работилници, најмалку 10 обуки за модул 1, најмалку 15 обуки за модул 2, најмалку 8 работилници за неуспешните кандидати, воспоставени работни групи за секоја програма, најмалку 8 работилници за партнерските организации и преведен прирачник за имплементација на проектите).

## III.ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ (3 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Да обезбеди ефективно програмирање и развој на проектите, но и имплементација на повеќекорисничката ИПА-програма, а со тоа и напредување во целокупниот процес на пристапување, преку зголемена ефективност и влијание. Корисниците ќе ги зголемат своите способности за дизајнирање и развивање проекти/програми кои би се финансирале од Повеќекорисничката ИПА и ќе можат да спроведат повеќе акции поврзани со пристапувањето во ЕУ на различни јавни/приватни актери, со цел да се исполнат конкретните и итните потреби. Корисниците ќе можат да учествуваат во заеднички активности, размена на информации, вмрежување, работилници, конференции, студиски посети итн. и да помогнат во спроведувањето на помали проекти од областа на европските интеграции. Проектот ќе изготви стратегиски планови за различните сектори, ќе се консултираат засегнатите страни, ќе се изготват предлог-проекти, тендерска документација, проектни цели и задачи, технички спецификации итн.

## IV. ПРЕКУГРАНИЧНО ГРАДЕЊЕ ИНСТИТУЦИИ – РЕГИОНАЛНА ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН (2,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011

Целта на проектот е да ја зајакне регионалната координација, хармонизација на приодите и на механизмите во областа на прекуграничната соработка во и меѓу државите од Западен Балкан, во согласност со ЕУ-рамките и правилата во областа на територијалната соработка. Проектот ќе трае 2 години, а ќе започне кон крајот на 2011 година.

## V. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА (5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011

Целта на проектот е да ја зајакне способноста на државите-кориснички за ефективно дизајнирање на програмите и проектите кои би можеле да се финансираат од Повеќекорисничката ИПА. Со проектот ќе се поддржат активности од типот: размена на информации, вмрежување, учество во работилници, конференции, студиски посети итн.

## VI. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА (3 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2012

Целта на проектот е да ја зајакне способноста на државите-кориснички за ефективно дизајнирање на програми и проекти кои би можеле да се финансираат од Повеќекорисничката ИПА. Со проектот ќе се поддржат активности од типот: размена на информации, вмрежување, учество во работилници, конференции, студиски посети итн.

## VII. ПОДДРШКА НА ОПЕРАТИВНИТЕ ТРОШОЦИ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ НА РЕГИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА СОРАБОТКА (REGIONAL COOPERATION COUNCIL – RCC), (2,4 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2013

## VIII. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА (6 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2013

Целта на проектот е да ја зајакне способноста на државите-кориснички за ефективно дизајнирање на програми и проекти кои би можеле да се финансираат од Повеќекорисничката ИПА. Со проектот ќе се поддржат активности од типот: размена на информации, вмрежување, учество во работилници, конференции, студиски посети итн.

# ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ

Економските критериуми се навистина сеопфатни и ги вклучуваат следниве делови: 1) Постоење на функционална пазарна економија; 2) Макроекономска стабилност; 3) Надворешен сектор; 4) Пазар на труд; 5) Монетарна политика; 6) Инфлација; 7) Фискална политика; 8) Микс на макро-економски политики; 9) Слободно дејствување на пазарните сили; 10) Влез и излез од пазарот; 11) Правен систем; 12) Финансиски сектор; 13) Капацитет за справување со притисокот од конкуренцијата и пазарните сили во ЕУ; 14) Секторска структура и структура на претпријатијата; 15) Државно влијание врз конкуренцијата, и 16) Економската интеграција во ЕУ. Македонија има на располагање околу 12 милиони евра од Националната ИПА. Во Повеќекорисничката ИПА има на располагање околу 64 милиони евра за целиот регион, што може да се види од следнава табела:

| **Национална ИПА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Локална инфраструктура за социјална и економска кохезија | 7.000.000 | 2007 |
| **2.** | Зајакнување на капацитетот на Министерството за финансии – Одделение за макроекономска анализа | 1.217.500 | 2009 |
| **3.** | Подобрен квалитет на јавната потрошувачка преку јакнење на капацитетот на јавниот сектор за среднорочно планирање и извршување на буџетот | 1.415.000 | 2011 |
| **4.** | Развој и воведување на Националната рамка за квалификации и спроведување на Законот за признавање на професионалните квалификации | 2.450.000 | 2012-2013 |
| **Вкупно** | | **12.082.500** | |

| Повеќекорисничка ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Воспоставување на инструментот за финансирање на енергетската ефикасност | 34.700.000 | 2007 |
| 2. | Регионална програма за учество во Европскиот фонд за Југоисточна Европа (EFSE) за Албанија и за Македонија | 6.000.000 | 2007 |
| 3. | Инструмент за инфраструктурни проекти, Прозорец за техничка помош | 15.122.000 | 2010 |
| 4. | Учество во агенциите на ЕУ | 8.000.000 | 2011 |
| Вкупно од Повеќекорисничката ИПА | | 63.822.000 | |
| **СЀ ВКУПНО** | | **75.904.500** | |

## 1. ЛОКАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СОЦИЈАЛНА И ЕКОНОМСКА КОХЕЗИЈА (7 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2007

**ЦЕЛ** – Подобрување на инфраструктурата на општините преку успешно завршување на селектираните проекти од помал обем и подобрување на капацитетот на идентификуваниот соодветен кадар во Министерството за локална самоуправа, како и во општините, преку обуки на работното место и други обуки за секојдневното управување со инфраструктурните програми, особено во оние сектори каде што неодамна се пренесени надлежностите на локално ниво, како и во областите кои се однесуваат на економски најранливите групи.

Со проектот ќе се постигнат следниве резултати:

**КОМПОНЕНТА 1:** Спроведување на инфраструктурни проекти од помал обем во општините преку:

- подобар пристап до поквалитетни услуги и инфраструктура за поширок круг жители во општината, и
- намалување на разликите меѓу општините, во смисла на квалитет на инфраструктурата и услугите.

**КОМПОНЕНТА 2:** Обука на селектиран персонал од Министерството и од општините, а онаму каде што е соодветно може да се вклучи и кадар од комуналните претпријатија:

- Подобрени вештини на општинскиот кадар за управување со инфраструктурните програми и спроведување соодветно ниво на консултации со надворешни страни (НВО, бизнис-секторот и населението, воопшто) во дизајнирањето и имплементацијата на инфраструктурните проекти.

**КОМПОНЕНТА 3:** Имплементација на „Награда за општините“ за да се наградат оние општини кои дале значителен придонес во подобрувањето на услугите за нивните жители:

- Успешно спроведен повик за проекти од спроведените иницијативи од страна на општините, кои претставуваат значително подобрување на квалитетот на услугите обезбедени за граѓаните, и
- Спроведување на трите инфраструктурни проекти на наградените општини.

## 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ – ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МАКРОЕКОНОМСКА АНАЛИЗА И ПОЛИТИКА, – ЗАРАДИ ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПОЛИТИКАТА СО ЦЕЛ ДА СЕ ИСПОЛНАТ КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ЧЛЕНСТВО (1.217 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Општа цел на проектот е да придонесе кон подобрување на квалитетот на информациите што им се нудат на изготвувачите на политиките кои се неопходни за успешен процес на донесување одлуки. Конкретна цел на проектот е да ги подобри вештините за економски анализи во Министерството за економија, кои имаат за цел да дизајнираат кохерентна среднорочна и долгорочна макро-фискална рамка. Проектот ќе понуди советодавна поддршка на Одделението за макроекономска политика во Министерството за финансии, која ќе се состои од две компоненти, и тоа:

**КОМПОНЕНТА 1:** Натамошен развој на капацитетот на Одделението за макроекономска политика за правење економски анализи и модели, социо-економски анализи на трошоците наспроти придобивките и подобрување на процесот на планирање на буџетот во Министерството за финансии, и

**КОМПОНЕНТА 2:** Подобрување на начинот за складирање на податоците во Одделението за макроекономска политика – развој на електронска база на податоци за собирање податоци.

## 3. ПОДОБРЕН КВАЛИТЕТ НА ЈАВНАТА ПОТРОШУВАЧКА ПРЕКУ ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР ЗА СРЕДНОРОЧНО ПЛАНИРАЊЕ И ПОДОБРО ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ (1.415 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2011

**ЦЕЛ** – Развој на капацитетите за воведување 2-годишно буџетирање, почнувајќи од организацијата на буџетскиот процес и буџетскиот формулар, па сè до дизајнирање кохерентна среднорочна

рамка за потрошувачката. Крајна цел на проектот е да се постигне подобра распределба на ограничените јавни ресурси.

Проектот ќе се состои од две компоненти, и тоа:

**КОМПОНЕНТА 1:** градење капацитети за одделенијата за буџет и фондови во рамките на Министерството за финансии, кои работат на буџетот на централната власт и на локалните администрации, како и на зајакнување на среднорочното креирање на политиките, и

**КОМПОНЕНТА 2:** ќе придонесе кон надградување на тековниот е-буџет формулар, во согласност со нововоспоставениот двогодишен буџетски процес.

## 4. СЕКТОР „СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ“ (7,475 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2012-2013

**Овој сектор се состои од два поединечни проекта, и тоа:**

**4.1. Борба против дискриминацијата, социјален дијалог и детска сиромаштија (5,025 милиони евра)** – Целта на овој проект е да ги зајакне капацитетите за развој и за имплементација на мерките за спречување и заштита од дискриминација, борба против детската сиромаштија и социјалниот дијалог. Проектот предвидува три компоненти: 1) Спречување и заштита од дискриминација; 2) Функционален и ефективен социјален дијалог, и 3) Борба против детската сиромаштија преку реформа на системот за заштита на децата. (Видете, исто така, и во Политичките критериуми, во делот „Човекови права и малцинства“).

**4.2. Зајакнување на капацитетите за развој и воведување на Национална рамка за квалификации и натамошно спроведување на Законот за признавање на професионалните квалификации (2,45 милиони евра)** – Целта на проектот е да се вклопи во поширокатa рамка на развој на образованието на ЕУ преку овозможување на слободно движење на услуги и доживотно учење. Проектот има две компоненти: 1) Развој и имплементација на Националната рамка за квалификации (National Qualification Framework – NQF), која ќе биде усогласена со Европската рамка за квалификации (European Qualification Framework – EQF), и 2) Целосно спроведување на Законот за признавање на професионалните квалификации. Со оглед на тоа дека двете компоненти се тесно поврзани, овој проект ќе придонесе за слободно движење на работниците. (Видете и Поглавје 2 – Слободно движење на работниците).

## I. РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ (34,7 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2007, НАМЕНЕТА ЗА АЛБАНИЈА, БИХ, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И КОСОВО И ТУРЦИЈА

**ЦЕЛ** – Обезбедување финансиска помош за промоција на инвестициите во областа на енергетската ефикасност и генерирање обновлива енергија заради подобрување на користењето на енергијата во секторите градежништво и индустрија, нудејќи можности за највисока заштеда на енергија и за намалување на емисиите на CO2. Програмата е комбинација од кредитните линии и/или споделувањето на ризикот во износ најмалку до 138,8 милиони евра што ги нудат Европската инвестициска банка (EIB), Европската банка за обнова и развој (EBRD), Банката на Советот на Европа (CEB) во соработка со KfW (сите претставуваат меѓународни финансиски институции), и придонесот на Заедницата во износ од 34,7 милиони евра за да се стимулираат:

- приватните и јавните ентитети од градежништвото и индустријата да инвестираат во енергетската ефикасност и во одржливата енергија;
- финансиските посредници (FI) да ги зголемат средствата за истите цели, и
- финансирањето консултантски трошоци за обезбедување техничка помош за спроведување на оваа програма.

## II. РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕСТВО ВО ЕВРОПСКИОТ ФОНД ЗА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (EFSE), (6 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2007, НАМЕНЕТА ЗА АЛБАНИЈА И ЗА МАКЕДОНИЈА

**ЦЕЛ** – Комисијата учествува во EFSE за да поттикнува економски развој и просперитет во Југоисточна Европа преку одржлива понуда на дополнителни развојни финансии, главно за микропретпријатијата и за малите претпријатија, како и за приватните домаќинства, преку квалификувани финансиски институции. EFSE е јавно-приватно партнерство кое има за цел да привлече капитал од приватниот сектор, а со тоа да се канализираат јавни донаторски средства во регионот за развој на приватниот сектор. Комисијата ќе инвестира 6 милиони евра во посебен регионален фонд за Албанија и Македонија, за да промовира микрофинансирање во овие две држави. На крајот на март 2007, Македонија имаше само 5% од портфолиото на инвестиции на EFSE, а во Албанија немаше ниту еден доделен кредит.

## III. ИНСТРУМЕНТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ, ПРОЗОРЕЦ ЗА ТЕХНИЧКА ПОМОШ (15,122 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Да се придонесе кон социо-економскиот развој на Западен Балкан и на Турција преку подобрени инфраструктури во транспортот, животната средина, енергијата и на социјален план. Проектот ќе ја поддржи изработката и имплементацијата на инвестициони проекти кои можат да се финансираат со грантови и/или со заеми од извори на корисниците, ИПА ресурсите и од меѓународните финансиски институции (МФИ) и/или други спонзори/донатори. Овој инструмент ќе ги оствари следниве резултати: 1) зголемен број, стапка и квалитет на инфраструктурните предлози во контекст на националните и регионалните инвестициски планови; 2) зајакната финансиска соработка меѓу Комисијата, МФИ и властите-корисници, и 3) размена на вештини и знаење меѓу меѓународните експерти и институциите-корисници, вклучувајќи ги и локалните власти и општините.

## IV. УЧЕСТВО ВО АГЕНЦИИТЕ НА ЕУ (8 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011

Целта на проектот е да ги поддржи ЕУ-агенциите за тие да можат да спроведат подготвителни мерки во државите-кориснички и кај засегнатите страни за да се овозможи идното учество во овие ЕУ-агенции и да се стимулира соработка. Проектот ќе се спроведе преку 14 грантови, и тоа: CPVO (400.000 евра), EASA (700.000 евра), ECDC (400.000 евра), ECHA (300.000 евра), EEA (1 милион евра), EFSA (1 милион евра), EMCDDA (900.000 евра), EMSA (300.000 евра), ERA (300.000 евра), EU-OSHA (900.000 евра), EUROFOUND (700.000 евра), EMEA (900.000 евра), EIGE (100.000 евра), и ICC (100.000 евра).

1
Поглавје

# СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ

Правниот критериум всушност се однесува на способноста на државата за преземање на обврските од членството во ЕУ. Првото поглавје се занимава со прашањето на слободното движење на стоките и се состои од пет дела, и тоа: 1) Општи принципи; 2) Хоризонтални мерки; 3) Законодавство за производи од „стариот приод“; 4) Законодавство за производи од „новиот и глобален приод“, и 5) Процедурални мерки. Македонија има на располагање 1,8 милиони евра од Националната ИПА и околу 5 милиони евра од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Квалитетна инфраструктура | 1.800.000 | 2008 |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **1.** | Развој на трговијата во Западен Балкан | 34.700.000 | 2007 |
| **2.** | Програма за трговија и инвестиции на Западен Балкан | 6.000.000 | 2009 |
| **3.** | Програма за трговија и инвестиции во Западен Балкан | 15.122.000 | 2011 |
| **4.** | Квалитетна инфраструктура | 8.000.000 | 2011 |
| **Вкупно од Повеќекорисничката ИПА** | | 5.200.000 | |
| **СЀ ВКУПНО** | | **7.000.000** | |

## 1. КВАЛИТЕТНА ИНФРАСТРУКТУРА (1,8 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2008

**ЦЕЛ** – обезбедување техничка и материјална поддршка за релевантните институции – Институтот за стандардизација, Институтот за акредитација и Бирото за метрологија – за да се имплементира усогласеното законодавство во областа на слободното движење на стоките и за да се обезбеди висококвалитетна услуга за бизнис-заедницата, потрошувачите и граѓаните, како и телата за оценка на сообразноста.

Проектот ќе ги постигне следниве резултати:

- Зајакнат капацитет на Институтот за стандардизација заради исполнување на условите за полноправно членство во CEN и во CENELEC;
- Зајакнет капацитет на Институтот за акредитација заради имплементација на законодавството усогласено со директивите од новиот-приод, глобалниот-приод и од стариот приод поврзани со акредитацијата;
- Зајакнат капацитет на Бирото за метрологија заради исполнување на условите за членство во EURAMET и во WELMEC и за поддршка на имплементацијата на законодавството усогласено со директивите од новиот, глобалниот и стариот приод.

## I. РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ТРГОВИЈАТА ВО ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН (1 МИЛИОН ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2007, НАМЕНЕТА ЗА АЛБАНИЈА, БИХ, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И КОСОВО

**ЦЕЛ** – Да се поттикнат трговијата и инвестициите во Југоисточна Европа преку имплементација на политиката за регионална трговија во рамките на ЦЕФТА. Проектот ќе ги зајакне капацитетите на страните за исполнување на обврските што произлегуваат од СТО и од ЕУ, охрабрувајќи го донесувањето на релевантното законодавство на ЕУ и меѓународните норми и стандарди. Како регионална иницијатива, проектот ќе овозможи подобра мултилатерална соработка и:

- ќе ја поддржи имплементацијата на ЦЕФТА 2006, преку создавање адекватни структури на регионално ниво (ЦЕФТА секретаријат);
- ќе понуди помош на релевантните поткомитети за да ги идентификуваат приоритетните области за реформа/подобрување;
- ќе понуди технички совети и насоки за донесување на релевантното ЕУ-законодавство поврзано со трговијата, меѓународните норми и стандарди;
- ќе ги поттикнува договорите за заеднички приоди кон регионалните прашања;
- ќе ги зајакне релевантните владини и приватни агенции и тела поврзани со трговијата;
- ќе го подобри дијалогот меѓу владите и бизнис заедницата;
- ќе понуди анализа и препораки за имплементацијата на ЦЕФТА, и
- ќе ги зајакне врските меѓу трговијата и инвестициите преку мониторинг на имплементацијата на клаузулите поврзани со инвестициите, пр. Националниот третман и јавните набавки

## II. РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ТРГОВИЈА И ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН (0,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Да се зголемат трговските односи и инвестиции меѓу државите-кориснички. Проектот ќе обезбеди поддршка на седиштето на ЦЕФТА (Договор за слободна трговија на Средна Европа) преку мониторинг и имплементација на ЦЕФТА 2006, како и на активностите на Комитетот за инвестиции на Југоисточна Европа. Со проектот ќе се постигнат следниве резултати: 1) Секретаријатот на ЦЕФТА ќе ги поддржува ефективно структурите за донесување одлуки на ЦЕФТА, особено седиштето; 2) напредок во работата на ЦЕФТА-поткомитетите (преземените обврски во однос на земјоделските производи, нетарифните бариери и царинската соработка); 3) Напредок во работата на SEEIC и нејзините работни групи (идентификација на приоритетните области за реформа и развој на работната програма за имплементација); 4) Зајакнати капацитети на властите и на институциите во однос на имплементацијата на ЦЕФТА и на трговските и инвестиционите политики поврзани со ЦЕФТА; 5) Зајакнати регионални врски и вмрежување на владите на Западен Балкан, заради усогласување на трговските и на инвестициските политики и законодавството, и 6) Засилени врски меѓу владите и бизнис-заедницата.

## III. РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ТРГОВИЈА И ИНВЕСТИЦИИ ВО ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН (1,2 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011

Проектот ќе обезбеди поддршка на ЦЕФТА договорот од 2006 година, односно поддршка на трговската либерализација. Ќе се работи на воспоставувањето поедноставен и единствен систем на правила што ќе ги олеснува интрарегионалните трговски врски. За таа цел, Секретаријатот на ЦЕФТА ќе добие грант во износ од 682.500 евра, а остатокот ќе оди кај ОЕЦД за мониторинг на прашањата поврзани со инвестициите.

## IV. КВАЛИТЕТНА ИНФРАСТРУКТУРА (2,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011

Преку регионално вмрежување и обука, проектот ќе ги зголеми способностите на министерствата и на телата кои спроведуваат стратегии за усогласување со барањата од Поглавјето 1. Тие ќе имаат можност да понудат сервиси на индустријата, како и алатки за трговија на пазарот на ЕУ, како и на пазарите на корисниците. Проектот ќе го спроведе Европскиот комитет за стандардизација (ЦЕН).

2

Поглавје

# СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ

Второто поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на слободното движење на работниците и се состои од четири дела, и тоа: 1) Пристап на пазарот на трудот; 2) Европска мрежа на службите за вработување; 3) Координација на системите за социјална заштита, и 4) Европска картичка за здравствено осигурување. Македонија има на располагање околу 3,3 милиони евра од Националната ИПА и околу 2 милиона евра од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Јакнење на капацитетите за ефективно спроведување на европското законодавство од областа на слободното движење на работниците | 855.000 | 2010 |
| **2.** | Јакнење на капацитетите за развој и воведување на Национална рамка за квалификации и за спроведување на Законот за признавање на професионалните квалификации - Сектор „Социјален развој“ | 2.450.000 | 2012-2013 |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **1.** | Програма за координација на социјалната сигурност и за реформи на социјалната заштита во Југоисточна Европа | 2.000.000 | 2007 |
| **СЀ ВКУПНО** | | **5.305.000** | |

## 1. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ЕФЕКТИВНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕВРОПСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО ОД ОБЛАСТА НА СЛОБОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ (855.000 ЕВРА), ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Зајакнување на институционалните и административните капацитети за координација на системите за социјална заштита и за учество во Европската мрежа за вработување (EURES

- European Employment Services Network). На краткорочен план, во оваа област треба да се преземат сите неопходни мерки (организациони и технички) за постепено градење на административно-техничкиот капацитет на Агенцијата за вработување на РМ и на центрите за вработување за учество во системот на EURES. Исто така, треба да се изготви Акциски план за што поскоро учество во EURES. Посебно внимание ќе им се посвети на промотивните активности за подигање на свеста, заради постигнување поголем публицитет на прашањата поврзани со слободното движење на работниците, координацијата на социјалната заштита и приклучувањето во EURES-мрежата по пристапувањето. Проектот ќе има екстензивна програма за обука и за запознавање со ЕУ-искуствата и практиките од областа, како и други активности за кадарот од институциите.

### 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА РАЗВОЈ И ВОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА РАМКА ЗА КВАЛИФИКАЦИИ И НАТАМОШНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ, СЕКТОР „СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ“ (2,45 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2012-2013

Целта на проектот е да се вклопи во пошироката рамка на развој на образованието на ЕУ, преку овозможување на слободно движење на услугите и доживотно учење. Проектот има две компоненти: 1) Развој и имплементација на Национална рамка за квалификации (National Qualification Framework - NQF), која ќе биде усогласена со Европската рамка за квалификации (European Qualification Framework - EQF), и 2) Целосно спроведување на Законот за признавање на професионалните квалификации. Со оглед на тоа дека двете компоненти се тесно поврзани, овој проект ќе придонесе за слободно движење на работниците. (Целото секторско фише видете го во делот „Економски критериуми“).

### I. РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА КООРДИНАЦИЈА НА СОЦИЈАЛНАТА СИГУРНОСТ И РЕФОРМИ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (2 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2007, НАМЕНЕТА ЗА АЛБАНИЈА, БИХ, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И КОСОВО И ТУРЦИЈА

**ЦЕЛ** – Да се зајакне координацијата на системите за социјална сигурност и да се олеснат институционалните, законодавните и административните реформи во областа на социјалната политика.

Со овој проект ќе се постигне следново:

- зајакнати и насочени процеси на координација на националните планови за стратегиски реформи, со цел тие постепено да се усогласат со европските стандарди кои ги одразуваат заедничките цели на пристап/адекватност и одржливост на системите за социјална заштита;
- поддршка на развојот на законодавната рамка за имплементација на ревидираните политики за социјална сигурност;
- модернизација на координативните техники, во согласност со принципите за координација на Советот на Европа и на ЕУ;
- олеснет еднаков пристап до правото на социјална сигурност, особено кон шемите за надоместување на трошоците (здравствена заштита, детски додатоци и социјална помош);
- подобрен пристап до социјалната заштита за ранливите групи, особено за раселените лица, и
- подобрен капацитет на специјализираните професии, преку обука.

3
Поглавје

# СЛОБОДА НА ДВИЖЕЊЕ НА УСЛУГИ

Третото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на слободното движење на услугите и се состои од четири дела, и тоа: 1) Право на основање; 2) Слобода на обезбедување на прекуграничните услуги; 3) Поштенски услуги, и 4) Заемно признавање на професионалните квалификации. Македонија има на располагање околу 1 милион евра од Националната ИПА. Во Повеќекорисничката ИПА нема средства за оваа намена, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Зајакнување на институционалните капацитети за целосно спроведување на законодавството за заемно признавање на професионалните квалификации | 1.102.500 | 2011 |

## 1. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ЦЕЛОСНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ (1.1 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2011

**ЦЕЛ** – Усогласување на законодавната рамка поврзана со заемното признавање на професионалните квалификации и зајакнување на институционалните капацитети за имплементација на донесеното законодавство.

4

Поглавје

# СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛОТ

Четвртото поглавје од правниот критериуми се занимава со прашањето на слободно движење на капитал и се состои од три дела и тоа: 1) Движење на капитал и плаќање, 2) Платен промет и 3) Борба против перење пари. Македонија има на располагање околу 1,5 милиони евра од Национална ИПА и околу 1,5 милиони евра од Повеќекорисничка ИПА што може да се види од табелата подолу.

| **Национална ИПА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Преглед на барањата, во поглед на организација и ресурсите, на Народна банка на Република Македонија во процесот на пристапување кон Европската централна банка и Европскиот систем на централните банки | 405.000 | 2009 |
| **2.** | Натамошно усогласување со европското законодавство од областа на слободното движење на капиталот, платениот промет и финансиските услуги – берза и инвестиции | 1.170.000 | 2010 |
| **Вкупно** | | 1.575.000 | |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **1.** | Намалување на регулаторните и на административните пречки поврзани со трговската логистика и усогласување на прекуграничните прометни системи и услуги на Западен Балкан | 1.500.000 | 2011 |
| **СÈ ВКУПНО** | | **3.075.000** | |

## 1. ПРЕГЛЕД НА БАРАЊАТА, ВО ПОГЛЕД НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РЕСУРСИТЕ, НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЕВРОПСКАТА ЦЕНТРАЛНА БАНКА И ЕВРОПСКИОТ СИСТЕМ НА ЦЕНТРАЛНИТЕ БАНКИ (405.000 ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Општа цел на проектот е да придонесе кон подготовката на Народна банка на Република Македонија за членство во Европскиот систем на централните банки и во Европската централна банка, за НБРМ да може да ја извршува монетарната политика и да ја одржува стабилноста на цените и на тој начин да ги поддржува општите економски цели на државата. Конкретната цел на проектот е да го зајакне институционалниот капацитет на НБРМ преку преглед на барањата, во поглед на организацијата и ресурсите, за усогласување со стандардната организациска и оперативна рамка на Европскиот систем на централните банки и на Европската централна банка. Проектот има 3 компоненти, и тоа:

**КОМПОНЕНТА 1:**Одредување репери;

**КОМПОНЕНТА 2:** Спроведување мисија за проценка во повеќе области, и

**КОМПОНЕНТА 3:** Подготовка на синтетички извештај и анализа на потребите.

## 2. НАТАМОШНО УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЕВРОПСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО ОД ОБЛАСТА НА СЛОБОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛОТ И ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ, КАКО И ФИНАНСИСКИТЕ УСЛУГИ – БЕРЗАТА И ИНВЕСТИЦИИТЕ (1.17 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Подобрено регулирање на работата на сите учесници на пазарот на капиталот, што ќе резултира со поефикасен, пофер и законски пазар на капиталот и ќе обезбеди успешно вклучување во државите од SEPA (Single European Payments Area – Единствена европска област за платен промет). Ќе се имплементира директивата за платежни услуги, при што ќе се обезбеди лиценца за платежните институции. Проектот ќе придонесе и кон модернизација и поголема ефикасност на платежните системи, со тоа што ќе воведе нови инструменти на пазарот (електронски кредитни трансфери, електронски директни дебитни операции, m-money итн.) и ќе ја зголеми транспарентноста на пазарот - и за провајдерите и за корисниците. Проектот ќе го помогне процесот од постепено мигрирање до неготовинска економија. Целта на директивата е да ги олесни прекуграничните плаќања во ЕУ, а со нејзината имплементација ќе се постигне стабилен, ефикасен, транспарентен и конкурентен пазар на капиталот, а тоа, пак, ќе предизвика економски развој на домашните претпријатија.

## I. НАМАЛУВАЊЕ НА РЕГУЛАТОРНИТЕ И НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ПРЕЧКИ ПОВРЗАНИ СО ТРГОВСКАТА ЛОГИСТИКА И УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРЕКУГРАНИЧНИТЕ ПРОМЕТНИ СИСТЕМИ И УСЛУГИ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН (1,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011

Целта на проектот е да ги поедностави и усогласи регулативите од областа на трговијата и административните процедури, особено карго-процедурите, и да развие сеопфатен регионален приод. Проектот ќе биде спроведен од Меѓународната финансиска корпорација.

5

Поглавје

# ЈАВНИ НАБАВКИ

Петтото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на јавните набавки и се состои од три дела, и тоа: 1) Општи принципи; 2) Доделување јавни договори, и 3) Правни лекови. Македонија има на располагање 1,2 милиони евра од Националната ИПА и 4 милиони од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| 1. | Поддршка на системот за јавни набавки | 1.200.000 | 2008 |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| 1. | Обука за јавни набавки на Западен Балкан и на Турција | 4.000.000 | 2009 |
| **СЀ ВКУПНО** | | **5.200.000** | |

## 1. ПОДДРШКА НА СИСТЕМОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ (1,2 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2008

**ЦЕЛ** – Натамошно зајакнување на капацитетот на Бирото за јавни набавки, во смисла на контролната и советодавната функција, како и капацитетот на Државната комисија за жалби.

Со овој проект ќе се постигнат следниве резултати:

**КОМПОНЕНТА 1:** Поддршка на Бирото за јавни набавки

- Целосна имплементација на усогласеното законодавство за јавни набавки;
- Ефективно и ефикасно Биро за јавни набавки;
- Подобрени вештини за јавни набавки кај економските оператори;
- Заокружување на усогласувањето на законодавството за јавни набавки со она на ЕУ, и
- Високо ниво на јавна доверба во Бирото за јавни набавки.

**КОМПОНЕНТА 2:** Поддршка на Државната комисија за жалби (да се воспостави)

- Целосно воспоставена Државна комисија за жалби, и
- Целосно имплементирана директива за правните лекови.

## I. ОБУКА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И НА ТУРЦИЈА (4 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Да придонесе кон надградување на работата и професионализмот на системите за јавни набавки на Западен Балкан и Турција. Преку проектот ќе се развие одржлива стратегија за обука на државите-кориснички на регионално и на националните нивоа, која ќе биде усогласена со законодавството и со практиките за јавни набавки на ЕУ, како и со поврзаните национални закони. Проектот ќе ги постигне следниве резултати: 1) Воспоставена инфраструктура за регионална соработка на полето на јавните набавки во сите држави-кориснички (заеднички алатки, програми и материјали за обука, мрежа експерти сертификувани во согласност со регионално прифатените правила); 2) Секоја држава-корисник ќе има Национална стратегија за обука; 3) Воспоставен тим способни обучувачи за јавни набавки, кои ќе можат да ги скројат модулите за обука во согласност со националниот, правниот и административниот контекст; 4) Одржлива испорака на *лице-в-лице* и *он-лајн* модалитетите на обука за набавки, во блиска соработка со призната мрежа институции за обука, и 5) Обезбедена регионална димензија за размена на искуства на полето на јавните набавки.

6

Поглавје

# ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

Шестото поглавје од правните критериуми се занимава со правото на трговските друштва и се состои од два дела, и тоа: 1) Право на трговски друштва, и 2) Корпоративно сметководство и ревизија. Во Националната ИПА Македонија нема предвидено никакви средства за ова поглавје, ниту пак има средства испрограмирани во Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| | / | 0 | 0 |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| | / | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | | **0** | |

7

Поглавје

# ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Седмото поглавје од правните критериуми се занимава со правото на интелектуална сопственост и се состои од три дела, и тоа: 1) Авторски и сродни права; 2) Права на индустриска сопственост, и 3) Спроведување на Законот. Македонија има на располагање околу 1 милион од Националната ИПА и 2 милиони од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Зајакнување на капацитетите за ефикасно спроведување на правата од интелектуалната сопственост | 1.045.000 | 2011 |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **1.** | Програма за правата од индустриска и интелектуална сопственост | 2.000.000 | 2007 |
| **ВКУПНО** | | **3.045.000** | |

## 1. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ЕФИКАСНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНАТА СОПСТВЕНОСТ (1.045.МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2011

**ЦЕЛ** – Зајакнување на капацитетот на институциите кои работат со правата од интелектуалната сопственост и нивно ефикасно спроведување. За таа цел, ќе се зајакнат капацитетите на институциите, со цел тие да работат со поголема усогласеност со ЕУ-стандардите и најдобрите практики застапени во оваа област. На тој начин ќе се зголеми јавната свест за важноста на заштитата на правата од индустриската сопственост, како и на борбата против фалсификувањето и од пиратските стоки.

## I. РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ПРАВАТА ОД ИНДУСТРИСКА И ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ (2 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2007, НАМЕНЕТА ЗА АЛБАНИЈА, БИХ, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И КОСОВО И ТУРЦИЈА

**ЦЕЛ** – Помош на властите и на економските оператори во државите-кориснички во нивната подготовка за идното членство во ЕУ. Неопходно е техничката помош да биде и натаму на располагање, во согласност со приоритетите дефинирани од Комисијата во Пристапните/ Европските партнерства, во извештаите за напредокот, како и во дијалогот со националните власти. Проектот се фокусира на следниве активности:

- Развој на административниот капацитет на корисниците, со натамошно информирање;
- Натамошна адаптација на националната правна рамка, во согласност со ЕУ-законодавството и договорите со СТО поврзани со аспектите на интелектуалната сопственост (TRIPS);
- Зајакнување на властите кои го спроведуваат законот и кои се борат против фалсификувана стока;
- Постигнување одржливи служби преку одобрување/адаптација на националните стратегиски планови, трансфер на знаење, а со тоа и на сопственоста на проектот на корисниците, и
- Создавање општа свест за интелектуалната сопственост кај бизнисот, индустријата, образованието, правдата и кај општата јавност.

8
Поглавје

# ПОЛИТИКА НА КОНКУРЕНЦИЈА

Осмото поглавје од правните критериуми се занимава со политиката на конкуренција и се состои од два дела, и тоа: 1) Антитруст и спојувања, и 2) Државна помош. Македонија има на располагање само околу 1 милион евра, и тоа од Националната ИПА. Повеќекорисничката ИПА нема предвидено проект за финансирање од ова поглавје, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Помош на Комисијата за заштита на конкуренцијата | 950.000 | 2009 |

## 1. ПОМОШ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА (950.000 ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Општата цел на проектот е да ја промовира и зајакне пазарната конкуренција преку подобрување на системот за државна помош, а со тоа да придонесе кон континуиран економски раст на државата. Конкретната цел на проектот е да го зајакне капацитетот на Комисијата за заштита на конкуренцијата за управување и спроведување на политиките на ЕУ за државна помош, да го подигне нивото на знаење и разбирање на обезбедувачите на државна помош и да го подобри севкупното планирање, известување и следење на државната помош. Проектот има две компоненти, и тоа:

**КОМПОНЕНТА 1:** Зајакнати институционални и административни капацитети на КЗК, во согласност со европското законодавство и европската добра практика во областа, преку создавање функционален систем за следење, нотификација и контрола на државната помош во Македонија, и

**КОМПОНЕНТА 2:** Зголемена свест за државната помош, така што КЗК е препознатлива институција за пошироката јавност и подобрена контрола на државните институции, владините агенции, регионалните и локалните самоуправи, судството и бизнис-секторот.

9

Поглавје

# ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ

Деветтото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на финансиските услуги и се состои од четири дела, и тоа: 1) Банки и финансиски конгломерати; 2) Осигурување и професионални пензии; 3) Инфраструктура на финансискиот пазар, и 4) Пазар со хартии од вредност и инвестициски услуги. Македонија има на располагање 1,5 милиони евра од Националната ИПА. И во ова поглавје нема средства испрограмирани од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Поддршка на Агенцијата за надзор на осигурувањето | 500.000 | 2007 |
| **2.** | Поддршка на Агенцијата за надзор на целосно финансираното пензиско осигурување (МАПАС) | 1.000.000 | 2008 |
| **ВКУПНО** | | **1.500.000** | |

## 1. ПОДДРШКА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА НАДЗОР НА ОСИГУРУВАЊЕТО (0,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2007

**ЦЕЛ** – Да придонесе кон градењето професионално управување на Агенцијата за надзор на осигурувањето (АНО), што ќе овозможи соодветна примена на националното законодавство, водејќи сметка за ЕУ-регулативата и најдобрите практики, и соодветно обезбедување висококвалитетни услуги за деловната заедница, потрошувачите и за граѓаните, на транспарентен начин што ќе ја ужива довербата на граѓаните.

Помош на АНО за постигнување на следниве резултати:

- зајакнати оперативни капацитети на АНО, преку обука на кадарот за да ги разбира, применува и имплементира најдобрите меѓународни практики за прудентен надзор, како и ЕУ-директивите за осигурување;

- изготвени подзаконски акти што произлегуваат од измените на Законот за надзор на осигурувањето;
- изготвени препораки за натамошно усогласување на националните закони и подзаконски акти со ЕУ-законодавството;
- изготвување на првиот годишен извештај;
- дефинирање на техничките спецификации за неопходниот хардвер и софтвер и заокружување на потребните доработки на софтверот (функции, надзор на развојот на софтверот, обука на кадарот);
- воспоставени односи со релевантните меѓународни организации со слични надзорни тела во ЕУ-државите, и
- зајакнат капацитет на играчите на локалниот пазар за спроведување на правилата за управување со ризик, адекватно корпоративно владеење, механизам за внатрешна контрола и потребните сметководствени политики.

## 2. ПОДДРШКА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА НАДЗОР НА ЦЕЛОСНО ФИНАНСИРАНОТО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ (МАПАС), (1 МИЛИОН ЕВРА), ИПА 2008

**ЦЕЛ** – Да обезбеди техничка поддршка за МАПАС, со цел да ги зајакне практиките на имплементацијата преку градење капацитети и подобрено организационо управување, вклучувајќи ги и стратегиското и деловното планирање, процесите на деловното работење, управувањето со истражувањето/знаењето и развојот на ИТ, преку воведување надзор што се базира на правилата и на ризикот и, оттука, придонесува за усогласување на надзорот со практиките на ЕУ

Со овој проект ќе се исполнат следниве резултати:

- Имплементација на практики на надзор базиран на ризик;
- Стратегиско и деловно планирање со дефинирање на деловните процеси, и
- Подобрување на безбедноста и управувањето со знаењето.

10

Поглавје

# ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ

Десеттото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на информатичкото општество и на медиумите и се состои од три дела, и тоа: 1) Електронски комуникации и медиуми; 2) Услуги на информатичкото општество, и 3) Аудиовизуелна политика. Македонија има на располагање околу 0,8 милиони евра од Националната ИПА и неполни 16 милиони од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Зајакнување на административните капацитети на властите одговорни за телекомукациите и за медиумите за ефикасна регулација на новите дигитални и мултиплеј услуги | 810.000 | 2009 |
| **2.** | Слобода на изразувањето – реформи на медиумите | 1.600.000 | 2011 |
| **Вкупно** | | **2.410.000** | |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **1.** | Регионална програма за граѓанско општество – медиумска компонента во Југоисточна Европа | 1.500.000 | 2007 |
| **2.** | Регионална програма за информации и комуникации | 7.000.000 | 2007 |
| **3.** | Регионална програма за информации и комуникации | 7.300.000 | 2008 |
| **Вкупно** | | **15.800.000** | |
| **СÈ ВКУПНО** | | **18.210.000** | |

## 1. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ВЛАСТИТЕ ОДГОВОРНИ ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИТЕ И ЗА МЕДИУМИТЕ ЗА ЕФИКАСНА РЕГУЛАЦИЈА НА НОВИТЕ ДИГИТАЛНИ И МУЛТИПЛЕЈ УСЛУГИ (810.000 ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Ефикасна регулација на новите дигитални и мултиплеј услуги заради создавање конкурентна средина за развој на бизнисот и заштита на потрошувачите. Конкретната цел на овој проект е зајакнување на капацитетите на регулаторите на телекомуникациските и медиумските услуги и нивното следење на развојните комуникациски пазари, имплементација на ЕУ-регулаторната рамка и за аудиовизуелните услуги, за извршување различни видови регулација на содржината и за градење ефикасен систем за заштита на потрошувачите.

## 2. СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ – ПОДДРШКА НА РЕФОРМИТЕ НА МЕДИУМИТЕ (1,6 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2011

Со овој проект ќе се направи проценка на тековните капацитети на регулаторите за да се види колку тие можат да ја промовираат слободата на изразувањето, вклучувајќи го и Советот за радиодифузија, кој е одговорен за мониторинг на локалните и на регионалните радиодифузери. Законската рамка подобро ќе се применува во целата држава и ќе се направи инфраструктурна проценка за воспоставување и опремување на регионални мониторинг точки. Ќе се изградат кадровските капацитети за следење на програмските сервиси, медиумскиот пазар, сопственоста на медиумите и анализа на податоците. Исто така, ќе се изградат и капацитетите на Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) за ефективно пресудување во предметите поврзани со медиумскиот пазар и конкуренцијата. Ќе се изградат и капацитетите на Здружението на новинарите на Македонија за тоа да стане watchdog-организација за медиумските слободи и професионализам. Ќе се воспостави Прес-совет за саморегулација и ќе се надградат 6-те регионални центри на ЗНМ. Ќе се промовираат новинарските стандарди и ќе се обучат новинарите. Ќе се подобри и работата на Советот на честа на ЗНМ. Во МРТВ ќе се воспостави тело што ќе ја даде рамката за одговорностите и етиката на новинарската професија и ќе се обучат судии за судската практика во оваа област.

## I. РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО – МЕДИУМСКА КОМПОНЕНТА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (1,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2007, НАМЕНЕТА ЗА АЛБАНИЈА, БИХ, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И КОСОВО И ТУРЦИЈА

Проектот се состои од три приоритетни оски или потпроекти, и тоа:

### 1. ПОДДРШКА НА ТВ-МЕДИУМСКА ПРОДУКЦИЈА (980.000 ЕВРА)

**ЦЕЛ** – Проектот ќе го подигне нивото на соработка меѓу засегнатите страни во медиумскиот сектор (радиодифузерите и продуцентите), ќе ја зајакне позицијата на независните медиуми и стандардите за телевизиска продукција во државите-кориснички, преку градење партнерства, размена на програми и проток на информации. Овој проект, исто така, ќе ја зајакне регионалната димензија на телевизиската продукција, зголемувајќи ги професионализмот и соработката меѓу релевантните телевизии, како и техничкото знаење, здравите стандарди и практики и капацитетот на засегнатите страни, што ќе доведе до поголем број квалификувани професионалци.

### 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РАЗМЕНАТА НА РЕГИОНАЛНИ ВЕСТИ ОД ХАШКИОТ ТРИБУНАЛ, МЕЃУНАРОДНИОТ СУД НА ПРАВДАТА И МЕЃУНАРОДНИОТ КРИВИЧЕН СУД (200.000 ЕВРА)

**ЦЕЛ** – Да им обезбеди на локалните медиуми во државите од Западен Балкан сигурни, објективни и непристрасни информации, главно за настаните од Хашкиот трибунал, но и од другите меѓународни судови, а со тоа да ја донесе меѓународната правда поблиску до жртвите и до општата јавност, за таа да се увери дека правдата се спроведува и како таа се спроведува. Проектот ќе се спроведе преку:

- Пишани и аудиоизвештаи и неделни телевизиски програми од Трибуналот, и
- Дистрибуција на сите производи до медиумите во државите од Западен Балкан, за тие да бидат достапни за јавноста преку локалните радиодифузери и Интернет, како и за европските и меѓународните медиумски фактори.

## 3. УСОГЛАСУВАЊЕ НА МЕДИУМСКИОТ СЕКТОР СО ЕВРОПСКИТЕ СТАНДАРДИ (320.000 ЕВРА)

**ЦЕЛ** – Зголемување на ефикасноста на постојните саморегулаторни механизми во медиумскиот сектор, почитување на етичкиот кодекс, подобрување на профилот на медиумската заедница и индустријата, градење мрежи заради забрзување на реформите во медиумскиот сектор по пат на регионална соработка и зголемување на јавната свест. Во рамките на проектот се планирани конференции, а за нивно одржување се предвидени 120.000 евра.

## II. РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИИ (7 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2007, НАМЕНЕТА ЗА АЛБАНИЈА, БИХ, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА, СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И КОСОВО И ТУРЦИЈА

**ЦЕЛ** – Спроведување на стратегиите за комуникација од страна на Делегациите на ЕК во државите-кориснички заради:

- зголемување на знаењето на државите за процесот на европската интеграција и импликациите од него (придобивки и предизвици);
- зголемување на општото разбирање за ЕУ, нејзините политики и програми;
- промоција на конкретните резултати на помошта од ЕУ обезбедена преку ИПА, како финансиска алатка за поддршка за државите-кандидатки и потенцијални кандидатки за да напредуваат кон целта – членството во ЕУ, и
- зголемување на свеста за регионалната соработка во Југоисточна Европа, а особено во државите од Западен Балкан, како услов за напредување во процесот на европската интеграција.

Од овој буџет, за Македонија се наменети 0,5 милиони евра.

## III. РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИИ (7,3 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2008, НАМЕНЕТА ЗА АЛБАНИЈА, БИХ, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА, СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И КОСОВО И ТУРЦИЈА

**ЦЕЛ** – Спроведување на стратегиите за комуникација од страна на Делегациите на ЕК во државите-кориснички заради:

- нагласување на обврската на ЕУ за европската перспектива на државите-кандидатки и потенцијални кандидатки;
- подобрување на разбирањето во државите-кориснички за процесот на европската интеграција – условите за напредок на секоја држава зависат од темпото на спроведување на реформите од страна на државите;
- зголемување на знаењето на граѓаните за придобивките во различните фази на европската интеграција;
- зголемување на општото разбирање за ЕУ, нејзините политики и програми;
- промоција на конкретните резултати на помошта од ЕУ обезбедена преку ИПА, како финансиска алатка за поддршка за државите-кандидатки и потенцијални кандидатки за да напредуваат кон целта – членството во ЕУ;
- поддршка на владите од државите во нивните напори да ги комуницираат ЕУ- прашањата;
- промоција на развојот на граѓанското општество и дијалогот, и
- зголемување на свеста за регионална соработка во Југоисточна Европа, нејзините позитивни резултати и нејзината комплементарност со европската интеграција.

Од овој буџет, за Македонија се наменети 0,5 милиони евра.

11
Поглавје

# ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Единаесеттото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на земјоделството и на руралниот развој и се состои од седум дела, и тоа: 1) Хоризонтални прашања; 2) Организација на заеднички пазар; 3) Производи од животинско потекло; 4) Посебни култури; 5) Рурален развој; 6) Политика на квалитет на производите, и 7) Органско земјоделство. Македонија има на располагање околу 14 милиони од Националната ИПА. Во Повеќекорисничката ИПА не се испрограмирани средства за ова поглавје, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Развој на административниот капацитет за донесување и имплементација на европското законодавство | 2.000.000 | 2008 |
| **2.** | Институционално градење на административните капацитети за имплементација на земјоделската политика и политиката за рурален развој | 2.579.500 | 2009 |
| **3.** | Надградба на институционалните и административните капацитети во земјоделството и руралниот развој во согласност со условите на европското пристапување | 2.422.500 | 2011 |
| **4.** | Поддршка и институционално јакнење на капацитетите во областа на земјоделството и руралниот развој за имплементација на Заедничката земјоделска политика | 7.000.000 | 2012-2013 |
| **Вкупно** | | **14.002.000** | |

## 1. РАЗВОЈ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ КАПАЦИТЕТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЕВРОПСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ СЕКТОР (2 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2008

**ЦЕЛ** – да се обезбеди техничка и материјална поддршка на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и на Платежната агенција за да се зајакнат националните и регионалните способности што се потребни за решавање на приоритетите за усогласување со ЕУ, како и пазарно ориентираните реформи и развој на секторот.

Со овој проект, ќе се постигнат следниве резултати:

- Донесување и имплементација на европското законодавство во областа на Заедничката земјоделска политика, особено во однос на имплементацијата од страна на Платежната агенција;
- Развој и имплементација на мерките за агро-средина, и
- Дизајнирање на функционален интегриран систем за администрација и контрола (IACS) и воспоставување на неопходниот институционален капацитет.

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНО ГРАДЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ПОЛИТИКА И ПОЛИТИКАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ (579.500 ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Општата цел на проектот е да придонесе кон развојот на земјоделскиот сектор во државата преку институционално градење на административните капацитети за имплементација на политиките за земјоделство и за рурален развој. Конкретната цел на проектот е да ги зајакне националните и регионалните способности што се неопходни за пристапување во ЕУ и за пазарно-ориентираните реформи и развој на секторот. Проектот има две компоненти, и тоа:

**КОМПОНЕНТА 1:** Преземање и имплементација на европското законодавство од областа на Заедничката земјоделска политика, и

**КОМПОНЕНТА 2:** Натамошна надградба на системот за идентификација на земјишните парцели во рамките на Интегрираниот административен и контролен систем.

## 3. НАДГРАДБА НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ, ВО СОГЛАСНОСТ СО УСЛОВИТЕ НА ЕВРОПСКОТО ПРИСТАПУВАЊЕ (2.422 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2011

**ЦЕЛ** – Обезбедување техничка помош за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и за Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), заради зајакнување на националните и регионалните способности за управување, спроведување и применување на механизмите од Заедничката земјоделска политика на ЕУ со фокус на:

**КОМПОНЕНТА 1:** Постепеното надградување на АФПЗРР од ИПАРД во сеопфатна платежна агенција, и

**КОМПОНЕНТА 2:** Натамошна надградба на Земјоделскиот информациски систем (ЗИС) и подготовка на институционалните структури за имплементација на ЗИС, во согласност со ЗЗП на ЕУ.

## 4. СЕКТОР „ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ“ (10,175 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2012-2013

За овој сектор е предвидено да се состои од два проекта, и тоа:

### 4.1. Натамошна поддршка и институционално јакнење на капацитетите во областа на земјоделството и руралниот развој за имплементација на Заедничката земјоделска политика (Common Agricultural Policy – CAP)

Целта на овој проект е да обезбеди натамошна поддршка на институционалните капацитети на државата преку пет интервенции: 1) Поддршка за подготовките и имплементацијата на петтата компонента на ИПА (ИПАРД) по 2013 година; 2) Техничка поддршка за класификација на земјоделските површини со природен недостаток; 3) Воведување активности од областа на консолидацијата на земјиштето; 4) Заокружување на Мрежата на податоци за земјоделското сметководство, и 5) Реформирање на секторот тутун, во согласност со ЕУ- правилата. Вредноста на овој проект е 7 милиони евра.

## 4.2. Натамошно усогласување со барањата на ЕУ од страна на овластените тела во областа на безбедноста на храната, ветерината и фитосанитарната политика

Со овој проект ќе се работи на дополнително градење на институционалните и административните капацитети на националните тела кои се занимаваат со оваа област. Посебно ќе се обезбеди поддршка на Агенцијата за храна и на Ветеринарната управа, како и на Фитосанитарната дирекција, со цел да се подобри нивната севкупна способност за имплементација на европското законодавство, како и обврските што произлегуваат од другите документи. Подобрувањето на контролата на болестите кај животните, теренските инспекции, безбедноста на храната и на добиточната храна, контролата на примарното производство, како и системите за контрола на здравјето на растенијата, ќе бидат третирани во рамките на овој проект. Вредноста на проектот е 3,175 милиони евра. (Видете го и Поглавјето 12 – Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика).

12
Поглавје

# БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

Дванаесеттото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на безбедноста на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика и се состои од шест дела, и тоа: 1) Општи принципи; 2) Ветеринарна политика; 3) Пуштање во промет на прехранбени производи и добиточна храна; 4) Правила за безбедност на храната; 5) Посебни правила за добиточната храна, и 6) Фитосанитарна политика. Македонија има на располагање околу 12 милиона евра од Националната ИПА. Во Повеќекорисничката ИПА не се испрограмирани средства за ова поглавје, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Градење на капацитетите на ветеринарната управа за спроведување на европското законодавство | 3.300.000 | 2008 |
| **2.** | Градење капацитети на надлежните власти за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика | 1.744.425 | 2009 |
| **3.** | Зајакнување на административните и институционалните капацитети на надлежните власти во однос на безбедноста на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика | 3.553.650 | 2010 |
| **4.** | Натамошно усогласување со барањата на ЕУ во областа на безбедноста на храната, ветерината и фитосанитарната политика | 3.175.000 | 2012-2013 |
| **Вкупно** | | **11.773.075** | |

## 1. ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ВЕТЕРИНАРНАТА УПРАВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕВРОПСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО (3,3 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2008

**ЦЕЛ** – да обезбеди техничка и материјална помош на Ветеринарната управа заради подобрување на целокупната функционалност и капацитет за имплементација на европското законодавство.

Со овој проект ќе се постигнат следниве резултати:

- Поддршка за транспозиција на европското законодавство;
- Зајакнување на инспекциските служби;
- Поддршка на контролата на болести кај животните;
- Воспоставување систем за отстранување на животински отпад, и
- Идентификација и регистрација на прасиња.

## 2. ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА НАДЛЕЖНИТЕ ВЛАСТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА (1.744 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Општата цел на проектот е да ја подобри заштитата на здравјето на луѓето, животните и растенијата, преку зајакнување на институционалниот капацитет на системот за безбедност на храната. Конкретната цел на проектот е да ја подобри институционалната рамка за безбедност на храната во државата, со тоа што ќе се зајакне постојниот систем на надлежни тела и институции за да се обезбеди интегриран мултидисциплинарен приод што ги опфаќа сите фази во синџирот на исхраната. Проектот има 4 компоненти, и тоа:

**КОМПОНЕНТА 1:** Административно и институционално зајакнување на властите надлежни за храната, ветеринарната и фитосанитарната политика;

**КОМПОНЕНТА 2:** Имплементација на мониторинг-програма за безбедност на храната и програми за фитосанитарен мониторинг;

**КОМПОНЕНТА 3:** ISO 17020 подготовки за акредитација на инспекциските служби, и

**КОМПОНЕНТА 4:** Имплементација на стратегијата за животински нус-производи.

## 3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА НАДЛЕЖНИТЕ ВЛАСТИ ВО ОДНОС НА БЕЗБЕДНОСТА НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРНАТА И ФИТОСАНИТАРНАТА ПОЛИТИКА (3.553 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Обезбедување техничка помош за Управата за ветерина, храна и фитосанитарна политика за подобрување на способноста за имплементација на европското законодавство, како и обврските од Пристапното партнерство, со посебен осврт на теренските инспекции, безбедноста на храната, контролата на животинските болести, здравјето на растенијата, производите за заштита на растенијата, контролата на ветеринарните медицински производи и зацврстувањето на граничната контрола по увозот.

Проектот ќе придонесе кон здравјето на животните и ќе обезбеди ефективна заштита на целата територија, како и на територијата на соседните држави, од продирањето на заразните болести, преку следење и вакцинирање против беснило. Воспоставувањето ИТ- систем за мониторинг ќе обезбеди сеопфатна база на податоци за загадувачите на храната и ќе ја подобри идентификацијата на ризиците, како превентивен инструмент за контрола. Проектот ќе помогне во воведувањето нови национални правни акти при усогласувањето со правото на ЕУ.

## 4. НАТАМОШНО УСОГЛАСУВАЊЕ СО БАРАЊАТА НА ЕУ ОД СТРАНА НА ОВЛАСТЕНИТЕ ТЕЛА ВО ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАТА И ФИТОСАНИТАРНАТА ПОЛИТИКА, СЕКТОР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ (3.175 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2012-2013

Со овој проект ќе се работи на дополнително градење на институционалните и административните капацитети на националните тела кои се занимаваат со оваа област. Посебно ќе се обезбеди поддршка на Агенцијата за храна и на Ветеринарната управа, како и на Фитосанитарната дирекција, со цел да се подобри нивната севкупна способност за имплементација на европското законодавство, како и на обврските што произлегуваат од другите документи. Во рамките на овој проект ќе бидат третирани подобрувањето на контролата на болестите на животните, теренските инспекции, безбедноста на храната и на добиточната храна, контрола на примарното производство, како и системите за контрола на здравјето на растенијата. Вредноста на проектот е 3,175 милиони евра. (Целото секторско фише можете да го најдете во Поглавјето 11 – Земјоделство и рурален развој).

13
Поглавје

# РИБАРСТВОТО

Тринаесеттото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на рибарството и се состои од пет дела, и тоа: 1) Управување со ресурсите и флотите; 2) Инспекција и контрола, 3) Пазарна политика; 4) Структурна политика, и 5) Државна помош. Во Националната ИПА Македонија нема предвидено средства за ова поглавје,ниту пак има проекти што би се финансирале од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| | / | 0 | 0 |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| | / | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | | **0** | |

14
Поглавје

# ТРАНСПОРТНА ПОЛИТИКА

Четиринаесеттото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на транспортната политика и се состои од шест дела, и тоа: 1) Патен сообраќај; 2) Железнички сообраќај; 3) Внатрешен воден сообраќај; 4) Комбиниран транспорт; 5) Воздушен сообраќај, и 6) Државна помош и сателитска навигација. Македонија има на располагање најмалку 720.000 евра од Националната ИПА. Секторското фише за годините 2012-2013 не содржи износ. На регионално ниво има околу 48 милиони евра испрограмирани од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| **Национална ИПА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за транспорт за ефективно спроведување на законодавството за патен сообраќај | 720.000 | 2009 |
| **2.** | Сектор „Транспорт“ | / | 2012-2013 |
| **Вкупно** | | / | |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **1.** | Инвестициска рамка за Западен Балкан – инфраструктура за транспорт и енергетика | 45.762.000 | 2011 |
| **2.** | Хоризонтална координацијата со меѓународните финансиски институции на Западен Балкан и на Турција | 2.000.000 | 2011 |
| **3.** | Поддршка на Опсерваторијата на Југоисточна Европа за транспорт (Southeast Europe Transport Observatory – SEETO) | 600.000 | 2013 |
| **Вкупно** | | **48.362.000** | |
| **МИНИМУМ** | | **49.082.000** | |

## 1. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ И ОПЕРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ ЗА ЕФЕКТИВНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ (720.000 ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Општата цел на проектот е да ги зајакне ефикасноста и ефективноста на секторот транспорт во државата, во согласност со европското законодавство, преку зајакнување на националните административни капацитети за примена на законодавството за сообраќај. Конкретната цел на проектот е подобрување на оперативниот, управувачкиот и административниот капацитет на Државниот инспекторат за транспорт, за да може да се спроведат надлежностите поврзани со инспекцијата на патниот сообраќај, кои произлегуваат од Законот за патен сообраќај, Законот за јавни патишта, како и Законот за превоз на опасни стоки по друмски и железнички пат. Проектот има две компоненти:

**КОМПОНЕНТА 1:** Зајакнување на институционалниот капацитет на Државниот инспекторат (подготовка на Оперативен развоен план, прирачници и план за комуникација), и

**КОМПОНЕНТА 2:** Зајакнување на институционалниот капацитет на инспекторатот (преку обуки).

## 2. СЕКТОР „ТРАНСПОРТ“, ИПА 2012-2013

Во рамките на овој сектор има само еден проект наменет за Министерството за транспорт и врски. Во рамките на проектот ќе се развива патната, железничката, воздушната и пристанишната инфраструктура, како и другите главни рути од заеднички интерес и трансевропските и паневропските врски. Во фокусот ќе биде управувањето со железницата и со аеродромите, заедно со соодветната соработка меѓу релевантните национални власти. Посебно внимание ќе се посвети на патниот сообраќај, вклучувајќи ги и даноците, социјалниот аспект и животната средина. Предмет на овој проект ќе бидат и комбинираниот железнички и патен сообраќај, како и усогласувањето со меѓународната статистика. Модернизацијата на техничката опрема во согласност со ЕУ-стандардите, заедно со обезбедувањето помош при финансирањето на патниот и железничкиот сообраќај, мултимодалниот и трансшпедицијата, се предвидени во согласност со потребите. Ќе се промовираат и заедничките технолошки и истражувачки програми.

## I. ИНВЕСТИЦИСКА РАМКА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН – ИНФРАСТРУКТУРА ВО ОБЛАСТА НА ТРАНСПОРТОТ И ЕНЕРГЕТИКАТА (45,762 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011

Целта на проектот е да воспостави Инвестициска рамка за Западен Балкан (Western Balkan Investment Framework – WBIF) за да обезбеди подготовка и имплементација на приоритетните инфраструктурни проекти финансирани преку комбинација грантови и кредити и да ги обезбеди неопходните средства (финансиски и кадровски) за економските ентитети (финансиските институции и бизнисите), за да им овозможат да понудат конкурентни производи и услуги и да се соочат со предизвиците од економската криза.

## II. ХОРИЗОНТАЛНА ПОДДРШКА НА КООРДИНАЦИЈАТА СО МЕЃУНАРОДНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН И НА ТУРЦИЈА (2 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011

Целта на проектот е да ја подобри донаторската координација и ефективноста на помошта преку обезбедување конзистентност меѓу стратегиските цели и повеќекратното финансирање. Во рамките на проектот ќе се дискутира за приоритетите на ниво на јавната политика, стратегијата, техничките и оперативните карактеристики. Се однесува на областите инфраструктура и социоекономски развој.

## III. ПОДДРШКА НА ОПСЕРВАТОРИЈАТА НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ЗА ТРАНСПОРТ (SOUTHEAST EUROPE TRANSPORT OBSERVATORY – SEETO), (600.000 ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2013

Со овој проект ќе се поддржи имплементацијата на Стратегиската работна програма на SEETO, со цел Југоисточна Европа целосно да се интегрира во европскиот транспортен пазар. Јавниот повик за проектот ќе биде објавен во првиот квартал од 2013 година.

15

Поглавје

# ЕНЕРГИЈА

Петнаесеттото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на енергетиката и се состои од шест дела, и тоа: 1) Безбедност при снабдување; 2) Внатрешен пазар на енергија; 3) Државна помош; 4) Обновлива енергија; 5) Енергетска ефикасност, и 6) Нуклеарна безбедност и заштита од радијација. Македонија има на располагање околу 3 милиони евра од Националната ИПА и околу 7,5 милиони од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| **Национална ИПА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Поддршка на Регулаторната комисија за енергетика | 1.500.000 | 2007 |
| **2.** | Зајакнување на административните капацитети на Секторот за енергија при Министерството за економија и Агенцијата за енергија | 1.701.000 | 2009 |
| Вкупно | | 3.201.000 | |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **1.** | Регионална програма за нуклеарна безбедност и заштита од радијација | 2.560.000 | 2007 |
| **2.** | Плаќање во буџетот на Енергетската заедница | 1.300.000 | 2008 |
| **3.** | Нуклеарна безбедност и заштита од радијација | 1.350.000 | 2009 |
| **4.** | Зајакнување на техничкиот капацитет на нуклеарните регулаторни тела | 2.300.000 | 2011 |
| Вкупно | | 7.510.000 | |
| **СÈ ВКУПНО** | | **10.711.000** | |

## 1. ПОДДРШКА НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА (1,5 МИЛИОНИ ЕВРА) ИПА 2007

**ЦЕЛ** – да придонесе кон градењето професионално управување на РКЕ што ќе овозможи соодветна примена на националното законодавство, водејќи сметка за ЕУ-регулативата и за најдобрите практики, и соодветно обезбедување висококвалитетни услуги на деловната заедница, потрошувачите и граѓаните, на транспарентен начин што ќе ја ужива довербата на граѓаните

Помош на Регулаторната енергетска комисија за постигнување на следниве резултати:

- зајакнати капацитети на РКЕ;
- натамошно усогласување на националните закони и подзаконски акти со законодавството на ЕУ;
- намален ризик од коруптивни активности;
- помош при развивањето на софтверот (функции, надзор на развојот на софтверот, обука на кадарот), и
- изготвени правилници за: 1) Квалитетот на снабдувањето; 2) Мониторинг и безбедност во снабдувањето на секторите за електрична енергија и плин, и 3) Регулирање на цените.

## 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА СЕКТОРОТ ЗА ЕНЕРГИЈА ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА И АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕНЕРГИЈА (1.7 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Општата цел на проектот е да постигне поконкурентен енергетски пазар, преку процес на реформа на пазарно ориентираниот енергетски сектор со интеграција во Регионалниот енергетски пазар. Конкретната цел на проектот е да ги зајакне институционалните капацитети на Министерството за економија (Одделението за енергија) и на Агенцијата за енергија, за развој, мониторинг и евалуација на реформите во енергетскиот сектор коишто се неопходни заради усогласување со законодавството за енергија на ЕУ, како и со другите релевантни обврски од ЕУ. Проектот има 4 компоненти:

**КОМПОНЕНТА 1:** Зајакнување на институционалниот капацитет и подобрена работа на Одделението за енергија при Министерството за економија;

**КОМПОНЕНТА 2:** Поголема усогласеност со ЕУ-законодавството во секторот енергија;

**КОМПОНЕНТА 3:** Ревизија на постојните програми за имплементација на Стратегијата за развој на енергијата и ревизија на акцискиот план за континуирана либерализација на внатрешниот енергетски пазар и за зајакнување на регионалниот пазар, и

**КОМПОНЕНТА 4:** Зајакнати капацитети на Агенцијата за енергетика.

## I. РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА НУКЛЕАРНА БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА ОД РАДИЈАЦИЈА (2,56 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2007, НАМЕНЕТА ЗА АЛБАНИЈА, БИХ, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И КОСОВО

Оваа програма се состои од повеќе поединечни проекти, и тоа:

### 1. ПРОЦЕНКА НА РЕГУЛАТОРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ОБЛАСТА НА НУКЛЕАРНАТА БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТАТА ОД РАДИЈАЦИЈА ВО АЛБАНИЈА, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И КОСОВО (500.000 ЕВРА)

**ЦЕЛ –** Да придонесе кон преземањето на ЕУ-законодавството од областа на нуклеарната безбедност и заштитата од радијација. Конкретната цел на проектот е да ја процени регулаторната инфраструктура на шесте држави-кандидатки и потенцијални-кандидатки, во насока на преземање на директивите на Советот на Евроатом, како и на меѓународните конвенции што ги потпишала Европската заедница. Во зависност од проценката, треба да се предложи акциски план за секоја држава за усогласување на националните власти со оние на сестринските организации на државите-членки на ЕУ.

### 2. ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ И НА ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА И СИГУРНОСТА НА ЗАПЕЧАТЕНИТЕ РАДИОАКТИВНИ ИЗВОРИ ВО АЛБАНИЈА, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И КОСОВО (260.000 ЕВРА)

**ЦЕЛ –** Подобрување на безбедноста и сигурноста на запечатените радиоактивни извори во државите-кориснички, во согласност со Директивата на Евроатом бр. 2003/122, меѓународните инстру-

менти, стандарди и препораки. Прво ќе се направи анализа на тековните управувачки практики и на регулаторната контрола, за да може да се идентификуваат можните области каде што е пожелно да има подобрување и/или оптимизирање во согласност со Директивата на Евроатом, меѓународните инструменти, стандарди и препораки. . .

### 3. ПОМОШ НА АЛБАНИЈА, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И КОСОВО, ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА НИВНИТЕ СПОСОБНОСТИ ЗА РЕГУЛАТИВИТЕ ЗА РАДИОАКТИВЕН МАТЕРИЈАЛ ШТО ПРИРОДНО СЕ ПОЈАВУВА (NATURALLY OCCURRING RADIOACTIVE MATERIALS - NORM) И ТЕХНОЛОШКИ ЗАЈАКНАТИОТ РАДИОАКТИВЕН МАТЕРИЈАЛ ШТО ПРИРОДНО СЕ ПОЈАВУВА (TECHNOLOGICALLY ENHANCED NATURALLY OCCURRING RADIOACTIVE MATERIALS - TENORM), (600.000 ЕВРА)

**ЦЕЛ –** Подобрување на заштитата од радијација и зајакнување на капацитетот на регулаторните тела. Со овој проект ќе им се помогне на регулаторните тела да изготват конкретни регулативи за управување со NORM и со TENORM, главно врз основа на препораката на ЕК (заштита од радијација 122).

### 4. УПРАВУВАЊЕ СО МЕДИЦИНСКИОТ ОТПАД ВО АЛБАНИЈА, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И КОСОВО (650.000 ЕВРА)

**ЦЕЛ –** Подобрување на заштитата од радијација во државите-кориснички, во согласно со одредбите на членот 5 и членовите 44-47 од Директивата 96/29 на Евроатом. Проектот ќе направи анализа на тековните практики и регулативи за да можат да се идентификуваат можните области каде што е пожелно подобрување и/или оптимизирање.

### 5. ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ И НА ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ НЕЗАКОНСКАТА ТРГОВИЈА СО НУКЛЕАРНИ И СО ДРУГИ РАДИОАКТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ ВО АЛБАНИЈА, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И КОСОВО (250.000 ЕВРА)

**ЦЕЛ –** Да придонесе во борбата против незаконската трговија со нуклеарни и со други радиоактивни материјали, во согласност со одредбите од препораките на ЕК и на меѓународните ин-

струменти. Проектот ќе направи анализа на тековната ситуација во однос на способностите на државите од Западен Балкан да се борат против незаконската трговија со нуклеарни и со други радиоактивни материјали и ќе се идентификуваат потребите на сите држави поединечно во однос на регулативите, опремата, обуката на цариниците, полицијата и другите релевантни организации вклучени во употребата и одржувањето на мониторите.

## 6. ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ И НА ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИТЕ ЗА МОНИТОРИНГ НА РАДИОАКТИВНОСТА ВО СРЕДИНАТА ВО АЛБАНИЈА, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И КОСОВО (300.000 ЕВРА)

**ЦЕЛ** – Да ја подобри заштитата од радијација во државите-кориснички, во согласност со членот 35 од Договорот за Евроатом. Проектот ќе направи анализа на тековните практики и регулативи во однос на „постојаната контрола на нивото на радијација во атмосферата, водата и во почвата“, во согласност со член 35 од Договорот за Евроатом, за да може да идентификуваат можните области каде што е пожелно да се направат подобрувања и инвестиции.

## II. РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ОБВРСКАТА НА ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ДА ГО ПЛАТИ СВОЈОТ ПРИДОНЕС ВО БУЏЕТОТ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЗАЕДНИЦА (1,3 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2008

**ЦЕЛ** – Енергетската заедница е процес кој го проширува внатрешниот пазар на ЕУ за енергија во Југоисточна Европа. Договорот за основање на Европската енергетска заедница се стреми кон тоа да воспостави единствена регулаторна рамка за трговија со енергија во Југоисточна Европа и во ЕУ. Задачата на Европската енергетска заедница е да ги организира односите меѓу страните и да создаде правна и економска рамка поврзана со мрежата на енергијата. Глава цел е создавањето стабилна рамка што ќе го регулира пазарот, која може да привлече инвестиции за да се воспостави единствен регулаторен трговски простор, да се зајакне сигурноста во снабдувањето, да се подобри еколошката ситуација и да развие пазарна конкуренција за гас и електрична енергија на поширок географски простор.

## III. НУКЛЕАРНА БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА ОД РАДИЈАЦИЈА (1,35 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2009, НАМЕНЕТА ЗА МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И ЗА КОСОВО

**ЦЕЛ** – Намалување на радиолошките ризици за јавноста, но и за работниците кои се поврзани на кој било начин со радиоактивниот отпад во Македонија, Црна Гора и Косово. Проектот ќе се справи со запечатените радиоактивни извори, вклучувајќи ги и радиоактивните громобрани, во согласност со европското законодавство и ЕУ-практиките. Проектот ќе направи: 1) Критичка анализа на тековните управувачки практики за радиоактивен отпад во трите држави; 2) Сеопфатни регистри за запечатените радиоактивни извори, вклучувајќи ги и громобраните во трите држави; 3) Соодветна регулатива за обработка, транспорт и складирање на запечатените радиоактивни извори, вклучувајќи ги и громобраните во трите држави; 4) Сите радиоактивни громобрани ќе се отстранат, а со нивната радиоактивна содржина правилно ќе се управува и ќе се складираат во лиценцирана просторија за Македонија и Црна Гора; 5) Сите радиоактивни извори кои се сега складирани во просториите на корисниците ќе бидат пренесени во централната лиценцирана просторија за складирање (за Македонија и Црна Гора); 6) Селектирана локација, направен проект и изготвување на документација за изградбата на просторија за обработка и складирање на радиоактивен отпад во Косово, и 7) Персоналот од сите три држави ќе биде обучен за справување со радиоактивниот отпад.

## IV. НАТАМОШНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКИОТ КАПАЦИТЕТ НА НУКЛЕАРНИТЕ РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА ВО МАКЕДОНИЈА, АЛБАНИЈА, СРБИЈА И ВО КОСОВО (2,3 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011

Целта на овој проект е да придонесе за подобрување на заштитата од радијација, нуклеарната безбедност и заштита во Албанија, Македонија, Србија и Косово, преку зајакнување на техничкиот капацитет на нивните нуклеарни регулаторни агенции. Намената на проектот е да помогне во транспозицијата на европското законодавство од областа на нуклеарната безбедност и заштита од радијација и да го усогласи функционирањето на нуклеарните регулаторни агенции во спомнатите држави со нивните сестрински организации во ЕУ.

16
Поглавје

# ДАНОЦИ

Шеснаесеттото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на оданочувањето и се состои од четири дела, и тоа: 1) Индиректно оданочување; 2) Директно оданочување; 3) Административен капацитет и заемна помош, и 4) Оперативен капацитет и компјутеризација. Македонија има на располагање околу 3 милиони евра од Националната ИПА и околу 0,5 милиони евра од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Поддршка на Регулаторната комисија за енергетика | 1.500.000 | 2007 |
| **2.** | Зајакнување на административните капацитети на Управата за јавни приходи | 1.292.500 | 2010 |
| **Вкупно** | | **2.792.500** | |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **1.** | Програма за ИТ за царинските и за даночните управи | 500.000 | 2007 |
| **Вкупно** | | **3.292.500** | |

## 1. ПОДДРШКА НА ДАНОЧНАТА РЕФОРМА (2 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2007

**ЦЕЛ** – Да му помогне на МФ во изготвувањето закони и во спроведувањето на даночното законодавство, заради усогласување со ЕУ. Со успешно спроведување на овој проект ќе се подобри ефикасноста на управувањето во УЈП и нејзините оперативни активности, со тоа што фокусот ќе се стави на клучните сектори на институцијата поврзани со наплатата на даноците, борбата против даночно затајување и корупцијата. Проектот, исто така, ќе помогне да се подобри квалитетот на услугите за бизнис-секторот, особено за малите и средните претпријатија.

Со проектот ќе се постигнат следниве резултати:

**КОМПОНЕНТА 1:** Натамошно усогласување со европското законодавство, преку:

- Натамошно усогласување на законодавството во областа на оданочувањето, особено кај директните даноци;
- Нов Закон за персонален данок на доход, како и соодветни подзаконски акти, организирани работилници и студиска посета на некоја од новите држави-членки, и
- Нов Закон за добивка и соодветни подзаконски акти, организирани работилници и студиска посета во некоја од новите држави-членки.

**КОМПОНЕНТА 2:** Зајакнување на административниот капацитет на УЈП, преку обука на вработените и подобрени канали за комуникација. Посебно внимание ќе се посвети на внатрешната контрола, даночната измама (разузнавањето и истрагата) и професионалните стандарди:

- Зајакната функција за внатрешна контрола;
- Воспоставено одделение за професионални стандарди, кое може да иницира, води истраги и да ги завршува истрагите за наводно лошо однесување на вработените во УЈП;
- Воспоставување на Одделение за даночно разузнавање;
- Подобрена ефективност на Одделението за даночно разузнавање, со примена на модерни техники за анализа на ризик;
- Развивање ефективни комуникации, во согласност со фискалната скица на ЕУ, подобрени внатрешни и надворешни процедури за комуникација, и
- Зголемена ефикасност и квалитет на услугите, подобрени капацитети за управување (применуван етички кодекс и стратегии за присилна наплата и услуги за даночните обврзници).

**КОМПОНЕНТА 3:** Воведување пилот-канцеларија за малите и средните даночни обврзници во градот Штип и подобрување на услугите за малите и средните даночни обврзници:

- Пилот канцеларијата за малите и средните даночни обврзници е оперативна;
- Подобрени услуги за малите и средните даночни обврзници;
- Зголемена свест за доброволно плаќање на малите и средните даночни обврзници, и
- Студиска посета на вработени од УЈП, со цел подобро да ги разбираат малите и средните даночни обврзници.

## 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ (1.292 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Зајакнување на квалитетот на услугите за даночните обврзници, преку воспоставување ефективни методи и алатки за ширење информации и за подобри услуги за даночните обврзници. Проектот ќе обезбеди посилно партнерство меѓу даночните обврзници и даночниците. Проектот, исто така, ќе овозможи еднакво толкување на даночните закони во целата држава и ќе гради средина којашто е пријателски настроена кон даночните обврзници, преку Контакт-центарот на УЈП.

Се очекува проектот да го зголеми бројот на обработените даночни пријави, благодарение на проширените капацитети на Контакт-центарот, програмата за обука, воведувањето нова ИТ и нови методологии за работа, со што ќе се зголеми и доброволното плаќање на даноците.

## I. РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ИТ ЗА ЦАРИНСКАТА И ЗА ДАНОЧНАТА УПРАВА (0,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2007, НАМЕНЕТА ЗА АЛБАНИЈА, БИХ, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И КОСОВО И ТУРЦИЈА

**ЦЕЛ** – Поддршка на државите-кориснички во нивните подготовки во областа на даноците и царините за изнаоѓање решение за интерконекција и интероперабилност на ИТ-системите, во насока на идното членство во ЕУ. Проектот ќе даде насоки и специјализирана помош за идентификување на техничките потреби на националните ИТ-стратегии и планови за тие да бидат кохерентни со барањата на ЕУ за ИТ-интерконекциите и интероперабилноста, а со тоа се обезбедува пофокусирана финансиска помош од страна на ЕУ за развој на ИТ-системите што се неопходни во областа на царините и даноците.

17
Поглавје

# ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА

Седумнаесеттото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на економско-монетарната унија и се состои од два дела, и тоа: 1) Монетарна политика, и 2) Економска политика. Во Националната ИПА Македонија нема предвидено средства за ова поглавје, ниту, пак, се испрограмирани средства во Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| | / | 0 | 0 |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| | / | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | | **0** | |

18

Поглавје

# СТАТИСТИКА

Осумнаесеттото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на статистиката и се состои од три дела, и тоа: 1) Статистичка инфраструктура; 2) Класификации и регистри, и 3) Секторски статистики. Македонија има на располагање околу 2,8 милиони евра од Националната ИПА и околу 24 милиони евра од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Поддршка на Државниот завод за статистика | 2.000.000 | 2007 |
| **2.** | Поддршка на Државниот завод за статистика | 1.465.000 | 2009 |
| Вкупно | | 2.792.500 | |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **1.** | Програма за ИТ за царинските и за даночните управи | 500.000 | 2007 |
| **2.** | Соработка на полето на статистиката | 5.400.000 | 2009 |
| **3.** | Програма за соработка во областа на статистиката | 8.200.000 | 2011 |
| **4.** | Програма за соработка во областа на статистиката | 10.000.000 | 2012 |
| Вкупно | | 24.100.000 | |
| **СЀ ВКУПНО** | | **26.892.500** | |

## 1. ПОДДРШКА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА (2 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2007

**ЦЕЛ** – да придонесе кон професионалното работење на Државниот завод за статистика и натамошен развој на Националниот статистички систем во насока на одржлив статистички систем усогласен со ЕУ.

Со овој проект ќе се остварат следниве резултати:

- Развој на квалитетен систем за сите процеси во производството на статистика;
- Натамошно усогласување на националните сметки и на другата економска статистика;
- Подобрена деловна статистика;
- Подобрена социјална статистика, и
- Подобрена опременост со ИТ.

## 2. ПОДДРШКА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА (1.465 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Општата цел на проектот е да придонесе кон подобрување на донесувањето одлуки од страна на владините институции, бизнисите и граѓаните во државата, преку производство на исцрпни и споредливи статистики, во согласност со ЕУ и со меѓународните стандарди кои натаму имаат за цел да ја унапредат демократијата и пазарно-ориентираната економија. Конкретната цел на проектот е да развие капацитети во Државниот завод за статистика за подобра сообразност со европското законодавство во областа на статистиката, со посебен фокус на националните сметки, економската статистика и социјалната статистика. Проектот има 4 компоненти, и тоа:

**КОМПОНЕНТА 1:** Натамошно подобрување на националните сметки;

**КОМПОНЕНТА 2:** Подобрување на секторските статистики (транспорт, надворешна трговија, земјоделство, животна средина и социјална статистика);

**КОМПОНЕНТА 3:** Институционален развој на ДЗС, преку обуки и студиски посети, и

**КОМПОНЕНТА 4:** Техничка помош и набавка на опрема за воспоставување централизиран систем за бекап и враќање на податоци во случај на паѓање на системот и поддршка за ин-лајн услугите за собирање податоци.

## I. РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА СТАТИСТИКАТА (3 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2007, НАМЕНЕТА ЗА АЛБАНИЈА, БИХ, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И КОСОВО И ТУРЦИЈА

**ЦЕЛ** – Помош на заводите за статистика во државите-кориснички во нивната подготовка за идното членство во ЕУ. Неопходно е техничката помош и натаму да биде на располагање во согласност со приоритетите дефинирани од Комисијата во Пристапните/ Европските партнерства и во Извештаите за напредокот. Проектот се фокусира на следниве области:

- Макроекономска статистика;
- Статистика за цени;
- Статистика за надворешната трговија;
- Земјоделска статистика;
- Статистика за населението, и
- Подобрен пренос на статистичките податоци.

## II. СОРАБОТКА НА ПОЛЕТО НА СТАТИСТИКАТА (5,4 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Да ги подготви статистичките власти во Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Црна Гора, Србија, Косово и Турција за идното членство во ЕУ, со тоа што ќе ги усогласи тековните методологии и практики со оние во ЕУ и ќе ги интегрира во Европскиот статистички систем. Со проектот ќе се надградуваат статистичките системи на државите-кориснички на ИПА, подобрувајќи ја достапноста, квалитетот, компарабилноста и временските ограничувања на статистиката. Очекуваните резултати од проектот се: 1) Поголема усогласеност на статистичкото законодавство; 2) Подобрени административни капацитети на статистичките служби, вклучувајќи ја и координацијата на националните статистички служби; 3) Подобро функционирање на националните статистички служби, и 5) Подобрена достапност, квалитет и компарабилност на статистичките податоци во приоритетните области.

## III. ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА СТАТИСТИКАТА (8,2 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011

Целта на проектот е да продолжи со надградбата и зајакнувањето на статистичките системи на државите-кориснички, со што ќе ги подобри расположливоста, квалитетот, споредливоста и навременоста на статистичките податоци. Проектот ќе се спроведе така што државните заводи за статистика на Македонија, Хрватска, Србија, Турција и Исланд ќе добијат директни грантови во првиот квартал од 2012 година, во вкупен износ од 5 милиони евра и со национално кофинансирање од 10%. Остатокот од средствата ќе се насочи за техничка помош за корисниците кои не добиле грант.

## IV. ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА СТАТИСТИКАТА (10 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2012

Целта на проектот е да ги подготви националните статистички заводи за идното членство во ЕУ, со тоа што ќе помогне во усогласувањето на методологиите и практиките со европското статистичко законодавство и ќе ги интегрира истите во Европскиот статистички систем. Ќе се продолжи со надградбата и зајакнувањето на статистичките системи на државите-кориснички, со што ќе се подобри расположливоста, квалитетот, споредливоста и навременоста на статистичките податоци. Проектот ќе се спроведе така што државните заводи за статистика на Македонија, Хрватска, Србија, Турција и Исланд ќе добијат директни грантови во вториот квартал од 2013 година, во вкупен износ од 5,5 милиони евра. Остатокот од средствата ќе бидат потрошени за техничка поддршка.

19

Поглавје

# СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ

Деветнаесеттото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на социјалната политика и вработувањето и се состои од девет дела, и тоа: 1) Трудово законодавство; 2) Здравје и безбедност на работа; 3) Социјален дијалог; 4) Политика на вработување; 5) Европски социјален фонд; 6) Социјална вклученост; 7) Социјална заштита; 8) Антидискриминација, и 9) Еднакви можности. Македонија нема предвидено средства за ова поглавје во Националната ИПА, ниту, пак, се испрограмирани средства во Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| | / | 0 | 0 |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| | / | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | | **0** | |

20
Поглавје

# ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

Дваесеттото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на претпријатијата и индустриската политика и се состои од три дела, и тоа: 1) Начелата на индустриската политика и претпријатијата; 2) Инструментите на индустриската политика и претпријатијата, и 3) Секторски политики. Македонија има на располагање околу 6,3 милиони евра од Националната ИПА и околу 225 милиони евра од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| **Национална ИПА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Спроведување на програмата TAM/BAS | 2.100.000 | 2008 |
| **2.** | Градење на капацитетите на институциите вклучени во имплементацијата на индустриската политика | 3.330.000 | 2010 |
| **3.** | Јакнење на капацитетите за имплементација на законот за стечај и доброволна ликвидација на претпријатијата | 900.000 | 2011 |
| **Вкупно** | | **6.330.000** | |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **1.** | Регионален претприемачки центар | 1.700.000 | 2009 |
| **2.** | Кризен пакет | 125.450.000 | 2009 |
| **3.** | Имплементација на Законот за мал бизнис | 300.000 | 2010 |
| **4.** | Инвестициска рамка за Западен Балкан – развој на приватниот сектор | 30.000.000 | 2011 |
| **5.** | Инвестициска рамка за Западен Балкан | 52.000.000 | 2012 |
| **6.** | Инвестициска рамка за Западен Балкан | 38.600.000 | 2013 |
| **7.** | Поддршка на Центарот за претприемачко учење на Југоисточна Европа (Southeast European Centre for Entrepreneurial Learning) | 2.550.000 | 2013 |
| **8.** | Нова генерација на конкурентност | 4.900.000 | 2013 |
| **Вкупно** | | **225.500.000** | |
| **СÈ ВКУПНО** | | **231.830.000** | |

## 1. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА TAM/BAS (2,1 МИЛИОН ЕВРА), ИПА 2008

**ЦЕЛ** – Програмата TAM/BAS ќе промовира развој, продлабочување и одржливост на секторот за мали и средни претпријатија.

Со овој проект, ќе се постигнат следниве резултати:

**КОМПОНЕНТА 1:** TAM (TurnAround Management) – промени на ниво на претпријатие кај МСП коишто ќе бидат поддржани, и тоа во смисла на:

- Апсорпција на менторството на TAM-тимовите за обука на работното место од страна на менаџментот;
- Воведување нова култура на управување и подобри вештини за управување;
- Разбирање на најдобрите практики на пазарната економија, како и на раководните вештини од страна на менаџментот/сопственикот, и
- Развој на независен и способен менаџмент кој ќе ја води компанијата и по заминувањето на TAM-тимот, кој ќе ги пренесе основните вештини и аналитичките алатки.

**КОМПОНЕНТА 2:** BAS (Business Advisory Services) - промени на ниво на претпријатието кај МСП што ќе бидат поддржани, и тоа во смисла на:

- Одржлива инфраструктура на локалните советодавни деловни услуги.

## 2. ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ИНДУСТРИСКАТА ПОЛИТИКА (3.33 МИЛИОНИ), ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Зајакнување на капацитетот на Министерството за економија и на другите развојни фактори за имплементација и мониторинг на проактивна индустриска политика што ќе им овозможи да дизајнираат и да спроведуваат ефикасни програми, акции и иницијативи во насока на поддршка на растот и конкурентноста на индустријата. Проектот ќе обезбеди ефективни постигнувања и напредок во областа на иновациите, трансферот на технологија, интернационализацијата и екопроизводството. Подобрената бизнис-средина и зајакнатите капацитети на засегнатите страни ќе создадат синергија со другите области од поддршката на бизнисот и ќе извршат позитивно влијание врз конкурентноста на македонската економија.

## 3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРАВНАТА РАМКА ЗА СТЕЧАЈ И ДОБРОВОЛНА ЛИКВИДАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА (900.000 ЕВРА), ИПА 2011

**ЦЕЛ** – Зајакнување на институционалниот капацитет за имплементација на законите за стечај и за доброволна ликвидација, со цел да се идентификуваат и да се надминат административните тесни грла и слабостите во спроведувањето. Проектот ќе ги зајакне капацитетите на Министерството за економија и на Централниот регистар, за тие да можат да ги извршуваат своите надлежности, да ги подобрат капацитетите на стечајните управници, судиите и доверителите при спроведувањето на стечајот и на стечајните постапки и при информирањето на кредиторите и доверителите за благовремено и ефективно уживање на нивните права и обврски што произлегуваат од стечајните постапки, како и за придобивките од раното иницирање на стечајот и доброволната ликвидација. Преку специјализираните обуки, проектот ќе придонесе за јакнење на капацитетот на судството вклучено во стечајот. Исто така, проектот ќе придонесе кон создавање амбиент за брзо излегување од пазарот и ќе развие поголемо разбирање кај приватниот сектор за улогата и позитивните ефекти од раното иницирање на стечајните постапки.

## I. РЕГИОНАЛЕН ПРЕТПРИЕМАЧКИ ЦЕНТАР (1,7 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Проектот ќе создаде основа за поразвиена претприемачка култура во регионот и ќе промовира усогласување со ЕУ на полето на претприемачката настава. Проектот ќе придонесе за имплементација на Законот за мал бизнис за Европа, користејќи ги инструментите и искуството развиени со примената на Европската повелба за малите претпријатија, а особено елементите на претприемаштвото и едукацијата, како и подобрените вештини за водење на претпријатијата. Со проектот ќе се постигнат следниве резултати: 1) Претприемаштвото ќе се развие како клучна компетенција во сите држави-кориснички, на ниво на основното образование; 2) Заеднички претприемачки едукации воспоставени на претпристапните универзитети, и 3) Воспоставена советодавна мрежа за обука на претприемачи, како и направена анализа на потребите, обезбедена и применета наставна методологија.

## II. КРИЗЕН ПАКЕТ (125,45 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Да придонесе кон стабилизацијата на финансиските пазари и економии на Западен Балкан и на Турција, со што ќе се ублажи влијанието на глобалната финансиска и економска криза во регионот. Со проектот ќе се обезбедат финансиски средства и човечки ресурси за економските актери, т.е. финансиските институции и бизниси (микро, мали и средни претпријатија), за тие да можат да понудат конкурентни производи и услуги и да се поддржат, за да се соочат со предизвиците од економската и финансиската криза на краткорочен и на подолгорочен план. Проектот ќе ги постигне следниве три резултати: 1) Обезбедување постојан пристап до финансиите за работењето на приватниот и на јавниот сектор на краткорочен и на среднорочен план; 2) Адекватно реформирање на регулативата и надзорот на банкарскиот сектор, и 3) Спроведување реформи за зголемување на конкурентноста на економиите.

## III. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА МАЛ БИЗНИС (300.000 ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Подобрување на бизнис-средината воопшто, а особено за малите и за средните претпријатија (МСП), гледано низ призмата на Копенхагенските економски критериуми. Со проектот ќе се поддржат државите од Западен Балкан и Турција за да го имплементираат Законот за мал бизнис, особено преку подобрување на севкупната претприемачка политика и преку врзување на принципот „Мисли мало прво" во развивањето на политиките од регулирањето до јавните услуги и преку промовирање раст на МСП. Проектот ќе спроведе неколку активности: 1) Нови алатки за мониторинг (нов индекс за политиката за МСП, поделен во 10 поглавја, во согласност со принципите од Законот за мал бизнис); 2) Процес на проценка; 3) Анкета за МСП; 4) Билатерални средби; 5) Изготвување на регионален извештај; 6) Дисеминација на резултатите преку организирање регионална конференција, и 7) Мониторинг и помош.

## IV. ИНВЕСТИЦИСКА РАМКА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН – РАЗВОЈ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР (30 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011

Целта на проектот е да ја воспостави Инвестициската рамка за Западен Балкан (Western Balkan Investment Framework – WBIF) и да ги обезбеди неопходните средства (финансиски и/или кадровски) за економските ентитети, односно финансиските институции и бизниси, за да им овозможи да понудат конкурентни производи и услуги и да се соочат со предизвиците што произлегоа од економската криза. Проектот ќе се спроведе од страна на Европскиот инвестициски фонд (European Investment Fund). Проектот ќе започне кон крајот на 2012 година.

## V. ИНВЕСТИЦИСКА РАМКА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН (52 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2012

Целта на проектот е да го поддржи социо-економскиот раст на Западен Балкан, преку имплементација на Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF). Со проектот ќе се зајакнат економиите на државите од регионот на еден одржлив начин и ќе се подготват за здраво закрепнување од светската економска криза, водејќи сметка за животната средина. Ќе се обезбедат средства за приоритетните инфраструктурни проекти со енергетска ефикасност, финансирани преку комбинација на грантови и кредити што ќе овозможат понуда на конкурентни производи и услуги и соочување со предизвиците што произлегоа од економската криза.

## VI. ИНВЕСТИЦИСКА РАМКА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН (38,6 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2013

Целта на проектот е да го поддржи социо-економскиот раст на државите од Западен Балкан, преку имплементација на Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) . Проектот има две компоненти: 1) Натамошна поддршка на координативната канцеларија на меѓународните финансиски институции, и 2) Натамошен развој на инструментот наречен Механизам за развој на претпријатијата и иновации на Западен Балкан (Western Balkans Enterprise Development and Innovation Facility – WB EDIF), како главна платформа за финансирање на малите и на средните претприја-

тија (МСП). Овој инструмент е заеднички воспоставен од страна на Европскиот инвестициски фонд на Европската инвестициска банка, како и на Европската банка за обнова и развој.

## VII. ПОДДРШКА НА ЦЕНТАРОТ ЗА ПРЕТПРИЕМАЧКО УЧЕЊЕ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (SOUTHEAST EUROPEAN CENTRE FOR ENTREPRENEURIAL LEARNING), (2,55 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2013

Целта на проектот е да го подигне нивото на способностите и вештините на човечките ресурси на Западен Балкан и на Турција. Ќе се зајакнува и регионалната соработка за доживотно претприемачко учење (Lifelong entrepreneurial learning – LLEL), како систем што е дел од имплементацијата на Актот за малите бизниси – димензија за човечки капитал, процесот на претпристапување, како и стратегијата Европа 2020. За овој проект, Центарот за претприемачко учење на Југоисточна Европа од Хрватска ќе добие директен грант, а договорот треба да се потпише во почетокот на 2013 година.

## VIII. „НОВА ГЕНЕРАЦИЈА НА КОНКУРЕНТНОСТ“ (4,9 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2013

Целта на проектот е да се зајакне конкурентноста на клучните економски сектори на Западен Балкан, со тоа што ќе се обезбеди поддршка на имплементацијата на визијата на Стратегијата за Југоисточна Европа 2020. Преку проектот ќе се експедитира имплементацијата на јавните политики кои се однесуваат на бизнис-средината и ќе помогне во отстранувањето на структурните пречки на растот. Покрај воспоставувањето отворена секторска регионална мрежа на бизнисите и владите од Западен Балкан, со проектот ќе се изготви сет алатки коишто можат да бидат трансферирани и применети на другите економски сектори, заради зголемување на нивната конкурентност. Ќе се воспостави и процес на мониторинг. Овој проект е продолжение на проектот претходно имплементиран од страна на ОЕЦД. Се планира договорот со ОЕЦД да се потпише во почетокот на 2013 година.

Дваесет и првото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на трансевропските мрежи и се состои од три дела, и тоа: 1) Сообраќајни мрежи; 2) Енергетски мрежи, и 3) Телеко-

21
Поглавје

# ТРАНСЕВРОПСКИ МРЕЖИ

муникациски мрежи. Македонија нема предвидено средства за ова поглавје ниту во Националната ИПА, ниту, пак, се испрограмирани средства во Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| | / | 0 | 0 |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| | / | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | | **0** | |

22

Поглавје

# РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ

Дваесет и второто поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на регионалната политика и координацијата на структурните инструменти и се состои од шест дела, и тоа: 1) Законска рамка; 2) Институционална рамка; 3) Административен капацитет; 4) Програмирање; 5) Мониторинг и евалуација, и 6) Финансиски менаџмент и контрола. Македонија има на располагање 3,6 милиони евра од Националната ИПА. Проектите не се испрограмирани од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Градење на капацитетите за управување со средствата на ЕУ и ИПА | 2.000.000 | 2007 |
| **2.** | Зајакнување на капацитетот на институциите да управуваат со оперативните програми | 1.600.000 | 2008 |
| **Вкупно** | | **3.600.000** | |

**ЦЕЛ** – Да им се помогне на владините институции да управуваат со средствата според ИПА регулативата, преку децентрализиран систем (ДИС) и да се поддржи градењето на механизмот за ИПА-обуки.

**КОМПОНЕНТА1:** Директна помош на ДИС институциите, преку следниве резултати:

- кадарот во институциите е компетентен да ги спроведува доделените одговорности;
- внатрешните постапки предвидуваат задоволително ниво на транспарентност и овозможуваат правилна контрола на спроведувањето на работниот процес, и
- добро воспоставени односи со другите засегнати страни во процесот кои се експлицитно опишани и овозможуваат соодветна контрола на целиот работен процес.

**КОМПОНЕНТА 2:** Механизмот за ИПА-обуки ќе ги постигне следниве резултати:

- Механизмот е воспоставен како оперативен ентитет;
- Обучениот владин кадар целосно ги разбира принципите и клучните регулативи на ЕУ;
- ИПА-оперативните планови од 2009 натаму целосно ги изготвува владиниот кадар;
- Проектната тендерска документација се изготвува од/или под надзор на релевантниот владин кадар/единици;
- Имплементацијата на проектите се одвива според ЕУ-регулативата, во согласност со стапката на одобрена документација доставена за одобрување до Комисијата за време на животниот век на проектите, и
- Група (локални) обучувачи се обучени да ја спроведуваат изготвената обука на одржлив начин.

## 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ДА УПРАВУВААТ СО ОПЕРАТИВНИТЕ ПРОГРАМИ (1,6 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2008

**ЦЕЛ** – Да обезбеди техничка поддршка на оперативните структури и на корисниците на проектите финансирани од ЕУ за да ги зајакне нивните капацитети за управување со фондовите на ЕУ и со проектите на ЕУ.

Со проектот, оперативните структури ќе можат да:

- изготвуваат оперативни програми;
- спроведуваат мониторинг и евалуација на активностите, и
- да управуваат со договорите - од тендерската постапка, па сè до плаќањето.

23
Поглавје

# СУДСТВО И ТЕМЕЛНИ ПРАВА

Дваесет и третото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на судството и темелните права и се состои од четири дела, и тоа: 1) Судство; 2) Политика за антикорупција; 3) Темелни права, и 4) Права на граѓаните на ЕУ. Македонија има на располагање околу 10 милиони евра од Националната ИПА и околу 7 милиони евра од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Управна правда | 1.100.000 | 2007 |
| **2.** | Јакнење на капацитетите за процесот на пристапување во ЕУ, за спроведување на одлуките на Европскиот суд за човековите права и зголемување на знаењето за судската практика на Европскиот суд на правдата на ЕУ | 1.282.500 | 2010 |
| **3.** | Сектор Правда и внатрешни работи и темелни права - 6 проекти (најмногу за Поглавје 24) | 8.185.000 | 2012-13 |
| Вкупно | | 10.567.500 | |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **1.** | Заштита на сведоците во борбата против организираниот криминал и корупцијата (Witness Protection in the Fight Against Organised Crime and Corruption – WINPRO II) | 7.000.000 | 2012 |
| **ВКУПНО** | | **17.567.500** | |

## 1. УПРАВНА ПРАВДА (1,1 МИЛИОН ЕВРА), ИПА 2007

**ЦЕЛ** – Поддршка на имплементацијата на Стратегијата за реформа на судството на оперативно ниво преку воспоставување управна правда со имплементацијата на Законот за управните спорови, со кој првостепената надлежност за законот за пријавителите управните спорови се пренесува од Врховниот суд на нововоспоставениот Управен суд.

Со проектот ќе се постигнат следниве резултати:

**КОМПОНЕНТА 1:** Зајакнување на организациските капацитети на Управниот суд преку:

- натамошен развој и консолидирана административна правна рамка;
- подобрена имплементација на управното законодавство и извршување на пресудите на Управниот суд од страна на засегнатите административни тела;
- изготвена и подобрена организациска платформа на Управниот суд за имплементација на новиот закон;
- подобрена координација со поврзаните тела, и
- подобрена транспарентност и јавни информации.

**КОМПОНЕНТА 2:** Зајакнување на кадровските капацитети во Управниот суд преку:

- изготвување на Стратегија за обука, како и наставна програма за обука, и
- зајакнати капацитети и вештини на управните судии и на стручните соработници.

**КОМПОНЕНТА 3:** Подобрен судски систем за управување со предметите преку подобрени системи на ИТ:

- подобрен судски систем за управување со предметите во Управниот суд, и
- техничката инфраструктура ги исполнува потребите на вклучените организации.

## 2. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА ЗА ПРОЦЕСОТ ПРЕД И ПО ПРИСТАПУВАЊЕТО ВО ЕУ, ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА (ЕСЧП) И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗНАЕЊЕТО ЗА СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕВРОПСКИОТ СУД НА ПРАВДАТА НА ЕУ (1.282 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2011

**ЦЕЛ** – Јакнење на капацитетите на Министерството за правда (МП) за процесот пред и по пристапувањето во ЕУ и усогласување со европското право во врска со преговорите по поглавја, за да се придонесе кон зголемување на знаењето за судската практика на Европскиот суд на правдата и да се креира ефикасен систем за извршување на одлуките на ЕСЧП, при што секој државен орган ќе дејствува заради успешно и брзо извршување на пресудите. Ова ќе биде твининг-проект со чија помош ќе се развие и законодавство усогласено со ЕУ. Ќе се зајакне судството, во насока на создавање функционален правен систем во согласност со стандардите и најдобрите практики на ЕУ. Проектот ќе придонесе кон подобро креирање на политиките, поквалитетно изготвување закони и правно хармонизирање. Зајакнатите МП и судството ќе придонесат кон натамошната соработка со државите-членки и со соседните држави за заемна правна помош, судска соработка во граѓанската и кривичната материја, како и активно учество во ЕВРОПРАВДА (EUROJUST) и во Европската судска мрежа (European Judicial Network) итн.

## 3. СЕКТОР „ПРАВДА И ВНАТРЕШНИ РАБОТИ И ТЕМЕЛНИ ПРАВА“ (8,185 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА 6 ПРОЕКТИ), ИПА 2012-2013

**3.1. СПРЕЧУВАЊЕ И РЕПРЕСИЈА НА КОРУПЦИЈАТА** – Во рамките на проектот ќе се изготви нова програма за спречување и репресија на корупцијата, врз основа на секторскиот интегритет, оценката на ранливоста и резултатите од мониторингот. Ќе се подобри размената на податоците меѓу засегнатите институции и ќе се зајакнуваат капацитетите за анализа на секторскиот ризик, за вршење истраги, за прогон на корупцијата, за заедничко дејствување, за собирање разузнавачки податоци итн. Со проектот ќе се подигне свеста на вработените во приватниот и во јавниот сектор, потпирајќи се на заштитата која произлегува од Законот за пријавителите (whistle-blowing). Во рамките на проектот ќе се направи и набавка на опрема и ќе се обучат властите да работат со неа (Видете и во делот кој се однесува на борбата против корупцијата).

**3.2. НАТАМОШНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ И СЕРИОЗНИОТ КРИМИНАЛ** – Со проектот ќе се направи геп-анализа на законската, стратегиската и институционалната рамка и на постојните форми на соработка, анализа на информациите и на размената меѓу овластените тела. Проектот ќе овозможи развој на наставна програма за овластените тела, Јавното обвинителство, судството и други институции, кои покрај обука ќе добијат и поддршка на работното место за борба против корупцијата, прекуграничниот криминал, злоупотребата на деца и кибер -криминалот, како и незаконската трговија со дроги и со луѓе. Ќе се направат и препораки за подобра имплементација на Законот за кривичната постапка, во согласност со ЕУ-стандардите. Исто така, ќе има и набавка на опрема. (Видете го и делот кој се однесува на Поглавјето 24 – Правда, безбедност и слобода).

**3.3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА БОРБА ПРОТИВ ФИНАНСИСКИОТ КРИМИНАЛ И ИЗМАМИТЕ СО ЕУ-ФОНДОВИТЕ** – Со проектот ќе се направи проценка на законодавната/институционална рамка и процедурите за поефикасна борба против финансискиот криминал и криминалот поврзан со користењето на ЕУ-фондовите. Исто така, ќе се зголеми соработката меѓу релевантните институции, ќе се работи на собирање на разузнавачки информации и ќе се спроведуваат заеднички акции. Ќе се развие и систем за спречување и детекција на неправилностите во институциите кои се поврзани со управувањето на ЕУ-фондовите. И натаму ќе се зајакнува соработката меѓу македонските и европските институции. Ќе се работи на аналитичките и истражните техники и алатки за детекција и борба против финансискиот криминал, вклучувајќи го и перењето пари, фалсификувањето банкноти, сомнителните трансакции, царинските и даночните прекршоци итн. Проектот ќе обезбеди и набавка на опрема. (Видете го и Поглавјето 24 – Правда, безбедност и слобода).

**3.4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СУДСКАТА СОРАБОТКА ЗА ГРАЃАНСКИТЕ И КРИВИЧНИТЕ ПРАШАЊА** – Со проектот ќе се направи геп-анализа на постојното законодавство поврзано со соработката на судството по граѓанските и кривичните прашања, гледано низ призмата на усогласеноста на областа со стандардите на ЕУ и со меѓународните стандарди. Ќе се проценат институционалните капацитети на судските и на државните тела кои работат на заемната правна помош, со цел да се добијат препораки за подобро функционирање. Ќе се анализира тековната состојба, со споделување на информациите меѓу националното, регионалното и ЕУ-нивото и ќе се разгледа можноста за воспоставување редовни контакти со постојните мрежи. Наставните програми за обука на лицата од овој сектор ќе се изменат и подобрат и ќе се спроведат обуки.

**3.5. ВОСПОСТАВУВАЊЕ БАЗА НА ПОДАТОЦИ ОД ОБЛАСТА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ И БЕКАП-СИСТЕМ, КАКО ОСНОВА ЗА ИДНИОТ ШЕНГЕНСКИ ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ** – Со проектот ќе се направи физибилити-студија за ИТ-инфраструктурата за основање база на податоци од областа на внатрешните работи и бекап-систем. Ќе се анализираат сите законски основи за функционирање на системот. Тендерското досие ќе биде подготвено и ќе се направи обука на релевантните власти за администирање на системот. (Видете и во делот Правда, безбедност и слобода – Поглавје 24).

**3.6. ПОДДРШКА НА ПРИСТАПОТ ДО ПРАВОТО НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ** – Со овој проект ќе се подготви анализа на имплементацијата на Стратегијата за заштита на личните податоци на Република Македонија 2012–2016 и геп-анализа на националниот систем, со цел истиот да биде целосно усогласен со стандардите на ЕУ и со меѓународните стандарди. Ќе се работи на подигање на јавната свест за правото на заштита на личните податоци и за реализација на Комуникациската стратегија на Дирекцијата за заштита на личните податоци, вклучувајќи го и оперативното и институционалното зајакнување на истиот. Ќе се развијат и алатки/форми за соработка меѓу Дирекцијата, контролорите и обработувачите на личните податоци. Дирекцијата ќе го насочи своето внимание и на меѓународната соработка, но и на Комисијата за заштитата на правото за пристап до информациите од јавен карактер, граѓанското општество, Омбудсманот и другите релевантни тела.

## I. ЗАШТИТА НА СВЕДОЦИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈАТА (WITNESS PROTECTION IN THE FIGHT AGAINST ORGANISED CRIME AND CORRUPTION – WINPRO II), (7 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2012

Целта на проектот е да се подобри ефикасноста на државите-кориснички во борбата против транснационалниот организиран и сериозен криминал и корупција. Намената на проектот е да се зајакне соработката на регионално ниво, преку подобрување на институционалните капацитети на одделенијата за заштита на сведоците и на другите релевантни агенции во државите-кориснички да понудат заштита на сведоците и соработниците на правдата - пред, за време и по судскиот процес, во и надвор од нивната територија. Проектот ќе се спроведе преку доделување директен грант на Northern Ireland Cooperation Overseas (NI-CO).

24
Поглавје

# ПРАВДА, БЕЗБЕДНОСТ И СЛОБОДА

Дваесет и четвртото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на правдата, безбедноста и слободата и се состои од единаесет дела, и тоа: 1) Миграција; 2) Азил; 3) Визна политика; 4) Надворешни граници и Шенген; 5) Судска соработка во граѓанските и кривичните предмети; 6) Полициска соработка; 7) Трговија со луѓе; 8) Борба против организираниот криминал; 9) Борба против тероризмот; 10) Дрога, и 11) Фалсификување на еврото. Македонија има на располагање околу 26 милиони евра од Националната ИПА и околу 20 милиони евра од Повеќе-корисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Имплементацијата на Стратегијата за реформа на Полицијата | 9.000.000 | 2007 |
| **2.** | Натамошно зајакнување на капацитетите за интегрирано гранично управување, во согласност со Шенген-стандардите | 3.570.000 | 2009 |
| **3.** | Поддршка на националната реформа на Полицијата и на кривичното право | 1.026.000 | 2009 |
| **4.** | Градење на капацитетите на Полицијата во областа на граничното управување, полиција блиска до граѓаните и борба против организираниот криминал | 2.512.500 | 2010 |
| **5.** | Напреден систем за собирање и анализа на разузнавачките информации во борбата против организираниот криминал | 1.400.000 | 2011 |
| **6.** | Секторот „Правда и внатрешни работи и темелни права“ има неколку проекти: а) Натамошно јакнење на капацитетите за борба против организираниот и сериозниот криминал б) Борба против финансискиот криминал и измамите со ЕУ-фондовите и в) База за податоци за Шенген | 8.185.000 | 2012-13 |
| **Вкупно** | | **25.693.500** | |

| Повеќекорисничка ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Ажурирање, имплементација и мониторинг на стратегиите за интегрирано гранично управување и развој на регионални и прекугранични иницијативи | 1.500.000 | 2007 |
| 2. | Имиграција и социо-економски развој на Западен Балкан | 2.000.000 | 2009 |
| 3. | Заштита на сведоците во борбата против сериозниот криминал и тероризмот (WINPRO) | 4.000.000 | 2009 |
| 4. | Борба против организираниот криминал и корупцијата: зајакнување на мрежата на обвинители | 5.000.000 | 2010 |
| 5. | Регионална соработка во областа на кривичната правда: Јакнење на капацитетите во борбата против сајбер-криминалот | 2.500.000 | 2010 |
| 6. | Меѓународна соработка во областа на кривичната правда | 5.000.000 | 2013 |
| Вкупно | | 20.000.000 | |
| **СÈ ВКУПНО** | | **45.693.500** | |

## 1. ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПОЛИЦИЈАТА (9 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2007

**ЦЕЛ** – да се обезбеди професионална полициска служба и администрација, која ќе може да го одржува јавниот ред и мир и да го применува законот, во согласност со националното право, водејќи сметка за ЕУ-регулативата и за најдобрите практики, и која ќе ја ужива довербата на граѓаните.

Со спроведувањето на овој проект ќе се постигне следново:

- Подобрено, поефективно и поефикасно функционирање на полициската служба;
- Повисока стапка на решавање на случаите и повиска стапка на брзи реакции на настаните;
- Јавноста повеќе ќе ја цени полициската служба, и
- Високо ниво на усогласеност со ЕУ во сите аспекти на полициската служба.

### 2. НАТАМОШНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИНТЕГРИРАНО ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ, ВО СОГЛАСНОСТ СО ЕВРОПСКИТЕ ШЕНГЕН-СТАНДАРДИ (3,57 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Заокружување на постојниот дигитално-радиски комуникациски систем TETRA.

### 3. ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНАТА РЕФОРМА НА ПОЛИЦИЈАТА И НА КРИВИЧНОТО ПРАВО (1,026 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Зајакнување на теренските капацитети на Бирото за јавна безбедност, главно на единиците на регионално и на локално ниво, во областа на кривичната истрага, вклучувајќи ја и соработката со канцелариите на јавните обвинителства. Проектот има две компоненти:

**КОМПОНЕНТА 1:** Развој на соодветни административни и организациски структури на регионално и на локално ниво, и

**КОМПОНЕНТА 2:** Натамошно зајакнување на форензичките капацитети за истрага на местото на злосторството (сообраќајни несреќи и класичен криминал).

### 4. НАТАМОШНО ГРАДЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ И КАПАЦИТЕТИТЕ НА ПОЛИЦИЈАТА ВО ОБЛАСТА НА ГРАНИЧНОТО УПРАВУВАЊЕ, ПОЛИЦИЈА БЛИСКА ДО ГРАЃАНИТЕ И БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ (2.512 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Зголемување на оперативната ефикасност на граничната полиција за јакнење на капацитетите за развој на антикорупциските стандарди во рамките на Одделението за организиран криминал, како и за безбедно и ефикасно ракување со класифицираните информации, но и развивање на вештините на униформираната полиција за ефикасно и ефективно полициско работење на дневна основа. Проектот ќе придонесе кон зајакнување на оперативните капацитети на агенци-

ите вклучени во борбата против организираниот криминал, особено за ефективно спроведување на мерките од областите наведени во Националната стратегија за реформа на полицијата, особено борбата против прекуграничниот криминал, шверцувањето луѓе и незаконската миграција, модерните форми на интра и интерагенциска соработка. Проектот ќе ги зајакне и капацитетите за борба против финансискиот и сајбер-криминалот.

## 5. РАЗВОЈ НА НАПРЕДЕН СИСТЕМ ЗА СОБИРАЊЕ И АНАЛИЗА НА РАЗУЗНАВАЧКИТЕ ИНФОРМАЦИИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ (1.4 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2011

**ЦЕЛ** – Развој на полициски концепт што ќе се раководи од разузнавачките информации во рамките на централната, регионалната и локалната полиција, како и во регионалните центри за гранични работи во Бирото за јавна безбедност и зајакнување на капацитетот на Одделението за борба против организираниот криминал во областа на амбиенталното слушање. Проектот ќе развие еден вид бизнис-модел со менаџерска филозофија на полициското работење, при што анализата на податоците и разузнавањето се од суштинско значење за добивањето објективна рамка за донесувањето одлуки, која би го намалила криминалот и попречувањето, преку стратегиски менаџмент и ефективни стратегии за извршување насочени кон сериозните сторители. Истовремено, проектот ќе набави нова опрема за пресретнување на информациите за Одделението за организиран криминал и ќе воведе правила за соодветно користење на опремата.

## 6 НАТАМОШНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ И СЕРИОЗНИОТ КРИМИНАЛ, СЕКТОР ПРАВДА И ВНАТРЕШНИ РАБОТИ И ТЕМЕЛНИ ПРАВА (8,185 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2012-2013

Со проектот ќе се направи геп-анализа на законската, стратегиската и институционалната рамка и на постојните форми на соработка, анализа на информациите и размената меѓу овластените тела. Проектот ќе овозможи развој на наставната програма за овластените тела, Јавното обвинителство, судството и другите институции, кои покрај обука ќе добијат и поддршка на работното место за борба против корупцијата, прекуграничниот криминал, злоупотребата на деца и сајбер-криминалот, како и незаконската трговија со дроги и со луѓе. Ќе се направат и препораки за подобра

имплементација на Законот за кривичната постапка, во согласност со ЕУ стандардите. Исто така, ќе се набави и потребната опрема. (Видете го целото секторско фише во делот Судство и темелни права – Поглавје 23).

## 7. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА БОРБА ПРОТИВ ФИНАНСИСКИОТ КРИМИНАЛ И ИЗМАМИТЕ СО ЕУ-ФОНДОВИТЕ (ДЕЛ ОД СЕКТОРОТ ПРАВДА И ВНАТРЕШНИ РАБОТИ И ТЕМЕЛНИ ПРАВА) (8,185 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2012-2013

Со проектот ќе се направи проценка на законодавната/институционалната рамка и процедурите за поефикасна борба против финансискиот криминал и криминалот поврзан со користењето на ЕУ-фондовите. Исто така, ќе се зголеми соработката меѓу релевантните институции, ќе се работи на собирање на разузнавачките информации и ќе се спроведуваат заеднички акции. Ќе се развие и систем за спречување и детекција на неправилностите во институциите кои се поврзани со управувањето на ЕУ-фондовите. И натаму ќе се зајакнува соработката меѓу македонските и европските институции. Ќе се работи на аналитички и истражни техники и алатки за детекција и борба против финансискиот криминал, вклучувајќи го и перењето пари, фалсификувањето банкноти, сомнителните трансакции, царинските и даночните прекршоци итн. Проектот ќе обезбеди и набавка на опрема. (Видете го целото секторско фише во делот Судство и темелни права – Поглавје 23).

## 8. ВОСПОСТАВУВАЊЕ БАЗА НА ПОДАТОЦИ ОД ОБЛАСТА НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ И БЕКАП-СИСТЕМ КАКО ОСНОВА ЗА ИДНИОТ ШЕНГЕНСКИ ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ (ДЕЛ ОД СЕКТОРОТ ПРАВДА И ВНАТРЕШНИ РАБОТИ И ТЕМЕЛНИ ПРАВА), (8,185 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2012-2013

Со проектот ќе се направи физибилити-студија за ИТ-инфраструктурата за основање база на податоци од областа на внатрешните работи и бекап-систем. Ќе се анализираат сите законски основи за функционирање на системот. Ќе биде подготвено тендерско досие и ќе се спроведе обука на релевантните власти за администирање на системот. (Видете го целото секторско фише во делот Судство и темелни права – Поглавје 23)

## I. РЕГИОНАЛНА ПОДДРШКА ЗА АЖУРИРАЊЕ, ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И МОНИТОРИНГ НА СТРАТЕГИИТЕ ЗА ИНТЕГРИРАНО ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ (ИГУ) И НИВНИТЕ АКЦИСКИ ПЛАНОВИ И РАЗВОЈ НА РЕГИОНАЛНИТЕ И ПРЕКУГРАНИЧНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ (1,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2007, НАМЕНЕТА ЗА АЛБАНИЈА, БИХ, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И КОСОВО И ТУРЦИЈА

**ЦЕЛ** – Воспоставување на поефективно управување со границите на регионално ниво, преку поддршка на релевантните служби вклучени во интегрираното гранично управување (полицијата, царината, ветеринарните и фитосанитарните власти, судството, како и миграцијата и азилот). Проектот треба да постигне 4 конкретни задачи, и тоа:

- Да обезбеди регионално усогласена имплементација на стратегиите за ИГУ и на нивните акциски планови;
- Да ја зајакне регионалната соработка меѓу државите-кориснички, меѓу нив и државите-членки на ЕУ, особено со соседните држави, како и со релевантните европски и меѓународни актери, преку споделување на најдобрите практики и лекции научени од имплементацијата на ИГУ-моделот, воспоставување заеднички стандарди и процедури, подобрување на оперативната соработка и интензивирање на размената на комуникации и информации;
- Да ја поддржи прекуграничната меѓуагенциска соработка и прифаќањето поинтегриран приод на службите вклучени во граничното управување, вклучувајќи го и судството, со посебно внимание на соработката меѓу граничната полиција и царината, и
- Да го поддржи развојот на компатибилни информативни системи во регионот.

## II. ИМИГРАЦИЈА И СОЦИО-ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН (2 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Зголемување на придобивките од времената имиграција на трудот врз социо-економскиот развој на Западен Балкан. Проектот ќе овозможи информираните и квалификувани потенцијални имигранти од Западен Балкан да можат легално да влезат на пазарот на трудот на ЕУ и поефикасно да ги користат своите компетенции и вештини. Проектот ќе го поттикне враќањето на квалификуваните мигранти во нивните држави, но истовремено ќе ја стимулира нивната одрж-

лива социјална и професионална реинтеграција и ќе промовира дисеминација на новостекнатите вештини. Проектот ќе ги поттикне иницијативите за соработка и формирањето мрежи меѓу партнерите од Западен Балкан и ЕУ, ќе обезбеди сигурни податоци за миграцијата на трудот, ќе дисеминира информации за потенцијалните мигранти преку легални канали, ќе развие механизми за информирање за понудата и побарувачката на пазарот на трудот и ќе ја промовира легалната економска миграција.

## III. ЗАШТИТА НА СВЕДОЦИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ СЕРИОЗНИОТ КРИМИНАЛ И ТЕРОРИЗМОТ (WITNESS PROTECTION IN THE FIGHT AGAINST SERIOUS CRIME AND TERRORISM - WINPRO), 4 МИЛИОНИ ЕВРА, ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Зајакнување на соработката заради поддршка на борбата против серизниот криминал и тероризмот - на регионално и на европско ниво, преку поттикување на сведоците и соработниците на правдата да сведочат во кривичните постапки и да дадат соодветни докази во замена за заштитата против заплашување, присилување, корупција или телесни повреди. Проектот ќе ја промовира координираната и усогласена примена на процедуралните и непроцедуралните мерки за заштита на сведоците на регионално ниво и на ниво на ЕУ, ќе ја олесни прекуграничната, регионалната и европската соработка и координација за релокација на сведоците и за промена на идентитетот меѓу релевантните органи што го спроведуваат законот и судските власти. Оттука, проектот ќе спроведе: 1) Координирани и усогласени системи за заштита на сведоците во регионот, со соодветни процедурални и непроцедурални мерки и методи во кривичните процеси; 2) Воспоставени мерки за подобрување и олеснување на прекуграничната, регионалната и меѓународната соработка во релокацијата и менувањето на идентитетот на сведоците; 3) Подобрена заштита на сведоците повикани да сведочат пред Хашкиот трибунал; 4) Подобрена соработка меѓу полицајците, специјалистите-истражувачи, граничната полиција, обвинителите и судовите кои работат со заштитата на сведоците во случаите на организиран криминал, корупција и тероризам; 5) Воспоставени и целосно оперативни одделенија за заштита на сведоците во ИПА-корисничките држави, и 6) Подобрен пристап до модерните телекомуникациски системи.

## IV. БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈАТА: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МРЕЖАТА НА ОБВИНИТЕЛИТЕ (5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Подобрување на прекуграничната и на меѓународната судска соработка во државите-кориснички за преземање истраги и за гонење на организираниот криминал и поврзаните случаи на економски и финансиски криминал и корупција. Ќе се подобрат оперативните капацитети на обвинителствата во државите-кориснички, со цел да се координираат истрагите и гонењето на прекуграничниот организиран криминал, економскиот криминал и корупцијата. Проектот ќе развие методологии за обуки на обвинителите кои ќе се темелат на сеопфатна анализа на потребите во регионот, ќе спроведува заеднички истраги и ќе применува специјални истражни мерки. Ќе се подобри соработката меѓу мрежата обвинители, Европравда (Eurojust) и Европската судска мрежа (European Judicial Network), како и одделенијата за соработка за примена на меѓународното право (International Law Enforcement Cooperation Units – ILECU.

## V. РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА КРИВИЧНАТА ПРАВДА: ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ САЈБЕР-КРИМИНАЛОТ (2,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Подобрување на капацитетите на државите-кориснички за борба против сајбер-криминалот и зајакнување на прекуграничната и меѓународната соработка меѓу органите кои го спроведуваат законот и судските власти на државите-кориснички и државите-членки на ЕУ во вршењето истрага и гонењето на сајбер-криминалот. Проектот: 1) Ќе го усогласи законодавството со она на ЕУ, особено во однос на Конвенцијата за сајбер-криминалот и нејзиниот протокол за ксенофобијата и расизмот и поврзаните меѓународни стандарди за заштита на податоците, а со тоа ќе обезбеди хармонизација на законодавството; 2) Ќе ја поттикне регионална соработка на органите што го спроведуваат законот и на судството (размена на информации и најдобри практики); 3) Платформа за обука за сајбер-криминалот; 4) Финансиски истраги (градење на капацитетите на финансиските истражни лица, на финансиското разузнавање, на органите кои го спроведуваат законот поврзан со сајбер-криминалот), и 5) Соработка меѓу експертите и интернет-провајдерите во истрагите, преку примена на националното законодавство и другите релевантни меѓународни инструменти.

## VI. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА КРИВИЧНАТА ПРАВДА (5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2013

Целта на проектот е да го спречи и да се бори против трансграничниот организиран криминал и со поврзаните случаи на корупција кои имаат прекугранични импликации, како и да ги уништи криминалните организации кои се занимаваат со незаконска трговија чијашто дестинација се државите на ЕУ. Проектот ќе ги надгради капацитетите на државите-кориснички за меѓународна судска и полициска соработка преку поддршка на меѓународните истраги и прогонства, со промоција на безбедната размена на информации и разузнавања, со употребата на модерна комуникациска технологија и со механизмите за заштита на податоци, во согласност со ЕУ-стандардите. Проектот ќе го спроведува Министерството за внатрешни работи на Италија – Одделението за јавна безбедност.

25

Поглавје

# НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

Дваесет и петтото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на науката и истражувањето и се состои од три дела, и тоа: 1) Политика на истражување; 2) Рамковни програми, и 3) Европски истражувачки простор. Македонија има на располагање околу 26 милиони евра од Националната ИПА и околу 4 милиони евра од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| **Национална ИПА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Учество во Програмите на Заедницата и во агенциите | 940.000 | 2007 |
| **2.** | Учество во Програмите на Заедницата и во агенциите | 2.000.000 | 2008 |
| **3.** | Учество во Програмите и агенциите на Заедницата | 2.123.142 | 2009 |
| **4.** | Учество во Програмите и агенциите на Заедницата | 1.642.013 | 2010 |
| **5.** | Напреден систем за собирање и анализа на разузнавачки информации во борбата против организираниот криминал | 10.154.000 | 2012-13 |
| Вкупно | | 25.693.500 | |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **1.** | Финансирање на подготвителните мерки за учество во одредени агенции на Заедницата | 2.750.000 | 2007 |
| **2.** | Регионална стратегија за истражување и развој заради иновации за Западен Балкан | 1.500.000 | 2010 |
| Вкупно | | 4.250.000 | |
| **СÈ ВКУПНО** | | **29.943.500** | |

## 1. УЧЕСТВО ВО ПРОГРАМИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА И ВО АГЕНЦИИТЕ (940.000 ЕВРА), ИПА 2007

**ЦЕЛ** – Кофинансирање на трошоците за „влезен билет“ што државата-корисник треба да го плати за да учествува во Програмите на Заедницата и во агенциите.

Со овој проект ќе се платат влезните билети за следниве програми: 1) Прогрес; 2) Програма за конкурентност и иновации (CIP); 3) Европа за граѓаните; 4) Култура; 5) Life+, 6) Медиуми; 7) Фискалис, и 8) Царина.

## 2. УЧЕСТВО ВО ПРОГРАМИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА И ВО АГЕНЦИИТЕ (2 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2008

**ЦЕЛ** – кофинансирање на трошоците за „влезен билет“ што државата-корисник треба да го плати за да учествува во Програмите на Заедницата и во агенциите, од една страна, а од друга страна за да ги зајакне капацитетите на релевантните административни тела заради правилно учество на државата-корисник.

Со овој проект ќе се платат влезните билети за следниве програми: 1) 7 Рамковна програма; 2) Прогрес; 3) Програма за конкурентност и иновации (CIP); 4) Европа за граѓаните; 5) Култура; 6) Медиуми; 7) Фискалис; 8) Царина; 9) Здравје; 10) Доживотно учење, и 11) Младите во акција, а од агенциите на Заедницата, тоа се: Европскиот центар за мониторинг на дрогата и зависностите од дрога (European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction (EMCDDA) и Европската агенција за темелните права (European Fundamental Rights Agency –FRA).

## 3. УЧЕСТВО ВО ПРОГРАМИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА И ВО АГЕНЦИИТЕ (2.123 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Кофинансирање на трошоците за „влезен билет“ што државата-корисник треба да го плати за да учествува во Програмите на Заедницата и во агенциите, од една страна, а од друга за да ги зајакне капацитетите на релевантните административни тела заради правилно учество на државата-корисник.

Овој проект има две компоненти, и тоа:

**КОМПОНЕНТА 1:** Ги опфаќа следниве програми: 1) 7 Рамковна програма; 2) Прогрес; 3) Програма за конкурентност и иновации (CIP-EIP); 4) Програма за конкурентност и иновации (CIP-ICT); 5) Програма за конкурентност и иновации (CIP-IEE); 6) Европа за граѓаните; 7) Култура; 8) Медиуми; 9) Фискалис 2013; 10) Царина 2013; 11) Јавно здравје; 12) Интегрирано доживотно учење, и 13) Младите во акција.

**КОМПОНЕНТА 2:** Ги опфаќа следниве агенции на Заедницата: 1) Европскиот центар за мониторинг на дрогата и зависностите од дрога (European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction (EMCDDA); 2) Европската агенција за темелни права (European Fundamental Rights Agency –FRA); 3) Механизам за цивилна заштита и финансиски инструмент за цивилна заштита, и 4) Европската агенција за животна средина (European Environmental Agency (EEA)

## 4. УЧЕСТВО ВО ПРОГРАМИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА И ВО АГЕНЦИИТЕ (1.642 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Кофинансирање на трошоците за „влезен билет“ што државата-корисник треба да го плати за да учествува во Програмите на Заедницата и во агенциите, од една страна, а од друга за да ги зајакне капацитетите на релевантните административни тела заради правилно учество на државата-корисник.

Изразен е интерес за учество во следниве програми: 1) 7 Рамковна програма; 2) Прогрес; 3) Програма за конкурентност и иновации (CIP-EIP); 4) Програма за конкурентност и иновации (CIP-ICT); 5) Програма за конкурентност и иновации (CIP-IEE); 6) Европа за граѓаните; 7) Култура; 8) Медиуми 2007; 9) Фискалис 2013; 10) Царина 2013; 11) Јавно здравје; 12) Доживотно учење, и 13) Младите во акција.

Од агенциите предвид се земени следниве: 1) Европскиот центар за развој на стручната обука (European Centre for the Development of Vocational Training - Cedefop); 2) Канцеларијата за растителна разновидност (Commodity Plant Variety Office - CPVO); 3) Европската агенција за безбедност и здравје на работа (European Agency for Safety and Health at Work -EU-OSHA); 4) Европскиот центар за превенција и контрола на болестите (European Centre for Disease Prevention and Control - ECDC); 5) Европската агенција за лекови (European Medicines Agency - EMEA); 6) Европската управа за безбедност на храната (European Food Safety Authority - EFSA); 7) Европската фондација за

подобрување на животните и работните услови (European Foundation for the Improvement of Living and Working Conditions - EUROFOUND); 8) Европската агенција за маринска безбедност (European Maritime Safety Agency - EMSA); 9) Европскиот центар за мониторинг на дрогата и зависностите од дрога (European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction (EMCDDA); 10) Европската агенција за темелни права (European Fundamental Rights Agency –FRA); 11) Механизам за цивилна заштита и финансиски инструмент за цивилна заштита (Civil Protection Mechanism and Civil Protection Financial Instrument); 12) Европската агенција за животната средина (European Environmental Agency -EEA); 13) Европската железничка агенција (European Railway Agency - ERA); и 14) Европската воздухопловна агенција (European Aviation Safety Agency - EASA).

## 5. СЕКТОР „ДРУГИ ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕУ И ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА“ (12,154 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2012-2013

Во овој сектор се предвидени два проекта, и тоа:

**5.1. УЧЕСТВО ВО ПРОГРАМИТЕ НА УНИЈАТА И АГЕНЦИИТЕ И ПЛАЌАЊЕ ВЛЕЗНИ БИЛЕТИ (10,154 МИЛИОНИ ЕВРА)** – Со овие средства ќе се плаќаат влезните билети на Република Македонија.

**5.2. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО (2 МИЛИОНИ ЕВРА)** - Целта на овој проект е да го консолидира системот на локалната самоуправа, за да обезбеди инклузивно владеење, но и да создаде општини кои се живи и каде што има активни граѓани кои сакаат да се вклучат во целокупниот раст на државата. Создавањето средина која креира работни места и која е подготвена да се справи со предизвиците на животната средина ќе бидат во фокусот на проектот. Ќе се зајакне и ќе се усогласи сегашната платформа за локален развој и институционалната рамка со оние во државите-членки на ЕУ. Проектот се надоврзува со резултатите очекувани во областите „Реформа на јавната администрација“ и „Развој на приватниот сектор“, градејќи транспарентни, професионални и независни локални демократии кои обезбедуваат ефикасни локални јавни услуги за граѓаните и гарантираат предвидлива локална бизнис-средина за бизнисите и за инвестициите. (Видете, исто така, и во делот „Политички критериуми – Влада“).

## I. РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ПОДГОТВИТЕЛНИ МЕРКИ ЗА УЧЕСТВО ВО ОДРЕДЕНИ АГЕНЦИИ НА ЗАЕДНИЦАТА (2,75 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2007, НАМЕНЕТА ЗА ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА И ЗА ТУРЦИЈА

**ЦЕЛ** – Се премостува јазот од Програмата 2005 до Програмата 2009 за Македонија, заедно со другите држави-кандидатки, за да се подготви учеството во следниве агенции на Заедницата:

- Европскиот центар за развој на стручната обука (European Centre for the Development of Vocational Training – CEDEFOP);
- Службата на Заедницата за сортите растенија (Community Plant Variety Office - CPVO);
- Европската агенција за безбедност и здравје на работа (European Agency for Safety and Health at Work - EU-OSHA);
- Европскиот центар за превенција и контрола на болестите (European Centre for Disease Prevention and Control - ECDC);
- Европската агенција за лекови (European Medicines Agency - EMEA);
- Европската управа за безбедна храна (European Food Safety Authority – EFSA);
- Европската фондација за подобрување на животните и работните услови (European Foundation for the Improvement of Living and Working Conditions - EUROFOUND);
- Европската агенција за безбедност на моријата (European Maritime Safety Agency - EMSA);
- Европскиот центар за мониторинг на дрогата и зависностите од дрога (European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction (EMCDDA), и
- Европската агенција за темелни права (European Fundamental Rights Agency –FRA).

## II. РЕГИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ ЗАРАДИ ИНОВАЦИИ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН (1,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Да се зајакне целокупниот иновативен капацитет на државите од Западен Балкан преку стимулирање на истражувањето и развојот и користејќи го регионалниот потенцијал. Проектот е организиран во работни пакети, и тоа: 1) Градење на административните капацитети за соработка од областа на истражувањето и развојот; 2) Развој на човечките ресурси во областа на истражу-

вањето и развојот на Западен Балкан; 3) Ревитализација на институтите и капацитетите за истражување, развој и соработка со европската инфраструктура; 4) Градење на ИКТ-инфраструктурата за Западен Балкан; 5) Утврдување на регионалните приоритети од областа на истражувањето и развојот за Западен Балкан; 6) Евалуација на исходите од проектите и дисеминација на резултатите, и 7) Управување и координација на проектот. Стратегијата треба: а) да ја зајакне регионалната соработка во областа на истражувањето и развојот; б) да ја поттикне соработката меѓу високообразовните институции и бизнис-секторот; в) да ги истражи можностите за финансирање на истражувачките проекти со постојните средства на ЕУ; г) да ги истражи можностите за подобро искористување на парите од рамковните програми, и д) натаму да го интегрира регионот на Западен Балкан во Европскиот истражувачки простор.

26
Поглавје

# ОБРАЗОВНИЕ И КУЛТУРА

Дваесет и шестото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на образованието и културата и се состои од два дела, и тоа: 1) Образование, обука и млади, и 2) Култура. Македонија има на располагање околу 10 милиони од Националната ИПА и околу 151 милион од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| **Национална ИПА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Подготвителни мерки-Доживотно учење и Младите во акција | 900.000 | 2007 |
| **2.** | ТЕМПУС | 3.500.000 | 2008 |
| **3.** | Конзервација и ревитализација на културно-туристичката локација „Св. Ѓоргија“ во Старо Нагоричане | 1.166.000 | 2009 |
| **4.** | Учество во Доживотно учење и Младите во акција | 4.840.000 | 2010 |
| **Вкупно** | | **10.406.000** | |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **1.** | Програмите Темпус, Еразмус Мундус и Младите во акција (30,55 милиони евра, од кои 6,7 милиони евра се за Македонија | 6.700.000 | 2007 |
| **2.** | Еразмус Мундус, Акција 1: Прозорец Западен Балкан и Турција | 8.000.000 | 2009 |
| **3.** | Еразмус Мундус– Акција 2: Партнерства од Западен Балкан | 12.000.000 | 2009 |
| **4.** | Младите во акција – Прозорец за Западен Балкан | 1.500.000 | 2009 |
| **5.** | Темпус IV | 15.550.000 | 2009 |
| **6.** | Еразмус Мундус Акција 1: Прозорец за Западен Балкан и за Турција | 8.000.000 | 2010 |
| **7.** | Еразмус Мундус, Акција 2: Партнерства, Западен Балкан | 12.000.000 | 2010 |
| **8.** | Младите во акција – Прозорец за Западен Балкан | 1.500.000 | 2010 |
| **9.** | Темпус програма | 13.800.000 | 2010 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **10.** | Еразмус Мундус, Акција 1: Прозорци за Западен Балкан и за Турција | 8.000.000 | 2011 |
| **11.** | Еразмус Мундус, Акција 2: Партнерства за Западен Балкан | 12.000.000 | 2011 |
| **12.** | Млади во акција – Прозорец за Западен Балкан | 1.500.000 | 2011 |
| **13.** | Регионална поддршка за инклузивното образование | 4.645.650 | 2012 |
| **14.** | Еразмус Мундус, Акција 1: Прозорци за Западен Балкан и за Турција | 8.000.000 | 2012 |
| **15.** | Еразмус Мундус, Акција 2: Партнерства за Западен Балкан | 12.000.000 | 2012 |
| **16.** | Младите во акција – Прозорец за Западен Балкан | 3.000.000 | 2012 |
| **17.** | Еразмус Мундус, Акција 1: Прозорци за Западен Балкан и за Турција | 8.000.000 | 2013 |
| **18.** | Еразмус Мундус, Акција 2: Партнерства за Западен Балкан | 12.000.000 | 2013 |
| **19.** | Младите во акција – Прозорец за Западен Балкан | 3.000.000 | 2013 |
| Вкупно | | 151.195.650 | |
| **СЀ ВКУПНО** | | **161.601.650** | |

## 1. ПОДГОТВИТЕЛНИ МЕРКИ ЗА ПРОГРАМИТЕ ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ И МЛАДИТЕ ВО АКЦИЈА (900.000 ЕВРА), ИПА 2007

**ЦЕЛ** – Подобрување и мониторинг на ефективноста на подготовките на државата за учество во програмите Доживотно учење и Младите во акција.

Овој проект ќе се спроведува за да се постигнат следниве резултати:

- Воспоставени административни структури, соодветна инфраструктура, адекватно обучен персонал и системи за управување, за да се исполнат барањата за здраво финансиско работење на програмите Доживотно учење и Младите во акција;
- Информативна кампања (целокупната релевантна документација за програмите е преведена, објавена и дисеминирана низ државата, а засегнатите страни се добро информирани за процедурите за аплицирање;
- Пред акредитацијата за целосно учество во програмите капацитетот на Националната агенција за управување со програмите на задоволителен начин е тестиран на помали пилот-проекти.

## 2. ТЕМПУС (3,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2008

Трансевропската шема за мобилност за универзитетски студии е програма на ЕУ што ја поддржува модернизацијата на високото образование во партнерските држави од Западен Балкан. Придонесува за воспоставување соработка во областа на високото образование меѓу Европската унија и партнерските држави на ЕУ.

Со Темпус управуваат генералните директорати на Европската комисија за образование и култура, за проширување и за надворешна помош. Темпус-проектите се организирани како конзорциуми меѓу државите-членки на ЕУ и партнерските држави.

## 3. КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО – КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНО-ТУРИСТИЧКАТА ЛОКАЦИЈА „СВ. ЃОРГИЈА“ ВО СТАРО НАГОРИЧАНЕ (1,166 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Општата цел на проектот е да придонесе кон зајакнувањето на прекуграничната соработка, преку промоција на заедничкото културно наследство, а со тоа и кон поттикнување на економската регенерација на општината во корист на локалното население и на посетителите. Конкретна цел на проектот е конзервацијата и ревитализацијата на манастирскиот комплекс „Св. Ѓоргија“ во Старо Нагоричане, во согласност со Љубљанскиот процес. Проектот има 4 компоненти, и тоа:

**КОМПОНЕНТА 1:** Подготвителни активности (документација, истражување за конзервација);

**КОМПОНЕНТА 2:** Изготвување проектен дизајн и скица;

**КОМПОНЕНТА 3:** Имплементација на проектот (конзервација и реставрација на црквата „Св. Ѓоргија“, како и на блиската околина), и

**КОМПОНЕНТА 4:** Промотивни активности.

## 4. УЧЕСТВО ВО ПРОГРАМИТЕ ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ И МЛАДИТЕ ВО АКЦИЈА (4.84 МИЛИОНИ), ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Од една страна, да ги кофинансира влезните билети за учество во програмите Доживотно учење и Младите во акција, а од друга страна да го изгради капацитетот на релевантните

административни тела. Се очекува Националната агенција за европски образовни програми и мобилност да може целосно да учествува во овие програми во 2011 година. Со проектот ќе се платат влезните билети за програмите и ќе се спроведат следниве активности: обука на персоналот за модификациите на правилата за користење на програмите; обука на корисниците, со фокус на новите корисници; воспоставување мрежи на регионално и на меѓународно ниво со другите национални агенции и со другите релевантни институции, и мобилност и партнерски проекти за корисниците, како и поддршка на крајните корисници (училиштата, универзитетите, невладините организации, поединците итн.).

## I. ПРОГРАМИТЕ ТЕМПУС, ЕРАЗМУС МУНДУС И МЛАДИТЕ ВО АКЦИЈА (30,55 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2007, НАМЕНЕТА ЗА АЛБАНИЈА, БИХ, ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И КОСОВО

**За Македонија се на располагање вкупно 5,7 милиони евра**

### 1. ТЕМПУС (ЗА МАКЕДОНИЈА - 3,5 МИЛИОНИ ЕВРА)

**ЦЕЛ** – Поддршка на развојот на системите за високо образование преку соработка меѓу локалните високообразовни институции и високообразовните институции од државите-членки на ЕУ, заради забрзување на активното учество на државите од Западен Балкан во заедничкиот Европски високообразовен простор. Со овој проект се придонесува кон социјално-економскиот развој и ќе се применува приодот на еднакви можности. Конкретна цел на проектот е да обезбеди целосна имплементација на реформите на високообразовните институции, во смисла на надградување на квалитетот и управувањето со академските установи, во согласност со политичките, социјалните и економските потреби кои постојано се менуваат, преку реперите на ЕУ.

Од реализацијата на проектот се очекува да го постигне следново:

- натамошно усогласување со стандардите на ЕУ;
- подобрена универзитетска администрација, и
- поголема регионална соработка меѓу универзитетите.

## 2. ЕРАЗМУС МУНДУС (ЗА МАКЕДОНИЈА - 2,2 МИЛИОНИ ЕВРА)

Овој проект се состои од два прозорци, и тоа: 1) Прозорец за Западен Балкан (вкупно 4 милиони евра), и 2) Прозорец за надворешна соработка (вкупно 6 милиони евра).

### *А) Прозорец за Западен Балкан (За Македонија – 700.000 евра)*

**ЦЕЛ** – Да се подобри квалитетот на европското високо образование преку соработка со трети држави, заради подобрување на човечките ресурси и промоција на дијалогот и разбирањето меѓу луѓето и културите. Конкретна цел на овој проект е на висококвалификуваните дипломирани студенти од Западен Балкан да им се овозможи да се вклучат на постдипломски студии при европските универзитети, за да стекнат квалификации и/или искуство во ЕУ и во државите на ЕФТА/ЕЕП, а со тоа да се развие поструктурирана соработка. Проектот ќе обезбеди околу 100 стипендии за студентите од Западен Балкан за да ја поддржи нивната мобилност и да ги подготви учесниците за живот во глобално општество што се базира на знаење.

### *Б) Прозорец за надворешна соработка (За Македонија - 1,5 милиони евра)*

**ЦЕЛ** – Да се развие збогатено и подобро разбирање меѓу државите-членки на ЕУ и државите од Западен Балкан, преку размена на академски персонал и студенти на сите нивоа, со што ќе се подобри нивното знаење и нивните вештини на ниво на високо образование. Конкретна цел на проектот е да создаде оптимални услови – преку мерки за поддршка на квалитетот – за студентите и за академскиот персонал да поминат време (студии, обука, предавања, истражување) на партнерските универзитети. Од овој проект се очекува да го постигне следново:

- Мултилатерална размена на студенти меѓу Европа и државите од Западен Балкан;
- Зголемен капацитет за меѓународна соработка на високообразовните установи од државите на Западен Балкан, преку соработка со квалитетни европски установи (Еразмус повелбата) кои имаат големо искуство во ЕКТС и со имплементација на законодавството што произлегува од Болоњскиот процес;
- Ширење на искуството на ЕУ-универзитетите во рамките на Еразмус размените и имплементација на Болоњскиот процес;
- Поголема видливост на ЕУ-универзитетите, како квалитетна опција во контекст на глобализацијата, и
- Подобрено културно разбирање и почитување на разновидноста.

### 3. МЛАДИТЕ ВО АКЦИЈА (ВКУПНО 1 МИЛИОН ЕВРА)

**ЦЕЛ** – Промоција на размената на младите, како и други активности во областа на неформалното образование на младите, заради градење долготрајни и цврсти партнерства и промовирање на размената на експертизата и знаењето од младинската работа меѓу невладините и владините организации основани во државите-членки на ЕУ и во државите од Западен Балкан. Проектот, исто така, ќе придонесе кон зајакнување на демократијата и на граѓанското општество, со тоа што овозможува интеграција и активно учество на младите луѓе, развивајќи ги младинските структури, како и волонтерскиот сектор.

Од проектот се очекува да го постигне следново:

- Зголемен број меѓукултурни размени, соработка и солидарност меѓу младите во регионот на Западен Балкан, и
- Воспоставени партнерства и контакти меѓу младинските невладини организации од државите од Западен Балкан и оние од ЕУ.

## II. ЕРАЗМУС МУНДУС - АКЦИЈА 1: ПРОЗОРЕЦ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА (8 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Да се постигне подобро разбирање меѓу ЕУ и државите-кандидатки и потенцијални кандидатки на полето на високото образование, преку промоција на мобилноста на студентите. Проектот ќе им овозможи на студентите од Западен Балкан и од Турција да се вклучат на постдипломски студии на европските универзитети и да стекнат квалификации и/или искуство за ЕУ и за ЕФТА-државите. Проектот ќе ги постигне следниве клучни резултати: 1) Студентите од Западен Балкан и од Турција стекнуваат магистратури (заеднички, двојни или повеќекратни) од Еразмус Мундус курсот, и 2) Подобро културно разбирање и почит за различноста.

## III. ЕРАЗМУС МУНДУС – АКЦИЈА 2: ПАРТНЕРСТВА ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН (12 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Да даде придонес за развојот на човечките ресурси и капацитетот за меѓународна соработка на високообразовните институции од Западен Балкан. Проектот ќе овозможи размена на академскиот персонал и на студентите на сите нивоа, а со тоа и зајакнување на нивното знаење и вештини. Проектот ќе ги постигне следниве резултати: 1) Поголема мултилатерална размена на студенти меѓу ЕУ и Западен Балкан; 2) Поголем капацитет за меѓународна соработка на високообразовните институции (Еразмус Повелбата) со големо искуство во ЕКТС и во имплементацијата на Болоњскиот процес; 3) Ширење на искуството на европските универзитети во рамките на Еразмус размените и во имплементацијата на Болоњскиот процес, и 4) Подобрени културни разбирања и почит за различноста.

## IV. МЛАДИТЕ ВО АКЦИЈА – ПРОЗОРЕЦ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН (1,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Да ја зајакне демократијата, граѓанското општество и социјалната инклузија на Западен Балкан преку поттикнување на интеграцијата и активното учество на младите со развојот на младинските организации и со волонтерскиот сектор. Проектот ќе промовира неформално образование и младински сектор преку: поддршка на проектите со партнерски организации, особено на размената на младинци и на оние активни во младинската работа и во младинските организации; поддршка на иницијативите за зголемување на заемното разбирање на младите, како и нивното чувство за солидарност и толеранција и развој на соработката на полето на младите и граѓанското општество на Западен Балкан. Со проектот ќе се постигне следново: 1) Повеќе можности за младите да ја искусат меѓународната мобилност и да стекнат социо-едукативни вештини со чија помош полесно ќе се интегрираат во општеството; 2) Зголемено учество на младите во демократскиот живот и активно граѓанство, особено во однос на младите жени и на оние млади кои имаат помалку можности; 3) Подобрен интеретнички и интеррелигиски дијалог меѓу младите и младинските организации; 4) Развој на долготрајни партнерства и размена на експертиза и знаење во областа на неформалното образование, и 5) Подобрени организациски вештини на организациите од Западен Балкан, особено во однос на управувањето со фондовите на Заедницата.

## V. ТЕМПУС IV (15,55 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Да придонесе за социјалниот и економскиот развој (користејќи еднакви можности) и за зајакнување на граѓанското општество. Проектот ќе ја потпомогне реформата на институциите на високото образование, со тоа што ќе го надгради квалитетот на управувањето на академските институции, во согласност со политичките, социјалните и економските потреби кои постојано се менуваат, како и со реперите на ЕУ. Со проектот ќе се постигнат следниве резултати: 1) Високообразовните институции ќе бидат подготвени да учествуваат во програмата Доживотно учење; 2) Поголема синергија меѓу високообразовното законодавство и политика и институционалната реформа; 3) Подобар капацитет за управување, како и поголема транспарентност и ефикасност при донесувањето на одлуките; 4) Ревидирани наставни програми и планови, во согласност со социјалните и економските потреби; 5) Подобрени вештини на неакадемскиот персонал, релевантни за реформата на јавната администрација и за развојот на граѓанското општество; 6) Обучени професори за современите образовни практики и методологии; 7) Подобрена модерна настава и материјали, со посебен фокус на надградувањето на учебниците, и 8) Поблиска соработка и споделување на ресурсите и искуствата меѓу високообразовните институции на регионално ниво и на ниво на ЕУ.

## VI. ЕРАЗМУС МУНДУС – АКЦИЈА 1: ПРОЗОРЕЦ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ЗА ТУРЦИЈА (8 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Да се постигне подобро разбирање и заемно збогатување на ЕУ, на државите-кандидатки и на потенцијалните држави-кандидатки во областа на високото образование, преку промоција на мобилноста на студентите и на кандидатите за доктори на науки. Клучните резултати од овој проект се: 1) Зголемен број студенти од Западен Балкан и од Турција завршуваат магистерски студии од Еразмус Мундус Мастер курсевите; 2) Зголемен број докторанти од Западен Балкан и од Турција завршуваат докторски истражувања и студии како дел од Еразмус Мундус заедничкиот докторат, и 3) Подобрено културно разбирање и зголемена почит за различноста.

## VII. ЕРАЗМУС МУНДУС - АКЦИЈА 2: ПАРТНЕРСТВА, ЗАПАДЕН БАЛКАН (12 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Да придонесе кон развојот на човечките ресурси и капацитетот за меѓународна соработка на полето на високото образование во државите од Западен Балкан. Со проектот ќе дојде до размена на академскиот персонал и студентите на сите нивоа, а со тоа и до зајакнување на нивното знаење и вештини. Ќе се постигнат следниве резултати: 1) Поголема мултилатерална размена на студенти меѓу ЕУ и Западен Балкан; 2) Поголем капацитет за меѓународна соработка на високообразовните институции, преку соработка со висококвалитетните европски институции (Повелбата Еразмус) со екстензивно искуство со ЕКТС и имплементацијата на Болоњскиот процес; 3) Ширење на искуството од ЕУ универзитетите во рамките на Еразмус и имплементација на Болоњскиот процес, и 4) Подобрено културно разбирање и почит за различноста.

## VIII. МЛАДИТЕ ВО АКЦИЈА – ПРОЗОРЕЦ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН (1,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Зајакнување на демократијата, граѓанското општество и социјалната инклузија на Западен Балкан, со олеснување на интеграцијата и активното учество на младите во општеството преку развој на младинските организации и волонтерскиот сектор. Проектот ќе го промовира неформалното образование и младинскиот сектор во регионот, со тоа што ќе обезбеди поддршка за проектите со партнерските организации, особено размена на младите и оние кои се активни во младинската работа и во младинските организации. Ќе се поддржуваат и иницијативите што ќе го зајакнуваат заемното разбирање на младите, чувството на солидарност и толеранција, како и развојот на соработката на полето на младите и граѓанското општество на Западен Балкан. Како резултат на проектот, младите ќе добијат повеќе можности за меѓународна мобилност и ќе стекнат социо-едукативни вештини со чија помош полесно ќе се интегрираат во општеството. Исто така, младите повеќе ќе учествуваат во демократскиот живот како активни граѓани, особено младите жени и младите со помалку можности. Проектот ќе ги подобри интеретничките односи и интеррелигиозните дијалози меѓу младите и младинските организации и ќе развие долготрајни партнерства, размена на експертиза и знаења, што ќе доведат до подобрени организациски вештини на младите од Западен Балкан, особено за управување со фондовите на ЕУ.

## IX. ТЕМПУС ПРОГРАМА (13,8 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Да придонесе кон социјалниот и економскиот развој – со примена на аспектот на еднакви можности – и јакнење на граѓанското општество. Проектот ќе ја поттикне реформата на високообразовните институции, преку подобрување на квалитетот на управувањето во академските институции, во согласност со политичките, социјалните и економските потреби кои брзо се менуваат и преку доброволна конвергенција на реформите на високото образование во државите-членки на ЕУ. Преоектот: 1) ќе ги подготви високообразовните институции за успешно учество во програмата Доживотно учење; 2) ќе ја зголеми синергијата меѓу високообразовната политика и законодавство и институционалната реформа; 3) ќе го подобри капацитетот за управување, како и транспарентноста и ефикасноста во донесувањето на одлуките; 4) ќе ги ревидира наставните програми и планови, во согласност со социјалните и економските потреби; 5) ќе ги подобри вештините на неакадемскиот персонал, релевантни за реформата на јавната администрација и за развојот на граѓанското општество; 6) ќе ги обучи професорите за современите образовни практики и методологии; 7) ќе ја подобри модерната настава и материјалите, со посебен фокус на надградувањето на учебниците, и 8) ќе овозможи поблиска соработка и споделување на ресурсите и искуствата меѓу високообразовните институции на регионално ниво и на ниво на ЕУ.

## X. ЕРАЗМУС МУНДУС - АКЦИЈА 1: ПРОЗОРЦИ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ЗА ТУРЦИЈА (8 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011

Целта на проектот е да им овозможи на висококвалификуваните студенти од Западен Балкан и од Турција да запишат магистерски и докторски студии на европските универзитети и да стекнат квалификации и/или искуство во државите од ЕУ, ЕФТА и од ЕЕО.

## XI. Еразмус Мундус - Акција 2: Партнерства за Западен Балкан (12 милиони евра), Повеќекорисничка ИПА 2011

Целта на проектот е да овозможи размена на персонал и студенти на сите нивоа, а со тоа и да ги зајакне нивните вештини и знаење. Проектот ќе се спроведе преку јавен повик кон крајот на 2011 година, а критериумите за селекција ќе бидат поврзани со: а) финансиските и оперативните капацитети на апликантот; б) релевантноста на предлог-проектот, и в) предложената методологија.

## XII. МЛАДИТЕ ВО АКЦИЈА – ПРОЗОРЕЦ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН (1,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011

Целта на проектот е да го промовира неформалното образование и секторот млади во регионот преку обезбедување поддршка на проектите со партнерските институции, особено размената на млади и оние кои се активни во работата со младите и со младинските организации, како и иницијативите кои го зајакнуваат заемното разбирање, чувството на солидарност и толеранција, но и развојот на соработката во областа млади и граѓанско општество на Западен Балкан. Проектот ќе им доделува грантови на младинските организации на три јавни повици (септември 2011, февруари 2012 и јуни 2012 година), според критериумите дефинирани во Водичот низ програмата Младите во акција.

## XIII. РЕГИОНАЛНА ПОДДРШКА НА ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ (4.645 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2012

Целта на проектот е да се зајакнат социјалната инклузија и социјалната кохезија во регионот, во согласност со обврските преземени со ЕУ-интеграцијата, преку промовирање на инклузивното образование и обука. Проектот ќе го промовира концептот на инклузивното образование, како и релевантните политики и практики на инклузивното образование во формалниот образовен систем на предуниверзитетско ниво во државите од Западен Балкан, преку подигање на свеста, заемно учење и преку градење на капацитетите. Проектот ќе го спроведува Советот на Европа, а договорот ќе се склучи во првиот квартал од 2013 година.

## XIV. ЕРАЗМУС МУНДУС - АКЦИЈА 1: ПРОЗОРЦИ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА (8 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2012

Целта на проектот е да постигне подобро разбирање и заемно збогатување меѓу државите од ЕУ и државите-кандидатки и потенцијални-кандидатки во областа на високото образование, преку промоција на мобилноста на студентите. Студентите од Западен Балкан и од Турција ќе можат да запишат магистерски и докторски студии на европските универзитети и да стекнат квалификации и/или искуство во државите од ЕУ, ЕФТА и од ЕЕО.

## XV. ЕРАЗМУС МУНДУС - АКЦИЈА 2: ПАРТНЕРСТВА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН (12 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2012

Целта на проектот е да придонесе кон развојот на човечките ресурси и капацитети за меѓународна соработка на високообразовните институции. Ќе се овозможи размена на персонал и студенти на сите нивоа, а со тоа ќе се зајакнат нивните вештини и знаење. Проектот ќе се спроведе преку јавен повик кон крајот на 2012 година, а критериумите за селекција ќе бидат поврзани со: а) финансиските и оперативните капацитети на апликантот; б) релевантноста на предлог-проектот, и в) предложената методологија.

## XVI. МЛАДИТЕ ВО АКЦИЈА – ПРОЗОРЕЦ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН (3 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2012

Целта на проектот е да ја зајакне демократијата, граѓанското општество и социјалната инклузија на Западен Балкан, како и меѓусебното разбирање на младите и чувството на солидарност и толеранција, преку интеграција и активно учество на младите во општеството. Проектот ќе го промовира неформалното образование и секторот млади во регионот, преку обезбедување поддршка на проектите со партнерските институции, особено размената на младите, транснационалните волонтерски сервиси и обука и вмрежувањето на оние кои се активни во младинската работа.

## XVII. ЕРАЗМУС МУНДУС - АКЦИЈА 1: ПРОЗОРЦИ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ЗА ТУРЦИЈА (8 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2013

Целта на проектот е да постигне подобро разбирање и заемно збогатување меѓу државите од ЕУ и државите-кандидатки и потенцијални-кандидатки во областа на високото образование, преку промоција на мобилноста на студентите. Студентите од Западен Балкан и од Турција ќе можат да запишат магистерски и докторски студии на европските универзитети и да стекнат квалификации и/или искуство во државите од ЕУ, ЕФТА и од ЕЕО.

## XVIII. ЕРАЗМУС МУНДУС - АКЦИЈА 2: ПАРТНЕРСТВА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН (12 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2013

Целта на проектот е да придонесе кон развојот на човечките ресурси и капацитетот за меѓународна соработка на високообразовните институции. Ќе се овозможи размена на персонал и студенти на сите нивоа и ќе се зајакнат нивните вештини и знаења. Проектот ќе се спроведе преку јавен повик кон крајот на 2012 година, а критериумите за селекција ќе бидат поврзани со: а) финансиските и оперативните капацитети на апликантот; б) релевантноста на предлог-проектот, и в) предложената методологија.

## XIX. МЛАДИТЕ ВО АКЦИЈА – ПРОЗОРЕЦ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН (3 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2013

Целта на проектот е да ја зајакне демократијата, граѓанското општество и социјалната инклузија на Западен Балкан, како и меѓусебното разбирање на младите и чувството на солидарност и толеранција, преку интеграција и активно учество на младите во општеството. Проектот ќе го промовира неформалното образование и секторот млади во регионот, преку обезбедување поддршка на проекти со партнерските институции, особено размената на млади, транснационалните волонтерски сервиси и обуката и вмрежувањето на оние кои се активни во младинската работа.

27
Поглавје

# ЖИВОТНА СРЕДИНА

Дваесет и седмото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на животната средина и се состои од единаесет дела, и тоа: 1) Хоризонтално законодавство; 2) Квалитет на воздухот; 3) Управување со отпадот; 4) Квалитет на водата; 5) Заштита на природата; 6) Контрола на индустриското загадување и управување со ризици; 7) Хемикалии; 8) Генетски модифицирани организми; 9) Бучава; 10) Шумарство, и 11) Административен капацитет. Македонија има на располагање околу 18 милиони евра од Националната ИПА и околу 24 милиони евра од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Зајакнување на капацитетите на централно и на локално ниво за управување со животната средина | 3.100.000 | 2008 |
| **2.** | Јакнење на институционалните капацитети за преземање и имплементација на законодавството за животната средина во областа на управувањето со водата и заштитата на природата | 2.985.000 | 2009 |
| **3.** | Зајакнување на административните капацитети на централно и на локално ниво за имплементација на европското законодавство за животната средина | 2.625.000 | 2010 |
| **4.** | Јакнење на административниот капацитет на централно и на локално ниво за спроведување на Интегрирано спречување и контрола на загадувањето (IPPC) и на Natura 2000 | 2.310.000 | 2011 |
| **5.** | Јакнење на административните капацитети на централно и на локално ниво за имплементација на европското законодавство за животната средина и климатските промени, Сектор „Животна средина и климатски промени“ | 7.000.000 | 2012-13 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вкупно | | 18.020.000 | |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **1.** | Зајакнување на капацитетите на централно и на локално ниво за управување со животната средина | 3.100.000 | 2008 |
| **2.** | Соработка во областа на цивилната заштита на државите-кандидатки и потенцијалните кандидатки | 4.000.000 | 2009 |
| **3.** | Регионална мрежа за пристапување (Regional Environmental Network for Accession - RENA) | 5.900.000 | 2009 |
| **4.** | Изградба на структура за отпор спрема катастрофите на Западен Балкан и на Турција | 2.200.000 | 2011 |
| **5.** | Соработка во областа на цивилната заштита на државите-кандидатки и потенцијални кандидатки, (фаза II) | 2.000.000 | 2012 |
| **6.** | Превенција, подготвеност и реакција на поплавите во државите од Западен Балкан и во Турција | 2.000.000 | 2013 |
| **7.** | Регионална пристапна мрежа за животна средина и климатски промени (Environment and Climate Regional Accession Network – ECRAN) | 5.000.000 | 2013 |
| Вкупно | | 24.200.000 | |
| **СЀ ВКУПНО** | | **42.220.000** | |

## 1. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЦЕНТРАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (3.1 МИЛИОН ЕВРА), ИПА 2008

**ЦЕЛ** – Да им помогне на централните и на локалните власти за да ги зајакнат административните капацитети за управување со животната средина, преку изготвување закони и спроведување на подзаконските акти кои се усогласени со директивите на ЕУ за животната средина, особено во областа на квалитетот на воздухот, управувањето со отпадот, како и релевантните аспекти на Интегрираното спречување и контрола на загадувањето (IPPC) и Оценката на влијанието врз животната средина (EIA).

Со овој проект ќе се постигнат следниве резултати:

**КОМПОНЕНТА 1: Зајакнување на административните капацитети на централно и на локално ниво, со посебен осврт на управувањето со отпадот, како и на аспектите поврзани со IPPC и со EIA.**

Усогласено законодавство за управување со отпадот со она на ЕУ;

Направена е проценка на институционалниот капацитет на централно и на локално ниво, изготвен е акциски план за подобрување на институционалните капацитети, спроведени приоритени акции;

Направена е проценка на реалните механизми за координација меѓу локалното, регионалното и централното ниво, изготвен е акциски план и се спроведени приоритетни акции;

Направена е проценка на тековните извршни капацитети на локално и на централно ниво, изготвен е акциски план и се спроведени приоритетни акции;

Проценка на потребите за обука и изготвен акциски план за обука и спроведени приоритените обуки од областа на управувањето со отпадот, како и со аспектите поврзани со IPPC и EIA.

Набавена е опрема за размена и управување со информации од областа на управувањето со отпадот.

**КОМПОНЕНТА 2: Зајакнување на административните капацитети на централното и на локално ниво, со посебен осврт на квалитетот на воздухот**

- Направена е проценка на потребите од обука, изготвен е акциски план за обука и спроведени се приоритетните обуки;
- Направена е проценка на институционалниот капацитет на централно и на локално ниво, изготвен е акциски план за подобрување на институционалните капацитети, спроведени се приоритетни акции;
- Направена е проценка на извршните капацитети на локално и на централно ниво, изготвен е акциски план и спроведени се приоритетни акции;
- Подобрени се способностите за проценување и прогнозирање на квалитетот на воздухот, преку поддршка на процесот за правење модели и со обезбедување на потребниот метеоролошки инпут што е неопходен за дисперзираните модели на регионално ниво;
- Обезбедена е опрема за мониторинг на воздухот и систем за управување со податоците.

## 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ОБЛАСТА НА УПРАВУВАЊЕТО СО ВОДАТА И ЗАШТИТАТА НА ПРИРОДАТА (2.985 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Општата цел на проектот е да придонесе кон одржливо управување со животната средина во државата. Конкретната цел на проектот е натамошно преземање на ЕУ законодавството од

областа на животната средина, преку зајакнување на административните капацитети за управување со водата и со заштитата на природата. Проектот ќе обезбеди советодавна и материјална поддршка за централната и за локалната администрација. Проектот има две компоненти, и тоа:

**КОМПОНЕНТА 1:** Зајакнување на административните капацитети за конзервација и мониторинг на биоразновидноста и природното наследство, и

**КОМПОНЕНТА 2:** Зајакнување на административните капацитети за управување со водата.

## 3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ЦЕНТРАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЕВРОПСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (2.625 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Зајакнување на капацитетите на инспекторатите и на општините, преку анализа на административните капацитети, подобрување на координацијата меѓу централното и локалното ниво, изготвување прирачници, обезбедување на неопходната обука и развивање процедури за известување и за соработка меѓу одговорните тела. Проектот ќе го поддржи Државниот инспекторат за животната средина, за тој да ја зајакне својата улога при контролирањето и за да може да спроведува мерки против загадувањето, во согласност со Законот за животната средина и другите закони од областа. Тоа ќе има позитивно влијание на овој сектор во државата, но и во процесот на пристапување во ЕУ. Се очекува зголемените капацитети на локално ниво да помогнат во решавањето на локалните проблеми и спорови наместо да се пренесуваат на централно ниво. Проектот ќе ги зајакне и капацитетите за спроведување инспекција на квалитетот на воздухот и на прекуграничните водни тела, така што ќе има директно влијание на намалувањето на прекуграничното загадување.

## 4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ КАПАЦИТЕТ НА ЦЕНТРАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕГРИРАНОТО СПРЕЧУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ЗАГАДУВАЊЕТО (IPPC) И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА NATURA 2000 (2.31 МИЛИОН ЕВРА), ИПА 2011

**ЦЕЛ** – Зајакнување на локалните капацитети за имплементација на европската директива за IPPC, како и на административниот капацитет на Министерството за животна средина и просторно пла-

нирање (особено Секторот за индустриско загадување и управување со ризик (IPRM) и Секторот за природа, кои се дел од администрацијата на животната средина) и единиците на локалната самоуправа, со цел да се имплементираат обврските што произлегуваат од Законот за животната средина, кој е хармонизиран со Директивата IPPC 2008/1/ЕС и Директивата LCP (2001/80/ЕС), VOC (94/63/ЕС). Со проектот ќе започнат и подготовките за изменување и дополнување на Законот за животната средина, како и подготовките за новите закони поврзани со новата директива за индустриските емисии. Проектот ќе гради капацитети за спроведување на директивата за Natura 2000.

### 5. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ЦЕНТРАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЕВРОПСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ, СЕКТОР „ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ“ (7 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2012-2013

Со овој проект ќе се придонесе кон процесот на транспонирање и имплементација на законодавството од областа на животната средина и климатските промени, но и ќе се помогне во градењето на капацитетите на национално и на локално ниво. Координацијата меѓу овластените тела значително ќе се подобри. Проектот ќе има неколку компоненти, и тоа: 1) Управување со цврст отпад; 2) Управување со води; 3) Управување со воздух; 4) Заштита од бучава; 5) Индустриско загадување, и 6) Климатски промени и заштита на природата.

## I. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (1,6 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2007 НАМЕНЕТА ЗА АЛБАНИЈА, БИХ, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И КОСОВО

Проектот се состои од три приоритетни оски (или три потпроекти), и тоа:

***1. Поддршка на подготовката за инвестиции на работната група за Дунав-Црно Море (600.000 евра)***

**ЦЕЛ** – Проектот ќе го олесни преземањето на европското законодавство од областа на водите, преку идентификација на приоритетните цели кои се заеднички за државите-кориснички и со

поттикнување на пострартегиски фокус на искористувањето на расположливите финансии со координирана акција меѓу сите финансиски инструменти во регионот. Конкретната цел на проектот е да ги подобри инвестициите во проекти кои се поврзани со заштитата на водата и на водните еко-системи на Дунав и Црно Море. Овој проект има за цел:

- Полесен дијалог меѓу засегнатите страни, во смисла на финансирање на регионот;
- Да подготви инвестициски проекти кои имаат за цел да го подобрат квалитетот на водата во 4 целни држави;
- Да промовира реформа и модернизација на водните администрации во државите;
- Да промовира соработка и вмрежување во регионот, и
- Да го зголеми искуството на државите, на сите засегнати страни вклучени во структурирањето на инвестициите - од техничка, финансиска и од правна гледна точка – во подготовката на идните инвестициски активности предвидени со шемите на Заедницата и меѓународните финансиски институции.

***2. Мониторинг, преземање и имплементација на ЕУ-законодавството од областа на животната средина (500.000 евра)***

**ЦЕЛ** – Проектот ќе направи проценка за тоа до кое ниво ЕУ-законодавството за животната средина е преземено и имплементирано во Албанија, Македонија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и во Косово. Овој проект:

- ќе помогне да се провери до која мера законодавството на ЕУ за животната средина е донесено во целните држави-корисннички и ќе овозможи ажурирање на помошниот материјал за преземање на законодавството;
- ќе обезбеди алатки и методологија за проверка и проценка на напредокот на државите-корисннички во нивната подготовка за интеграција во ЕУ, особено во смисла на преземање и имплементација на законодавството на ЕУ за животната средина, и
- ќе го поддржи собирањето и управувањето со ажурираните информации за подготвеноста на секоја држава во секторот на животната средина.

***3. Развој на капацитетите на еколошките невладини орагнизации, преку трансфер на најдобрите практики од еколошките НВО од ЕУ-27 (500.000 евра)***

**ЦЕЛ** – Проектот ќе им помогне на невладините организации да ги развијат своите целосни потенцијали како партнери во имплементацијата на политиката за заштита на животната средина. Проектот ќе обезбеди трансфер на некои од најдобрите практики од ЕУ-27 на еколошките организации од државите-кандидатки и потенцијални-кандидатки, преку грантови и твининг-аранжмани и програми за размена на капацитети.

## II. СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦИВИЛНАТА ЗАШТИТА НА ДРЖАВИТЕ-КАНДИДАТКИ И ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ КАНДИДАТКИ (4 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Намалување на ранливоста на државите-кориснички на природни катастрофи или непогоди конструирани од човекот на локално, национално и на регионално ниво. Проектот ќе ги доближи државите до механизмот на Заедницата за цивилна заштита и ќе придонесе за развој на нивните капацитети за цивилна заштита. Проектот ќе ги постигне следниве резултати: 1) Зголемени капацитети преку обука, вежби и размена на експерти; 2) Зголемена способност за обезбедување и примање помош за време на катастрофи, вклучувајќи и поддршка на заложници; 3) Зголемена соработка за системот за рано предупредување; 4) Зголемени капацитети за градење на 112-центри; 5) Зголемена култура на „најдобри практики“ од областа на цивилната заштита, и 6) Поголеми капацитети за користење на ИПА и поголема свест за механизмот на Заедницата.

## III. РЕГИОНАЛНА МРЕЖА ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ (REGIONAL ENVIRONMENTAL NETWORK FOR ACCESSION - RENA), (5,9 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Зајакнување на регионалната соработка во државите од Западен Балкан и Турција во областа на животната средина, во процесот на пристапување во ЕУ. Со проектот ќе се воспостави регионална мрежа RENA и ќе се смислат алатки за помош на државите-кориснички за хармонизирање на законодавството и за подобрување на нивните капацитети за дизајнирање соодветни механизми за интервенција, во согласност со европското право. Проектот ќе ги постигне следниве резултати: 1) Подобра регионална соработка меѓу властите; 2) Воспоставени ефикасни институционални рамки и технички аранжмани; 3) Подобрено јавно учество во планирањето на живот-

ната средина; 4) Подобрена транспозиција и имплементација на законодавството за животната средина; 5) Подобрени вештини за законодавството; 6) Идентификувани проекти и инвестиции; 7) Воспоставени искусни групи за размена и мрежи, и 8) Подобрена прекугранична соработка поврзана со политиката, законодавството и инвестициите од областа на животната средина.

## IV. ИЗГРАДБА НА СТРУКТУРА ЗА ОТПОР СПРЕМА КАТАСТРОФИ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА (2,2 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2011

Целта на проектот е да ги зајакне државите-кориснички во областа на намалувањето на ризикот од катастрофи и адаптацијата кон климатските промени. Проектот ќе го спроведе Меѓународната стратегија за намалување на катастрофите на Обединетите нации (United Nations International Strategy for Disaster Reduction – UNISDR), заедно со Светската метеоролошка организација (World Meteorological Organisation – WMO).

## V. СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦИВИЛНАТА ЗАШТИТА НА ДРЖАВИТЕ-КАНДИДАТКИ И ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ КАНДИДАТКИ, ФАЗА II, (2 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2012

Целта на проектот е да ја намали ранливоста на државите-кориснички на природните и човечките катастрофи на локално, национално и на регионално ниво. Ќе се зголеми способноста за ефективна интеракција со механизмот на ЕУ за цивилна заштита и за итна интервенција. Државите-кориснички ќе развијат ефективни национални системи за цивилна заштита и регионална соработка врз основа на најдобрите европски и регионални практики.

## VI. ПРЕВЕНЦИЈА, ПОДГОТВЕНОСТ И РЕАКЦИЈА НА ПОПЛАВИТЕ ВО ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА (2 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2013

Целта на проектот е да ги зајакне капацитетите на релевантните власти за правилно менаџирање на ризикот од поплави на национално, регионално и на ниво на ЕУ. Ќе се работи на изготвување

ефективни национални системи за цивилна заштита и на соработката (на кохерентен начин) при справувањето со поплавите. Исто така, ќе се поддржат државите-кориснички во транспонирањето на директивата за поплави на ЕУ.

## VII. РЕГИОНАЛНА ПРИСТАПНА МРЕЖА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМА (ENVIRONMENT AND CLIMATE REGIONAL ACCESSION NETWORK – ECRAN), (5 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2013

Овој проект е продолжение на регионалната мрежа RENA. Проектот има за цел да ја зајакне регионалната соработка меѓу државите-кориснички во областа на животната средина и климатските промени, во контекст на пристапувањето во ЕУ. На државите ќе им се помогне при хармонизирањето на законодавството на ЕУ поврзано со овие области и ќе се подготват за преговорите во Поглавје 27 (Животна средина и климатски промени). Со проектот ќе се внесат овие заложби низ сите јавни политики и ќе се подигне свеста но и ќе се промовира министерска соработка. На корисниците ќе им се помогне да се справат со трансграничните прашања од областа на животната средина и климатските промени кои се директно поврзани со националните политики. Ќе се зајакнуваат и капацитетите на граѓанските организации кои ги следат овие прашања.

# 28 Поглавје

# ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЗДРАВЈЕ

Дваесет и осмото поглавје од правните критериуми кое се занимава со прашањето на заштитата на потрошувачите се состои од два дела, и тоа: 1) Заштита на потрошувачите, и 2) Јавно здравство. Македонија има на располагање околу 1,8 милиони од Националната ИПА. Во Повеќекорисничката ИПА не се предвидени средства за ова поглавје, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Зајакнување на системот за безбедност на крвта | 897.150 | 2009 |
| **2.** | Правно усогласување и градење на капацитетите во областа на заштитата на потрошувачите | 990.000 | 2010 |
| **Вкупно** | | **1.887.150** | |

## 1. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КРВТА (897.150 ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Обезбедување квалитетна, ефикасна и континуирана здравствена заштита за населението во Република Македонија со гарантирање безбедна крв и крвни компоненти, како и преку заштита на населението од преносливи болести. Конкретната цел на проектот е да го зајакне системот за безбедност на крвта, преку правилно спроведување на националното законодавство усогласено со она на ЕУ, како и преку обезбедување безбедно, оптимално и самоодржувачко снабдување со крв и крвни компоненти на сите здравствени установи во државата. Проектот има шест компоненти:

**КОМПОНЕНТА 1:** Подготвување и донесување на збирка на регулативи за безбедноста на крвта;

**КОМПОНЕНТА 2:** Подготвување на Правилник за безбедноста на крвта;

**КОМПОНЕНТА 3:** Подготвување на Прирачник за практичарите за безбедноста на крвта;

**КОМПОНЕНТА 4:** Подготвување на општи програми за обука за здравствените професионалци кои работат во новиот интегриран систем за трансфузија на крв;

**КОМПОНЕНТА 5:** Одржана конкретна обука на самото место, и

**КОМПОНЕНТА 6:** Набавка на неопходната опрема.

## 2. ПРАВНО УСОГЛАСУВАЊЕ И ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ (990.000 ЕВРА), ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Проектот ќе помогне во насока на усогласување на националното законодавство со европското законодавство и во градењето на капацитетите на релевантните институции, но и во подигањето на јавната свест на полето на заштитата на потрошувачите, особено за правата на потрошувачите и за правото на добивање информации за безбедноста на производите. Со проектот ќе се подобри нивото на заштита на потрошувачите и ќе се приближи до нивото во државите од ЕУ, преку усогласување на националното законодавство во оваа област со она на ЕУ, и ќе се зајакнат капацитетите на Министерството за економија (МЕ), но и ќе се дисеминираат информации и ќе се зголеми знаењето за правата на потрошувачите, преку градење на капацитетите на невладините организации. Проектот ќе му помогне на МЕ да обезбеди адекватна инфраструктура за развивање, имплементирање и мониторирање на политиките за заштита на правата на потрошувачите. Проектот ќе го зајакне и координативното тело за ефективна и транспарентна пазарна инспекција и ќе обезбеди обуки за подигање на свеста. Проектот, исто така, ќе обезбеди и директна финансиска поддршка за невладините организации и ќе има две грант-шеми.

29
Поглавје

# ЦАРИНСКА УНИЈА

Дваесет и деветтото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на царинската унија и се состои од два дела, и тоа: 1) Царинско законодавство, и 2) Царинска управа. Македонија има на располагање околу 27,5 милиони евра од Националната ИПА и околу 17 милиони евра од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Поддршка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на Царината | 3.000.000 | 2007 |
| **2.** | Интегрирано гранично управување | 5.950.000 | 2008 |
| **3.** | Зајакнување на капацитетот на Царинската управа | 3.500.000 | 2008 |
| **4.** | Зајакнување на капацитетот на Царинската управа | 2.910.000 | 2009 |
| **5.** | Зајакнување на капацитетот на Царинската управа за имплементација на законодавството за царини и акцизи | 1.800.000 | 2010 |
| **6.** | Поддршка за Царинската управа за имплементација на Националниот систем за контрола на акцизите | 2.225.000 | 2011 |
| **7.** | Јакнење на оперативните и на институционалните капацитети на Царинската управа - Сектор „Развој на приватниот сектор | 8.100.000 | 2012-2013 |
| Вкупно | | 27.485.000 | |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **1.** | Канцеларија за царинска и фискална помош за Западен Балкан (Customs and Fiscal Assistance Office - CAFAO) и техничка помош за царинските и за даночните управи (Technical Assistance to Customs and Taxation Administrations -TACTA) | 13.720.000 | 2007 |
| **2.** | Регионално проектирање на царините и даночните управи | 1.450.000 | 2009 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.** | ИТ-интерконективност и оперативен капацитет на царинските и на даночните управи | 500.000 | 2009 |
| **4.** | Систематска електронска размена на податоци (Systematic Electronic Exchange of Data – SEED) на Западен Балкан | 1.300.000 | 2010 |
| Вкупно | | 16.970.000 | |
| **СÈ ВКУПНО** | | **44.455.000** | |

## 1. ПОДДРШКА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ЦАРИНАТА (3 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2007

**ЦЕЛ** – да се придонесе кон градењето професионална Царинска управа, која може правилно да ги спроведува реформите, водејќи сметка за ЕУ-регулативата и за најдобрите практики.

Со проектот ќе се постигнат следниве резултати:

**КОМПОНЕНТА 1:** Натамошно усогласување на царинското законодавство со она на ЕУ, преку:

- Изработка на GAP-анализа;
- Натамошно усогласување на закондавство во областа на царината, особено поради измените во Законот за царините на Заедницата и подзаконските акти кои ќе се применуваат од 1.1.2008. Царинската управа, преку процесот на преговарање, треба да може да го спроведува новиот модернизиран царински закон на ЕУ, кој ќе влезе во сила во 2010 година, и
- Забрзување и потврдување на транспонирањето на царинското законодавство на ЕУ, преку детална компарација на сегашниот статус на Царинската управа со оној на ЕУ-законодавството и донесување соодветен Акциски план кој подразбира здрави стратегиски планови на сите нивоа

**КОМПОНЕНТА 2:** Натамошно зајакнување на граничните контроли, преку:

- подобрен квалитет на оперативното царинско работење;
- целосно воспоставен систем за проверка на стоките и за наплата на приходи, кој е ефикасен, поедноставен и целосно автоматизиран;
- зајакнат капацитет во борбата против измамите и шверцувањето дрога, преку имплементација на модерни техники и воспоставување модерна разузнавачка мрежа и информативен систем;

- подобрени иницијативи во борбата против корупцијата и подобрена транспарентност на Царинската управа;
- подобра координација и соработка меѓу Царинската управа, бизнис-заедницата (трговците) и другите агенции, преку институционализација на консултативни и комуникациски механизми, и
- царинските кучиња за детекција на дрога се поставени и оперативни на клучните гранични премини.

**КОМПОНЕНТА 3:** Подобрување на ИТ-системот на Царинската управа преку:

- Барањата на ЕУ за интероперабилноста се исполнети;
- Ажурирана ИТ-стратегија за Царината, врз основа на нова DPSS;
- Натамошен развој на поедноставени процедури за жалби на трговците;
- Обезбедено производство на квалитетни пораки и размена на податоци на владино ниво, како и на ниво бизнис–Влада;
- Зајакната стратегија за интерконективност (IIS);
- Изготвени проектни задачи (ToR) за ITMS и NCTS барањата за интерконективност на новиот DPSS;
- Воведена TEMPO-методологија и обучен кадар;
- Обезбедена размена на информации меѓу националните администрации, како и со трговците, преку зајакнати ИТ-системи на Царината за интероперабилност (TARIC, NCTS), и
- Набавка на селектирани ИТ-инфраструктурни елементи.

## 2. ИНТЕГРИРАНО ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ (5,95 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2008

**ЦЕЛ** – Подобрување на постојниот радиокомуникациски систем и надградба на граничните точки во Македонија (на границата со Србија, Косово – 1244)

Со овој проект, ќе се постигнат следниве резултати:

**КОМПОНЕНТА 1:** Натамошна поддршка за имплементацијата на TETRA-стандардите, и

**КОМПОНЕНТА 2**: Надградба на граничните точки (со Србија, Косово – 1244)

## 3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА (3,5 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2008

**ЦЕЛ** – Зајакнување на оперативниот капацитет на Царинската управа, во согласност со ЕУ-стандардите, во областа на контролата на транзитот на царините на Европските заедници, заради целосна компатибилност и интероперабилност на CARM ИКТ-системот со NCTS, и постигнување целосна интерконективност со EU/DG TAXUD-системите, што ќе овозможи размена на податоци по пат на Заедничката комуникациска мрежа и Заедничкиот интерфеис систем (CCN/CSI).

Проектот има три компоненти:

**КОМПОНЕНТА 1: Поддршка на управувањето за имплементација на NCTS;**

**КОМПОНЕНТА 2: Имплементација на NCTS**

а) Надградба на националната транзит-апликација, и

б) Изготвување софтвер.

**КОМПОНЕНТА 3:** Имплементација на CCN/CSI.

## 4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА (2,91 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Усогласување на Република Македонија со барањата на ЕУ од областа на Community Integrated Tariff Environment (CITE), за државата да биде поблиску до пазарот на ЕУ и до Царинската унија. Конкретната цел на овој проект е зајакнување на оперативниот капацитет на Царинската управа, во согласност со ЕУ стандардите во областа на царините и даноците на Европската заедница и обезбедување целосна компатибилност и интероперабилност на ИТ-системите на Царинската управа со оние на ЕУ. (Integrated Tariff Environment (ITE) системи се TARIC, European Binding Tariff Information (EBTI), Quota, Surveillance, European Customs Inventory of Chemical Substances (ECICS). Проектот има 3 компоненти, и тоа:

**КОМПОНЕНТА 1:** Поддршка за ITE Management;

**КОМПОНЕНТА 2:** ITE Development – Software Development Service Contract, и

**КОМПОНЕНТА 3:** Набавка на неопходна опрема.

## 5. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

### НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ЦАРИНИ И АКЦИЗИ, (1.8 МИЛИОНА ЕВРА) – ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Натамошно усогласување на царинското законодавство и процедурите со оние во европското законодавство, како и зајакнување на административниот и оперативниот капацитет на Царинската управа да обезбеди спроведување на законите за царина и акцизи и да се обезбеди континуитет во пристапувањето кон Конвенцијата за заеднички транзит-процедури (Convention on Common Transit Procedures) и кон Конвенцијата за поедноставување на трговијата со стоки (Convention for simplification in trade in goods). Проектот ќе ја подобри организацијата и управувањето во Царинската управа, вклучувајќи го и оперативниот капацитет за олеснување на трговијата, и ќе го зацврсти меѓународниот синџир на набавки, поддржано со соодветни контролни механизми и ИТ-системи.

### 6. ПОДДРШКА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИОТ СИСТЕМ ЗА КОНТРОЛА НА АКЦИЗИТЕ (2.225 МИЛИОНА ЕВРА), ИПА 2011

**ЦЕЛ** – зајакнување на оперативниот капацитет на Царинската управа на РМ, во согласност со стандардите на ИТ-системите во ЕУ во клучните царински и даночни бизнис-области од Царината на европската заедница (European Community Customs). Проектот ќе обезбеди спроведување на законодавството за акцизи и за контрола на движењето на акцизните стоки, како и целосна компатибилност и интероперабилност на ИКТ-системите на Царинската управата на РМ со ИКТ-системите на ЕУ (European Union/DG TAXUD systems). Проектот ќе го имплементира системот за акцизи (Excise System) за контрола и движење на акцизните стоки компатибилно со Системот за контрола на движењето на акцизите (Excise Movement Control System) за да се исполнат ЕУ-стандардите во оваа област.

### 7. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИТЕ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА (СЕКТОР „РАЗВОЈ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР", (8,1 МИЛИОН ЕВРА), ИПА 2012-2013)

Целта на проектот е дополнително да ги зајакне административните капацитети на Царинската управа, особено за спроведување на барањата на ЕУ, и да ја донесе државата поблиску до пазарот на ЕУ и до Царинската унија. Посебно внимание ќе се посвети на областа на незаконското тргу-

вање со стоки, на олеснувањето на трговијата и натамошното развивање на царинските работи и процедури. (Видете го целото секторско фише во делот „Економски критериуми).

## I. КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ЦАРИНСКА И ФИСКАЛНА ПОМОШ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН (CUSTOMS AND FISCAL ASSISTANCE OFFICE - CAFAO) И ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА ЦАРИНСКИТЕ И ДАНОЧНИТЕ УПРАВИ (TECHNICAL ASSISTANCE TO CUSTOMS AND TAXATION ADMINISTRATIONS – TACTA) (13,72 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2007, НАМЕНЕТА ЗА АЛБАНИЈА, БИХ, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И КОСОВО

**ЦЕЛ** – Македонија учествува само во CAFAO и средствата од 0,5 милиони евра се наменети за помош при усогласувањето на општите царински давачки, со оние на ЕУ и за модернизација на националните ИТ-системи од областа на царините и даноците.

## II. РЕГИОНАЛНО ПРОЕКТИРАЊЕ НА ЦАРИНИТЕ И НА ДАНОЧНИТЕ УПРАВИ, (1,45 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2009

**ЦЕЛ** – Да се направи проценка на административните капацитети на царинските и даночните управи на Албанија, Босна, Македонија, Црна Гора, Србија, Косово и Турција, користејќи ја рамката што ја нуди Customs and Fiscal Blueprints, објавена од Генералниот директорат за даноци и Царинската унија, за да се поддржи работата на овие институции во државите од Западен Балкан. Проектот се состои од 2 компоненти, и тоа:

**КОМПОНЕНТА I:** Проценка (поединечна проценка на сите држави), и

**КОМПОНЕНТА I:** Обука и подигање на свеста.

## III. ИТ-ИНТЕРКОНЕКТИВНОСТ И ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ НА ЦАРИНСКИТЕ И НА ДАНОЧНИТЕ УПРАВИ (500.000 ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА-2009

**ЦЕЛ** – Натамошна помош на државите-кориснички за воведување на ИТ-интерконективност и интероперабилност во областа на царините и даноците. Проектот ќе обезбеди насоки и специјализирана помош за државите-кандидатки и потенцијални кандидатки за да се идентификуваат техничките барања на нивните национални ИТ- стратегии и планови, кои ќе бидат кохерентни со ИТ-барањата на ЕУ за интерконективност. Проектот ќе направи проценка на напредокот, но и ќе изготви патокази за постигнување на конечната усогласеност со ЕУ.

## IV. СИСТЕМАТСКА ЕЛЕКТРОНСКА РАЗМЕНА НА ПОДАТОЦИ (SYSTEMATIC ELECTRONIC EXCHANGE OF DATA – SEED) НА ЗАПАДЕН БАЛКАН (1,3 МИЛИОНИ ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Да се зајакнат административните капацитети на корисниците при размената на информациите со другите регионални агенции што го спроведуваат законот. Проектот ќе ги гради капацитетите на царинските управи од регионот, преку имплементирање на систематско решение за заеднички концепт или регионален стандард при размената на царинските податоци меѓу корисниците, врз основа на кодирани информации пред-пристигнување во „real-time“. Истовремено, ќе се воспостави стандард за структурирана размена на податоци со другите заинтересирани страни и иницијативи (на пример, e-TIR, RacWeb, итн.). Со проектот ќе се имплементираат процедурите и технички ќе се реализира размената (регионален стандард) во рамките на царинските управи на Западен Балкан. Статусот на ИТ ќе се проценува редовно (барем еднаш годишно).

30
Поглавје

# НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ

Триесеттото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на надворешните односи и се состои од четири дела, и тоа: 1) Заедничка трговска политика; 2) Билатерални договори со трети држави; 3) Развојна политика и хуманитарна помош, и 4) Заштита и спасување. Македонија нема предвидено средства за ова поглавје ниту во Националната ИПА, ниту, пак, се испрограмирани средства во Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| | / | 0 | 0 |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| | / | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | | **0** | |

31

Поглавје

# НАДВОРЕШНА, БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА

Триесет и првото поглавје од правните критериуми кое се занимава со прашањето на надворешната, безбедносната и одбранбената политика се состои од три дела, и тоа: 1) Политички дијалог; 2) Заедничка надворешна и безбедносна политика, и 3) Европска безбедносна и одбранбена политика. Македонија нема предвидено средства за ова поглавје, ниту во Националната ИПА, ниту, пак, се испрограмирани средства во Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| **Национална ИПА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| | / | 0 | 0 |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| | / | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | | **0** | |

32
Поглавје

# ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

Триесет и второто поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на финансиската контрола и се состои од три дела, и тоа: 1) Јавна внатрешна контрола и надворешна ревизија; 2) Заштита на финансиските интереси на ЕУ, и 3) Фалсификување на еврото. Македонија има на располагање околу 3 милиони евра од Националната ИПА и околу 1 милион евра од Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| **1.** | Поддршка на фискалната децентрализација преку зајакнување на капацитетите за внатрешна финансиска контрола на локално и на централно ниво | 1.350.000 | 2008 |
| **2.** | Техничка помош за зајакнување на капацитетите на Државниот завод за ревизија, компонента 5 од секторот „Реформа на јавната администрација“ | 1.480.000 | 2012-2013 |
| **Вкупно** | | **2.830.000** | |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| **1.** | Подобрување на управувањето со јавните финансии во државите од Западен Балкан | 1.000.000 | 2010 |
| **Вкупно** | | **3.830.000** | |

## 1. ПОДДРШКА НА ПРОЦЕСОТ НА ФИСКАЛНА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА, ПРЕКУ ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА НА ЛОКАЛНО И НА ЦЕНТРАЛНО НИВО (1,35 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2008

**ЦЕЛ** – Да му се помогне на Министерството за финансии и на Министерството за локална самоуправа, како и на општинската администрација, да ги воспостават, зајакнат и да ги следат системите за внатрешна контрола во единиците на локалната самоуправа.

Со овој проект ќе се постигнат следниве резултати:

**КОМПОНЕНТА 1:** Зајакнување на внатрешната финансиска контрола во јавниот сектор и капацитетите на централно ниво, и

**КОМПОНЕНТА 2:** Зајакнување на капацитетите за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор на локално ниво.

## 2. ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА, КОМПОНЕНТА 5 ОД СЕКТОРОТ „РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА“ (1,48 МИЛИОНИ ЕВРА), ИПА 2012-2013

Со проектот ќе се подобри надворешната комуникација на институцијата, ефикасноста во планирањето ревизии, континуираниот развој на професионалните и техничките вештини на ревизорите и управата, подобра соработка на Државниот завод за ревизија и Собранието, надградба на ИТ-системите итн. (Проектот предвидува твининг во вредност од 1,33 милиони евра и набавки вредни приближно 150.000 евра).(Целото секторско фише видете го во делот Реформа на јавната администрација).

## I. ПОДОБРУВАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕТО СО ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ ВО ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН (1 МИЛИОН ЕВРА), ПОВЕЌЕКОРИСНИЧКА ИПА 2010

**ЦЕЛ** – Подобра искористеност на ресурсите во државите и подобрена отчетност и транспарентност за јавните фондови, преку подобрување на управувањето со јавните финансии во економиите

на Западен Балкан. Проектот ќе обезбеди платформа за систематско подобрување на управувањето со јавните финансии во целиот регион, преку координирани акции на донатори кои ќе користат заедничка аналитичка рамка за дијагностицирање (PEFA-методологија) заради насочување на интервенцијата и поттикнување на соработката и дијалогот меѓу корисниците. Проектот ќе има три компоненти:

**КОМПОНЕНТА 1:** утврдување на статусот на управувањето со јавните финансии со помош на PEFA или на слични алатки;

**КОМПОНЕНТА 2:**поддршка на реформите на управувањето со јавните финансии, и

**КОМПОНЕНТА 3:** поддршка за проширување на реформското знаење и способност.

33

Поглавје

# ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ

Триесет и третото поглавје од правните критериуми се занимава со прашањето на финансиските и буџетските одредби и се состои од два дела, и тоа: 1) Сопствени ресурси на ЕУ, и 2) Измами кај царинските давачки и ДДВ. Македонија нема предвидено средства за ова поглавје ниту во Националната ИПА, ниту, пак, се испрограмирани средства во Повеќекорисничката ИПА, што може да се види од следнава табела:

| Национална ИПА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Проект | Износ € (евра) | Година |
| | / | 0 | 0 |
| **Повеќекорисничка ИПА** | | | |
| | / | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | | **0** | |